**СОДРЖИНА**


**1. ИДЕНТИФИКАЦИЈА ... 6**

**2. РЕЗИМЕ НА ПРОГРАМАТА ... 6**

**3. ИСТОРИЈАТ НА ЗЕМЈАТА ... 7**

**4. ДОСЕГАШНА ПОМОШ ОД ЕЗ И ДРУГИ ДОНАТОРИ ... 9**

**5. КОНТЕКСТ НА ПРОГРАМАТА И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ ... 10**

**6. КОМПОНЕНТИ НА ПРОГРАМАТА/ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ – РМ 2002 ГОДИНА ... 11**

6.1 Демократија и владеење на правото ... 11

*6.1.1 Унапредување на меѓуетничките односи (приближно € 1.2 милиони) ... 13*

*6.1.2 Подршка за граѓанското општество / Зајакнување на НО (приближно € 1.8 милиони) ... 13*

6.2. Економски и социјален развој ... 14

*6.2.1. Развој на приватниот и финансискиот сектор ... 14*

*6.2.2 Трговија ... 18*

*6.2.3 Развој на локалната структура ... 20*

*6.2.4 Социјална кохезија / вработување ... 22*

*6.2.5 ТЕМПУС ... 24*

6.3 Правда и внатрешни работи ... 25

*6.3.1 Интегрирана гранична контрола ... 25*

*6.3.2 Иимиграција и азил ... 27*

*6.3.3 Борба против криминалот ... 29*

**7. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ... 31**

**8. ОБВРСКИ И ПОСВЕТЕНОСТ НА ВЛАДАТА / УСЛОВЕНОСТ ... 32**

**9. СПИСОК НА ПРИЛОЗИ ... 32**

9.1 Прилог кон Проектот: 6.1.1.1 ... 34

*Историјат ... 34*

*Цели на проектот, задача ... 35*

*Очекувани корисници, Партнери на проектот ... 35*

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори ... 35*

*Опис на главните активности ... 36*

*Улогата на Партнерите во имплементацијата на проектот ... 37*

*Клучни елементи и рокови на проектот ... 37*

*Анализа на ризикот ... 37*

*Имплементациона табела ... 38*

9.2 Прилог кон Проектот: 6.1.1.2 ... 42

*Историјат ... 42*

*Цели на проектот, Задача ... 43*

*Очекувани корисници, Партнери на проектот ... 43*

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ..... *43*
*Опис на главните активности* ..... *44*
*Улога на партнерите во имплементацијата на проектот* ..... *45*
*Клучни елементи и рокови на проектот* ..... *45*
*Анализа на ризикот* ..... *45*
*Имплементациона табела* ..... *46*
9.3 Прилог кон Проектот: 6.2.1.1 ..... 49
*Историјат* ..... *49*
*Општи цели на проектот, задача* ..... *49*
*Очекувани корисници, Партнери на проектот* ..... *49*
*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ..... *50*
*Опис на главните активности* ..... *50*
*Улогата на партнерот во имплементацијата на проектот* ..... *51*
*Клучни елементи и рокови на проектот* ..... *51*
*Анализа на ризикот* ..... *51*
*Имплементациона табела* ..... *51*
9.4 Прилог кон Проектот: 6.2.1.2 ..... 55
*Историјат* ..... *55*
*Цели на проектот, Задача* ..... *55*
*Очекувани корисници, Партнери на проектот* ..... *55*
*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ..... *56*
*Опис на главните активности* ..... *56*
*Улога на партнерот во имплементацијата на проектот* ..... *56*
*Клучни елементи и рокови на проектот* ..... *56*
*Анализа на ризикот* ..... *57*
*Имплементациона табела* ..... *57*
9.5 Прилог кон Проектот: 6.2.1.3 ..... 60
*Историјат* ..... *60*
*Општи цели на проектот, Задача* ..... *60*
*Очекувани корисници, Партнери на проектот* ..... *61*
*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ..... *61*
*Опис на главните активности* ..... *61*
*Улога на партнерите во имплементацијата на проектот* ..... *61*
*Клучни елементи и рокови на проектот* ..... *62*
*Анализа на ризикот* ..... *62*
*Имплементациона табела* ..... *62*
Прилог кон Проектот: 6.2.2.1 ..... 65
*Историјат* ..... *65*
*Цели на проектот, Задача* ..... *65*
*Очекувани корисници, Партнери на проектот* ..... *65*
*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ..... *66*
*Опис на главните активности* ..... *66*
*Улога на партнерот на проектот во имплементацијата* ..... *66*
*Клучни елементи и рокови на проектот* ..... *66*
*Анализа на ризикот* ..... *67*
*Имплементациона табела* ..... *67*
Прилог кон Проектот: 6.2.2.2 ..... 70
*Историјат* ..... *70*

*Цели на проектот, Задача* ... 70
*Очекувани корисници, Партнери на проектот* ... 70
*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ... 70
*Опис на главните активности* ... 71
*Улога на партнерот во имплементацијата на проектот* ... 71
*Клучни елементи и рокови на проектот* ... 71
*Анализа на ризикот* ... 71
*Имплементациона табела* ... 72
ПРИЛОГ КОН ПРОЕКТОТ: 6.2.2.3 ... 74
*Историјат* ... 74
*Општи цели на проектот, Задача* ... 74
*Очекувани корисници, Партнери на проектот* ... 74
*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ... 75
*Опис на главните активности* ... 75
*Улога на партнерот во имплементацијата на проектот* ... 75
*Клучни елементи и рокови на проектот* ... 75
*Анализа на ризикот* ... 75
*Имплементациона табела* ... 76
ПРИЛОГ КОН ПРОЕКТОТ: 6.2.2.4 ... 79
*Историјат* ... 79
*Општи цели на проектот, Задача* ... 79
*Очекувани корисници, Партнери на проектот* ... 80
*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ... 80
*Опис на главните активности* ... 80
*Улога на партнерот во имплементацијата на проектот* ... 80
*Клучни елементи и рокови на проектот* ... 81
*Анализа на ризикот* ... 81
*Имплементациона табела* ... 81
ПРИЛОГ КОН ПРОЕКТОТ: 6.2.3.1 ... 84
*Историјат* ... 84
*Цели на проектот, Задача* ... 84
*Очекувани корисници, Партнери на проектот* ... 85
*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ... 85
*Опис на главните активности* ... 86
*Улогата на партнерите во имплементацијата на проектот* ... 86
*Клучни елементи и рокови на проектот* ... 86
*Анализа на ризикот* ... 87
*Имплементациона табела* ... 87
ПРИЛОГ КОН ПРОЕКТОТ: 6.2.4.1 ... 91
*Историјат* ... 91
*Цели на проектот, Задача* ... 92
*Очекувани корисници, Партнери на проектот* ... 92
*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ... 92
*Опис на главните активности* ... 93
*Улога на партнерите во имплементацијата на проектот* ... 93
*Клучни елементи и рокови на проектот* ... 94
*Анализа на ризикот* ... 94
*Имплементациона табела* ... 95

Прилог кон Проектот: 6.2.5.1 ..... 98
*Резиме на програмата* ..... *98*
*Цели на проектот* ..... *98*
*Опис на главните активности* ..... *98*
*Имплементација* ..... *99*
*Анализа на сложени прашања* ..... *99*
*Клучни елементи и рокови на проектот* ..... *100*
*Анализа на ризикот* ..... *100*
*Имплементациона табела* ..... *100*
Прилог кон Проектот: 6.3.1.1 ..... 103
*Историјат* ..... *103*
*Цели на проектот, Задача* ..... *103*
*Очекувани корисници, Партнери на проектот* ..... *103*
*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ..... *104*
*Опис на главните активности* ..... *104*
*Улога на партнерот во имплементацијата на проектот* ..... *104*
*Клучни елементи и рокови на проектот* ..... *105*
*Анализа на ризикот* ..... *105*
*Имплементациона табела* ..... *105*
Прилог кон Проектот: 6.3.1.2 ..... 109
*Историјат* ..... *109*
*Цели на проектот, Задача* ..... *109*
*Очекувани корисници, Партнери на проектот* ..... *110*
*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ..... *110*
*Опис на главните активности* ..... *110*
*Улога на партнерот во имплементацијата на проектот* ..... *111*
*Клучни елементи и рокови на проектот* ..... *111*
*Анализа на ризикот* ..... *111*
*Имплементациона табела* ..... *112*
Прилог кон проектот: 6.3.2.1 ..... 114
*Историјат* ..... *114*
*Цели на проектот, Задача* ..... *115*
*Очекувани корисници, Партнери на проектот* ..... *115*
*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ..... *115*
*Опис на главните активности* ..... *116*
*Улога на партнерите во имплементацијата на проектот* ..... *116*
*Клучни елементи и рокови на проектот* ..... *116*
*Анализа на ризикот* ..... *117*
*Имплементациона табела* ..... *117*
Прилог кон Проектот: 6.3.3.1 ..... 121
*Историјат* ..... *121*
*Цели на проектот, задача* ..... *121*
*Очекувани корисници, партнери на проектот* ..... *121*
*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ..... *122*
*Опис на главните активности* ..... *122*
*Улогата на партнерот во имплементацијата на проектот* ..... *122*
*Клучни елементи и рокови на проектот* ..... *123*
*Анализа на ризикот* ..... *123*

*Имплементациона табела* ... *123*
ПРИЛОГ КОН ПРОЕКТОТ: 6.3.3.2 ... 127
*Историјат* ... *127*
*Цели на проектот, задача* ... *127*
*Очекувани корисници, Партнери на проектот* ... *127*
*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори* ... *128*
*Опис на главните активности* ... *128*
*Улогата на партнерите во имплементацијата на проектот* ... *129*
*Клучни елементи и рокови на проектот* ... *129*
*Анализа на ризикот* ... *129*
*Имплементациона табела* ... *130*

ГОДИШНА ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ ЗА 2002 ГОДИНА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Земја корисник: | Република Македонија |
| Буџетска година: | 2002 |
| Одобрени финансиски средства: | € 37.5 милиони |
| Буџетски линии: | Б7–541 – (Национална програма / Контрола на регионални–меѓународни граници) |
| Правна основа: | Регулатива на Советот (ЕЗ) број 2666/2000 (дополнета и изменета со Регулативата на Советот (ЕЗ) број 2415/2001) |
| Имплементациони тела: | Европска агенција за реконструкција – € 34.5 милиони<br>Европска Комисија (за Темпус) – € 3.0 милиони |
| Краен рок: | 31.12. 2005 за потпишување договори<br>31.12. 2006 за исплати (31.12.2007 за Темпус) |
| Сектор: | AA |
| Група: | M |

## 2. РЕЗИМЕ НА ПРОГРАМАТА

Оваа програма ќе и помогне на Република Македонија во имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (вклучувајќи ја и Времената спогодба за трговија) и Охридскиот Рамковен (мировен) договор. Тие се од клучна важност за реализација на програмата за економски и социјални реформи во државата, како и за повторно приближување кон европските структури. Програмата особено ги зема предвид и неодамна усвоениот Документ за националната стратегија (ДНС) и тригодишната (2002–2004) Повеќегодишна индикативна (ПИП) програма за Република Македонија. Во продолжение се прикажани приоритетните сектори:

1 Демократија и владеење на правото

1.1 Меѓуетнички односи и граѓанско општество € 3 милиони (+/– 20%)

2 Економски и социјален развој

2.1 Развој на приватниот и финансискиот сектор € 2 милиони (+/– 20%)

2.2 Трговија € 4 милиони (+/– 20%)

2.3 Развој на локална инфраструктура € 14 милиони (+/– 20%)

2.4 Социјална кохезија € 2.5 милиони (+/– 20%)

2.5 Темпус € 3 милиони (+/– 20%)

3 Правда и внатрешни работи

3.1 Интегрирана гранична контрола € 2.2 милиони (+/– 20%)

3.2 Имиграција и азил € 2 милиони (+/– 20%)

3.3 Борба против криминалот € 1 милион (+/– 20%)
4 Останато
4.1 Резерва € 3.8 милиони (+/– 20%)
Вкупно € 37.5 милиони1

## 3. ИСТОРИЈАТ НА ЗЕМЈАТА

Социјално–политичка ситуација

Од својата независност во 1991 година, во земјата започна да се одвива еден процес на политичка и економска транзиција, од воглавно централно раководена економија кон пазарна економија, слободно граѓанско општество и целосно функционални демократски институции. И покрај тоа што приоритетите и политиките усвоени од Владата имаа позитивен ефект, во последниве неколку години, развојот беше ограничен поради регионалната нестабилност и внатрешните структурни ограничувања, на политичко и економско ниво.

Повеќепартиската коалициона влада која дојде на власт во ноември 1998 година, се засноваше на меѓусебен договор за поделба на власта, помеѓу етнички македонски и етнички албански националистички партии. Односите меѓу двете главни етнички групи во земјата продолжија да се подобруваат сé до февруари 2001 година. Некои од барањата на етничките албанци беа задоволени, како на пример, етнички албанци беа назначувани на високи функции, а беше основан и Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Но, во ноември 2000 година, истапувањето на едниот од коалиционите партнери резултираше во малцинска влада (недостаток од еден пратенички мандат). Како резултат на ваквата ситуација, во почетокот на 2001 година, парламентарните активности во голема мерка беа отежнати.

Во средината на февруари 2001 година, дојде до вооружени судири помеѓу вооружените групи на етничките албанци (ВГЕА) и владините сили. Борбите набрзина се проширија низ останатите области со доминантно етничко албанско население, во северниот и северозападниот дел од земјата. Како резултат на сé поголемиот меѓународен притисок да се изнајде решение за кризата, главните опозициони партии í се приклучија на владеачката коалиција, формирајќи влада на национално единство, во мај 2001 година. Сепак, воените дејствија продолжија и на двете страни и веќе на почетокот од јуни 2001 година, ВГЕА држеа под своја контрола и некои села веднаш до главниот град Скопје. Иако бројот на жртвите беше релативно мал, голем број етнички албанци и македонци беа раселени, а многу бегалци, етнички албанци, избегаа на Косово и во јужна Србија. Според UNHCR, најголемиот дел (90%) од вкупниот број на 170.000 раселени лица, веќе се вратени во своите домови.

Со голема подршка од Европската Унија и НАТО, во јуни 2001 година, Претседателот Трајковски предложи еден нацрт план. Тој се состоеше од една комбинација на воени и политички решенија, како и предлози со кои би можеле да се разрешат некои од главните барања на етничкото албанско малцинство. Со посредство на НАТО, беше постигнат договор за прекин на огнот, кој повеќе или помалку се одржува од 6 јули 2001 година наваму. Посредништвото од страна на Европската Унија и Соединетите Американски Држави, кое следеше подоцна, доведе до потпишување на Рамковниот договор, на 13 август 2001 година во Охрид.

[1] Вклучувајќи ги и регионалните фондови, но не и тековните трошоци на Агенцијата

ГОДИШНА ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ ЗА 2002 ГОДИНА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Рамковниот договор во голема мерка ги дава основите на реформскиот процес, потребен за да се врати стабилноста во земјата. Поконкретно, тој вклучува пропорционална застапеност на етничките малцинства во јавната администрација и во полициските служби, како и употреба на јазикот на малцинствата во државната администрација, како и во основното, средното и високото образование. Исто така, Рамковниот договор ќе има и важно влијание врз процесот на административна децентрализација. Владата се залага за развивање појака и поефикасна локална самоуправа, обезбедена со потребните финансиски средства, неопходни за реализација на новите надлежности и одговорности. Овој процес, кој веќе беше започнат пред безбедносната криза од 2001 година, стана еден од главните темели врз основа на кој треба да се гради возобновената стабилност на земјата, а тој претставува и точка од клучен интерес за Европската Заедница и останатата помош која доаѓа од други донатори.

Социјално-економска состојба

На 9 април 2001 година, Република Македонија стана првата земја од овој регион, која потпиша Спогодба за стабилизација и асоцијација (ССА). Во очекување на формалната ратификација на оваа Спогодба од страна на Република Македонија, земјите членки и Заедницата, Европската Заедница и Република Македонија потпишаа Времена спогодба за трговија и други области поврзани со трговијата. По речиси една деценија релативна стабилност, вооружениот конфликт во пролетта и летото 2001 година, предизвика драстични економски последици кои го стопираа економскиот растеж, регистриран во текот на 1999 и 2000 година и предизвика голем фискален дефицит. Како и да е, последиците од конфликтот не влијаеа врз монетарната стабилност.

И покрај надворешните шокови кои ги претрпе стопанството како резултат на кризата на Косово во 1999 година, реконструкцијата на Косово ја стимулираше економијата во Република Македонија во текот на втората половина од 1999 година. Континуираната побарувачка во пораст, во стабилниот сектор на услуги обезбеди дополнителен развој на економијата во 2000 година (БДП се зголеми за 5.1%). Дополнително, започнувајќи од 1999 година, беа имплементирани одреден број структурни реформи како на пример: воспоставување на трезорски систем и нов систем на платен промет; воведување на ДДВ; усвојување на нов закон за банкарството; усвојување на нов закон за девизно работење и закон за Народната банка; реформи на јавната администрација и реформи во трудовата и пензиска регулатива. Сепак, економската активност во голема мерка беше забавена во текот на 2001 година, кога безбедносната криза предизвика нарушување во производството и нагло намалување на степенот на доверба и безбедност кај потрошувачите и во стопанството. Во текот на 2001 година, дојде до реален пад на БДП за 4.1%, во споредба со претходната година. Падот на производството се должеше на многубројни причини и влијаеше врз најголемиот број сектори од економијата, освен во владиниот сектор, каде што активностите беа зајакнати како резултат на активностите поврзани со општата безбедност. Како и да е, курсот на денарот и неговата поврзаност со германската марка í оддолеаа на кризата и општо земено, монетарната стабилност беше сочувана. Во текот на 2001 година, средната стапка на инфлација беше намалена на 5.5% во споредба со 2000 година, кога таа изнесуваше 5.8%. Во најголема мерка поради новите трошоци поврзани со безбедноста, владиниот дефицит за 2001 година може да ја достигне вредноста од 6.4% од БДП и покрај воведувањето на новиот привремен данок на финансиски трансакции (кој се очекува да резултира во 1% од БДП) и воочливото намалување на јавните трошоци. Се претпоставува дека меѓународните донатори ќе помогнат во финансирањето на еден дел од проектираниот буџетски дефицит.

Надворешната задолженост на земјата е умерена. Беше оценето (ММФ) дека на крајот на 2001 година, вкупниот надворешен долг (владин и невладин сектор) е во износ еквивалентен на 40.7% од БДП и отплатата на вкупниот долг на годишно ниво изнесува околу 19% од вкупниот извоз на стоки и услуги. Владата ќе продолжи со ограничување на износот на новите задолжувања во иднина, кои ќе ги превземе или гарантира под услови без концесии.

Очекувањата за економски развој ќе се зголемат со подобрувањето на безбедносната состојба. За 2002 година, Владата предвидува реално зголемување на БДП за 4%, засновано врз зголемената побарувачка во приватниот сектор и потрошувачката за реконструкција, која се очекува од донаторската заедница, додека ММФ неодамна го корегираше своето предвидување на 2.5%. Имајќи ги предвид проектираните подобрувања во земјоделието и пониските цени на нафтата и нејзините деривати, се очекува средната вредност на инфлацијата да се намали до 2.5%, во 2002 година. Имплементацијата на Рамковниот договор треба да ги воспостави потребните предуслови за враќање на довербата во економијата и пазарот, на нормално ниво. Со политичка разрешница на кризата, нивото на потрошувачката поврзана со безбедносната состојба би требало во голема мерка да се намали во 2002 година. Креаторите на политиката ќе се соочат со предизвикот, на кој начин да се задоволат дополнителните потреби поврзани со одржување на мирот, а истовремено задржувајќи ја макроекономската стабилност.

Главната рамка на Владината политика е двострана: од една страна, се наоѓа имплементацијата на Рамковниот договор, а од друга страна е продолжувањето на планот за социјално-економски развој, поставен во 1998 година и процесот на институционални реформи, кои со тек на време, државата ќе ја доведат до ниво на вообичаените економски и политички случувања во Европа. Главните елементи на политичката агенда се следниве: (1) подобрување на меѓуетничките односи; (2) одржување на ефикасни демократски институции и владеење на правото; (3) продлабочување на економските реформи и создавање услови за самоодржливи економски реформи, диктирани од пазарот; (4) промоција на повторното приближување на државата кон европските структури, во согласност со ССА.

## 4. ДОСЕГАШНА ПОМОШ ОД ЕЗ И ДРУГИ ДОНАТОРИ

Помеѓу 1992 и 2001 година, ЕЗ обезбеди околу 5452 милиони евра за Република Македонија, вклучувајќи ја и обезбедената итна хуманитарна помош, како и подршката на платниот биланс. Вкупниот износ се состои од:

- Хуманитарна помош ЕСНО — € 96 милиони евра
- PHARE, OBNOVA, CARDS — € 257 милиони евра
- Механизам за рапидна реакција и специјална CARDS програма за итни случаи — € 27 милиони евра

Макро, финансиска помош (на пример: други субвенции, подршка на буџетот) — € 165 милиони евра

[2] Site iznosi vo tekstot se zaokru`eni na najbliskiot milion

Нивото на официјалната помош за развој е доста високо, во вредност од 6% од БДП. Токму затоа, одржувањето на фискална и надворешна рамнотежа, во голема мерка зависи од донаторската помош. Од аспект на ветената помош, најголеми донатори се Европската Заедница (545 милиони евра), Светската Банка (223 милиони), Европската инвестициона банка (150 милиони), како и државите членки на ЕУ (во вкупен износ од 187 милиони евра). Од кризата на Косово наваму, USAID стана најголемиот донатор на билатерална основа, со предвидени $ 50 милиони долари за 2002 година. Останатите активни донатори во моментов, ги вклучуваат Швајцарија, различни агенции на ОН и IFAD.

Од 1992 - 1993 година, државата имаше повеќе или помалку континуирани програми за структурно усогласување, во соработка со ММФ и Светската Банка. Република Македонија работи на програмата за намалување на сиромаштијата и развој, во соработка со ММФ, за која се претпоставува дека ќе продолжи и понатаму, што резултираше во изработка на времен стратешки документ за намалување на сиромаштијата во 2000 година. Сепак, ревидираната проценка за зголемениот приход по глава на жител ($ 1.710 долари во 2000 година), значи дека Република Македонија повеќе нема да има право на концесионерски (IDA) заеми од Светската Банка. Тоа веројатно ќе доведе до зголемена зависност од други извори на помош, од помалку концесионерски карактер.

На 12 март 2002 година, ЕЗ и Светската Банка, заеднички организираа донаторска средба, со цел да се помогне на земјата да ги покрие финансиските потреби генерирани од кризата во 2001 година. Околу 307 милиони евра беа ветени за макро-финансиска помош, реконструкција и имплементација на Рамковниот договор и дополнителни 271 милиони евра, за потребите на економски развој.

## 5. КОНТЕКСТ НА ПРОГРАМАТА И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Во неодамна усвоениот Документ за национална стратегија (ДНС) е идентификувана серија на проблеми, со кои Република Македонија треба да се справи, како на пример, намалување на меѓуетничката тензија, подобрување на ефикасноста на државните институции, искоренување на сиромаштијата и развивање на човечки капитал, промоција на развојот на приватниот сектор и отворање нови работни места, како и имплементација на ССА. Во тој контекст, ПИП идентификуваше четири области во кои Европската Заедница може да пружи помош на најефикасен начин: демократија и владеење на правото; економски и социјален развој; правда и внатрешни работи и животна средина / природни богатства. Оваа философија се рефлектира во годишната акциона програма, како и во најважните лекции кои беа научени од анализата на имплементацијата на поранешите ЕЗ програми во Република Македонија3. Во продолжение се прикажани некои од заклучоците кои беа нагласени:

Јасна потреба за постоење на општа стратегија, со дефинирана рамковна политика и посветеност на Владата на целите на реформата.

Потреба за засновање на годишните акциони програми врз транспарентни консултации, со сите заинтересирани страни и врз реалните капацитети и способности на владините институции.

Потреба за продолжителна посветеност на донаторската координација и консултативни состаноци на програмско и секторско ниво.

---

[3] Врз основа на извештајот насловен “Ocenka na EZ strategijata na zemjata, Republika Makedonija 1996-2001 godina”

Потреба за соодветна супервизија, мониторинг и оценка на имплементацијата на проектот, вклучувајќи и системи на финансиска контрола.

Во рамките на Владата на Република Македонија, веќе е воспоставена рамка за координација на добиената помош и таа веќе функционира. Потпретседателот на владата ја има улогата на Национален координатор за странска помош, како и Министер кој е одговорен за прашањето на европска интеграција.

## 6. КОМПОНЕНТИ НА ПРОГРАМАТА/ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ – РМ 2002 ГОДИНА

Во продолжение е даден опис за секоја од компонентите за кои се очекува помош, а за секој од овие случаи, пред описот е даден краток историјат како оправдување или објаснување за направениот избор на различните проектни активности, во рамките на секоја компонента од програмата и резиме на соодветната ЕЗ помош и активностите на останатите донатори. Дополнителни детали (вклучувајќи и детален распоред) за индивидуалните проекти, можат да се најдат во материјалите дадено во прилог на овој документ.

Износот од 3.8 милиони евра се чува во резерва. Намерата е, највеќе 2 милиони од резервата да бидат доделени на Универзитетот на југоисточна Европа. Во секој случај, тоа зависи од резултатот на физибилити студијата, која холандската влада ја спроведува на универзитетот.

Белешка: Референтните броеви за индивидуалните прилози кон проектот, соодветствуваат со оние кои се користени во продолжение на овој текст.

### 6.1 Демократија и владеење на правото

Историјат

Постигнувањето на демократска стабилизација во Република Македонија, е една од најглавните цели на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Тоа ја вклучува централната власт и што е уште поважно, целокупното население, преку развивањето на стабилно граѓанско општество. Активното и слободно граѓанско општество е неопходен елемент за секој успешен демократски систем и има клучна улога во обезбедувањето на одговорноста на владата, за заштита на основните човекови права и добро раководење со земјата.

Дури и пред безбедносната криза во 2001 година, општеството во Република Македонија беше поделено по должина на етничките линии, со општ недостаток на контакт и интеракција помеѓу обичните луѓе од различно етничко потекло. Не постои национален приод и план за надминување на предрасудите и стереотипите. Постојат неколку програми и проекти од мал обем, финансирани од различни донатори и имплементирани од најразлични организации. Не постои ниту општа анализа, ниту пак проценка на ефектот од овие активности.

Треба да се изработи сеопфатна анализа на постоечките иницијативи и нивните ефекти, вклучувајќи ги сите етнички групи, која ќе кулминира во развојот на еден национален пристап (модели), кој ќе помогне за градење доверба, сигурност и взаемна почит, помеѓу сите етнички групи.

# ГОДИШНА ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ ЗА 2002 ГОДИНА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Етничката поделба на општеството се манифестира и во локалниот невладин сектор. Невладините организации работат во контекст, во кој, различни етнички групи го промовираат својот идентитет и своите права во една моно-етничка рамка, во општество кое е мултиетничко.

Граѓанското општество во најголема мерка е организирано преку невладини организации, а во Република Македонија има регистрирано повеќе од 600 од нив. Сите тие не се активни и нивното маргинално влијание во земјата, се должи на фактот дека овој сектор во најголем степен зависи од донаторите, нивните активности се распрснати на различни страни, и на фактот дека капацитетите на невладините организации сеуште не се доволно развиени.

Во јуни 1998 година, стапи на сила нов закон за граѓански здруженија и фондации, кој општо земено, ги задоволува меѓународните стандарди за најдобра пракса во одреден број области. Слабостите на законот се видливи во фискалниот третман, што владата го има во однос на невладините организации. На пример, што се однесува до даноците, непрофитните организации се третираат на ист начин, како и оние кои остваруваат профит.

Општо земено, услугите кои ги пружаат невладините организации се слаби и нивните капацитети и способности не се доволно развиени. Невладините организации од економски и социјално неразвиените рурални подрачја, не добиваат многу подршка. Има недостаток на менторски однос и градење партнерство, помеѓу оние поразвиените и оние помалку развиените невладини организации. Многу ретко можат да се забележат невладини организации кои меѓусебно се поврзуваат и работат во мрежа на локално ниво. Невладините организации сметаат, а нивното мислење го споделуваат и останатите, дека тие немаат посебна улога во процесот на формирање на јавната политика. Токму поради тоа, од голема важност е потребата за подобрување на вештината на пропагирање.

Комплементарна и поранешна ЕЗ помош

Прашања на етничките односи: ECHO е активна во услужниот сектор на заедницата, уште од 1999 година, обезбедувајќи психо-социјални и други форми на подршка, како на бегалците, така и на заедниците кои се нивни домаќини, со цел намалување на тензиите долж етничките граници. Ваквиот вид подршка беше продолжена и во текот на 2001 и 2002 година, за внатрешно раселените лица (ВРЛ) и повратниците, преку еден заеднички проект со UNICEF. Во рамките на програмата за реконструкција на Република Македонија, ЕЗ финансираше и некои мерки за пост-конфликтно зголемување на довербата. Подобрувањето на меѓуетничките односи е многу важен заеднички аспект и во рамките на другите проекти од CARDS 2002, како на пример, во развојот на политиките за вработување (социјален дијалог / партнерство) и проектите за локална инфраструктура (помош за општините кои го имаат проблемот на меѓуетничка тензија). Ќе биде обезбедена комплементарност и со проектите подржани преку шемата на мали грантови, на Европската Иницијатива за демократија и човечки права.

Зајакнување на невладините организации (НО): еден проект на PHARE, насловен како ″Развој на невладини организации и Регионални ресурсни центри″ беше имплементиран во 1997–99 година, каде што беа таргетирани НО, кои работат во сферата на животната средина. Европската иницијатива за демократија и човечки права, дава подршка за една шема на мали грантови, која се фокусира воглавно на активности за зајакнување на демократијата, а помалку на зајакнување на капацитетите на НО. Исто така, дополнителни активности беа обезбедени преку ECHO програмите во областа на општествените услуги.

Поврзани активности на други донатори

Прашања на етничките односи: Донатори со активни програми се следниве: Меѓународната организација за миграции (која раководи со проект на американската канцеларија за Транзициски иницијативи); други USAID програми; црковни хуманитарни организации; меѓународни фондации (Крал Бадуин, Отворено општество); Европскиот центар за малцински прашања (финансиран од Данска и Норвешка), кој имплементира еден проект за

подобрување на меѓуетничките односи; како и Светската Банка (програма за пост–конфликтни грантови).

Зајакнување на НО: Швајцарската развојна кооперација помага во процесот на основање четири ресурсни центри за НО, преку Фондацијата Отворено Општество (лоцирана во Република Македонија со средства од SOROS Фондацијата и други донатори), како нејзин партнер за имплементација. Агенцијата ќе обезбеди блиска соработка со проектот кој е потпомогнат од Швајцарската влада. Останатите активни донатори се: Советот на холандските цркви (техничка помош и грантови за ограничен број НО, кои претежно се организирани и раководени од жени), USAID (воглавно посветена на НО, кои работат во областа на животната средина, преку обука и грантови).

Проектни активности

### *6.1.1 Унапредување на меѓуетничките односи (приближно € 1.2 милиони)*

На критичен начин, експертите ќе го анализираат и оценат опсегот на активности и искуствата добиени од поранешните активности, кои имале за цел постигнување на етничко помирување. Исто така, тие ќе ја проценат и способноста на организациите на граѓанското општество во Република Македонија, за имплементација на проекти за етничко помирување.

Следствено, експертите ќе дадат препорака за најефективните модификации во превземените активности, со цел надминување на предрасудите и стереотипите и подобрување на меѓусебната толеранција и доверба, за финансирање во 2002 година, од страна на ЕЗ, како и за преостанатите години од ПИП.

Во меѓувреме, пред да ги добие сите заклучоци од студијата, ЕЗ би можела да обезбеди итна подршка, преку финансирање на одреден број подпроекти од мал обем (на пример: младина, култура, партнерства) во заедниците со мешан етнички состав.

Клучни партнери на проектот ќе бидат посредничките организации за финансирање, кои веројатно ќе бидат непрофитни организации.

Крајниот позитивен ефект ќе го почувствуваат граѓаните на Република Македонија и на поширокиот регион, кои ќе извлечат полза со тоа што ќе живеат во едно постабилно граѓанско општество. Подиректно ќе профитираат групите на население, кои директно ќе бидат одредени како целни групи во рамките на овој проект, како и партнерите на проектот, кои ќе имаат зајакната способност да продолжат со имплементација на активностите, кои имаат за цел унапредување на меѓуетничките односи.

### *6.1.2 Подршка за граѓанското општество / Зајакнување на НО (приближно € 1.8 милиони)*

Преку овој проект ќе се постигне следново: (1) ќе се развијат капацитетите на НО; (2) ќе се стимулира создавањето на регионални мрежи на НО; (3) ќе се подобри комуникацијата и соработката помеѓу НО и локалната власт, и (4) ќе започне повеќе да се цени улогата на НО, како контролори на квалитетот на раководење и обезбедување на јавни услуги.

Со помош на партнерот за имплементација (искусна непрофитна организација), овој проект ќе помогне во воспоставувањето на најмногу десет Ресурсни центри на НО на избраните локации. Со тек на време, секој од овие центри, ќе располага со соодветно обучен кадар и соодветни ресурси, што ќе им овозможи да обезбедат подршка на локалните НО, преку пружањето на своите услуги и трансфер на Know–How и други вештини и знаења. За

невладините организации во својата област, ресурсните центри ќе ја стават на располагање: (1) својата инфраструктура (канцеларија, сала за состаноци, библиотека, телефон / факс, компјутери, пристап до интернет и машина за фотокопирање); и (2) обука дизајнирана врз основа на потребите и оценките на НО од таа област. Таквата обука ќе вклучува: стратешко планирање, пропагирање, демократски процеси на одлучување, организација и проектен менаџмент, известување, сметководство и транспарентност. Иако во рамките на овој проект со тек на време, ќе се покрене и прашањето на само–одржливост и опстанок на предложените структури за подршка на НО, понатамошното финансирање од ЕЗ, во текот на 2003 и 2004 година, ќе биде од клучна важност за консолидација на почетните активности.

Истовремено, покрај подршката на регионалните мрежи на НО, треба да се потенцира дека во иднина, воспоставувањето на систем за координација на НО на национално ниво, постојано ќе се има предвид. Оваа структура на национално ниво, со тек на време може да добие улога на темел за граѓанското општество, истовремено имајќи ја задачата за поврзување и координација. Како и да е, од среднорочен аспект, важно е постојано да се надградуваат механизмите на локално умрежување, кои веќе стојат на располагање преку регионалните Ресурсни центри.

Оние кои на крајот ќе извлечат корист од целиот проект, се општеството како целина и невладиниот сектор. Подиректна полза ќе извлечат (1) НО кои добиле подршка, и (2) заедниците и општините корисници, кои ќе го зајакнат квалитетот на својата соработка, со барем еден клучен учесник во граѓанското општество.

## 6.2. Економски и социјален развој

Во поглавието за економски и социјален развој, се дадени предлози за програми за 2002 година, онака како што се дефинирани во ДНС/ПИП во следниве области: Развој на приватниот и финансискиот сектор (6.2.1), Трговија (6.2.2), Развој на локалната инфраструктура (6.2.3), Социјална кохезија (6.2.4) и ТЕМПУС (6.2.5). Овие области се од фундаментално значење, доколку Република Македонија сака да напредува во исполнувањето на превземените обврски, согласно Времената спогодба за трговија и успешно да ги заврши преговорите за влез во СТО.

### *6.2.1. Развој на приватниот и финансискиот сектор*

Ова поглавие се занимава со три специфични аспекти на развојот на приватниот сектор: (1) развој на претпријатијата; (2) закони за конкуренција, кои го регулираат енергетскиот пазар; и (3) права на интелектуална сопственост.

Историјат

Секој продуктивен приватен сектор, кој е способен да опстојува, се карактеризира со висок степен на правна сигурност, со што се овозможува ефективно раководење со претпријатијата, фер конкуренција и добро развиени права на сопственост, кои се остваруваат во пракса. Со Спогодбата за стабилизација и асоцијација се создава една нова клима во економските односи и нова (економска) законска рамка, која ќе влијае врз претприемачките вештини, правилата на конкуренција и потребата за постоење на некои пазарни прописи (анти–монополски). Како што е предложено во ДНС/ПИП, ЕУ ќе обезбеди финансиски средства за подобрување на општиот квалитет на постоечката законска рамка, со цел да им се овозможи на претпријатијата и физичките лица, на подобар начин да се натпреваруваат во ″новиот″ пазарен простор.

Развој на претпријатијата: Унапредувањето на развојот на приватниот сектор во Република Македонија, бара координирана и фокусирана политика на владата за развој на претпријатијата. Развојот на малите и средните претпријатија (МСП) е од особена важност. Владината политика и соодветната законска рамка, треба да водат кон развој и успех на малите претпријатија. Начелата содржани во Европската повелба за мали претпријатија, може да послужи како референтна рамка за развојот на таквите политики.

Во својата транзиција кон пазарно ориентирана економија, за своите претпријатија, државата сака да обезбеди модерни алатки за ефикасно раководење и управување со претпријатијата, со што ќе се подобри нивната конкурентна позиција во долгорочната перспектива на пристапување кон ЕУ. Особено малите и средните претпријатија, треба да ја зајакнат својата раководна ефикасност и методите, особено во областа на маркетингот, дистрибуцијата, финансискиот/производствениот менаџмент и контролата. Програмата 2002, ќе обезбеди помош за подобрување на квалитетот на човечките (раководни) ресурси во поединечните фирми, преку основањето на Фонд за развој на човечките ресурси во претпријатијата.

Закони за конкуренција и енергетскиот пазар: Јавното државно претпријатие за снабдување со електрична енергија (Електро Стопанство на Македонија – ЕСМ), на иницијатива на Владата, се подготвува за приватизација од страна на експертски тим. Воспоставувањето на законска рамка која ќе води кон автономно законодавно тело е особено важно, со цел да се испочитуваат упатствата на ЕУ и да се избегне монополистичко и доминантно однесување, притоа обезбедувајќи соодветен поврат на инвестициите, за новите инвеститори во енергетскиот сектор. Ваквото законодавно тело ќе ги подобри општите перформанси во секторот, ќе овозможи полесен влез на приватниот капитал, а на тој начин ќе ја зголеми конкуренцијата и ќе обезбеди поголема транспарентност (на пример: во цените/тарифите) за производителите и потрошувачите.

Законот за енергетика во моментов е поднесен пред Парламентот, за анализа и усвојување и тој треба да стапи на сила во јануари 2003 година. Во еден од своите членови, законот предвидува основање на автономна Законодавна комисија за енергетика (ЗКЕ) со 5 члена, која ќе ги покрива сите енергетски сектори (електрична енергија, гас, хидрокарбонски соединенија и парно греење). ЗКЕ ќе биде одговорна за одобрување на цените и тарифите, како и за издавање лиценци. Во секој случај, сите институционални аспекти и оперативни процедури на Комисијата, треба да се дефинираат со подршка на ЕЗ, а во согласност со законодавството на ЕЗ и најдобрата пракса на ЕУ, со цел отворање на меѓународниот пазар.

Права на интелектуална сопственост: Во ССА се бара од Република Македонија да гарантира одредено ниво на заштита на интелектуалните, индустриски и правата на комерцијална сопственост, слично на она кое постои во Заедницата, како и нивно ефективно спроведување. Во моментов, три различни закони се во сила: (1) Закон за индустриска сопственост (1993); (2) Закон за заштита на технички дизајн и интегрални кола (1998); и (3) Закон за авторско право и сродни права (1996). Уште три нови закони се во фаза на подготовка: (1) Закон за патенти; (2) Закон за трговски знаци; и (3) Закон за индустриски дизајн. Целта на сите овие е надополнување и хармонизација на легислативата во земјата, со меѓународните барања. Државата сака да ги исполни своите обврски во оваа област, во што е можно пократок рок и бара дополнителна помош, особено за подобрување на својата способност за спроведување на релевантната легислатива и промовирање на повисок степен на правна хармонизација со правилата на Заедницата.

Во моментов постојат две компетентни институции: Заводот за заштита на индустриска сопственост (ЗЗИС), агенција во рамките на Министерството за економија, која се бави со

прашањата на трговски знаци и патенти и Инспекциската служба за заштита на авторските права (ИСЗАП) во рамките на Министерството за култура.

Комплементарна и поранешна ЕЗ помош

Предложениот фонд за развој на претпријатијата ги надополнува останатите проекти финансирани од ЕЗ, како што се реализираната 1997 PHARE програма за стручно образование и обука (СОО) и 2000 CARDS СОО програмата, која штотуку започна. Исто така, тој го надополнува и проектот од 2002 година за институционална изградба, како подршка на политиката за вработување.

ЗКЕ ја надополнува компонентата за хармонизација на легислативата од програмата CARDS 2000. Исто така, таа ќе се поврзе и со тековните активности во рамките на Регионалната CARDS програма за 2001 година, поврзани со Регионалниот пазар за електрична енергија (РПЕЕ) и REBIS–ELECTRICITY, која се обидува да воспостави општи правила и методи за дефинирање на одговорноста на националните законодавни власти.

Во рамките на PHARE 2000 програмата, беа планирани активности во следниве области: правен совет за измените и дополнувањата на Законот за заштита на правата на индустриска сопственост; обука за правниците и обезбедување софтвер за управување на заштитата на правата на индустриска сопственост. Како и да е, овие проекти не беа имплементирани и можеби сега ќе бидат потребни измени и редефинирање на истите.

Поврзани активности на други донатори

GTZ, Фондацијата SOROS, USAID, Холандската влада и Светската Банка се вклучени во поврзани СОО и други проекти за развој на човечките ресурси.

Советите и измените и дополнувањата на предлог законот за енергетика, финансирани од страна на USAID, за воведување на законодавно тело за енергетика, ќе послужат како основа за предложената интервенција од страна на ЕЗ.

GTZ досега обезбеди обемна помош во изготвувањето нацрт и конечна верзија на новиот Закон за правата на интелектуална сопственост (патенти, графички решенија, трговски знаци, ознаки на потекло) и за обука на вработените во ЗЗИС. Помошта од GTZ сега ќе се посвети на изготвување подзаконски акти и подготовка на кампања за подигање на свеста на јавноста. Во основа, постои и согласност за асистирање на Секторот за авторски права, во хармонизацијата на Законот за авторско право од 1996 година со законодавството на ЕУ и барањата на СТО, како и во обмислувањето на механизмите за спроведување.

Прашања на координација

Имајќи ја предвид потребата за сеопфатен приод кон техничката помош поврзана со трговијата (ТППТ), Агенцијата ќе воспостави и управува со механизам за координација, кој исто така, ќе ги земе предвид и специфичните ТППТ програми, кои се опфатени на регионално CARDS ниво. Механизмот ќе обезбеди ефикасен пресек на различните проекти, без разлика на нивната големина. Ќе постојат две нивоа на координација:

На ниво на Оперативен центар (Скопје); редовни состаноци на проектните и програмските менаџери со консултантите во сите поврзани проекти ќе бидат организирани од страна на EAR–ОЦ Скопје, за да се обезбеди редовна и детална размена на информации и мониторинг на напредокот.

На ниво на Агенцијата (Скопје, Белград, Приштина и Подгорица); ќе бидат организирани редовни тромесечни состаноци на ротирачка основа во разните Оперативни центри, со присуство на претставници на консултантите, кога тоа е соодветно и потребно. Ќе биде воспоставен и механизам за координација и со останатите CARDS програми во регионот.

Проектни активности

6.2.1.1Воспоставување на Развоен фонд за човечки ресурси (претпријатија) (приближно € 1.0 милион)

Во консултација со Министерството за економија (МЕ), ќе биде обезбедена техничка помош за развивање систем за унапредување на развојот на човечките ресурси во претпријатијата, преку овозможување пристап до соодветна обука и подготовка и финализација на потребната рамка за основање на фондот. Откако ќе биде законски основан, ќе биде идентификуван клучниот раководен кадар, задолжен за операционализација на фондот. Следствено, со помош на експертите, раководниот кадар на фондот ќе изготви и предложи индикативна програма за активности за обука во областа на маркетингот, дистрибуцијата, финансискиот/производниот менаџмент и контролата.

Директен корисник и партнер на проектот ќе биде Министерството за економија, кое има општа одговорност за стопанскиот сектор. МЕ ќе биде активно вклучено во подготовката на статутот и интерните правила на фондот, изборот на раководството на фондот и во одредувањето на неговите оперативни процедури. Крајни корисници ќе бидат претпријатијата и работниците во земјата. Економијата ќе профитира како резултат на зголемената продуктивност, подобреното раководење и економска ефикасност.

6.2.1.2 Поддршка за Законодавната комисијата за енергетика (приближно € 0.8 милиони)

Преку проектот ќе се финансира еден тим на меѓународни и домашни експерти, за имплементација на законот за енергетика и помош за операционализација на Законодавната комисија за енергетика. Експертите ќе ги изготват сите нацрт текстови и документи, со кои се регулира работењето на ЗКЕ (интерни упатства за работа, правила и прописи; нацрт модели и процедури за поделба на надлежностите, лиценци и концесии; систем и процедури за мониторинг и контрола на придржувањето кон договорените обврски од страна на операторите). Ќе се обезбеди финансиска поддршка и за набавка на канцелариска опрема и обука на 5–те члена на Комисијата. Понатаму, проектот ќе обезбеди поддршка на националната власт во нејзиниот обид за усвојување правила, компатибилни и хармонизирани со Регионалниот пазар на електрична енергија (регионална CARDS 2001) и Регионалниот пазар на гас (регионална CARDS 2002).

МЕ ќе биде клучниот партнер во имплементацијата на проектот и активно ќе биде вклучено во изготвувањето на описот и условите на проектот, во анализата на нацрт текстовите изготвени од страна на консултантите итн.

6.2.1.3 Дополнителна помош за авторското право и правата на интелектуална сопственост (приближно € 0.2 милиони)

Со цел да се обезбеди целосна согласност со законодавството и праксата на ЕУ, ЗЗИС бара помош за компјутеризација на своите административни процедури за регистрација на права од индустриска сопственост, за одредени групи од Европскиот патентен завод (ЕПЗ). ЕПЗ ќе го испорача специјалниот ″Заеднички софтвер″. Дополнително, Секторот за авторски права при МК се обидува да обезбеди Know–How од ЕУ, за имплементација/спроведување на законот за авторски права и други сродни права, со посебно внимание на ″управувањето и раководењето со колективните права″. Понатаму, ќе се обезбеди и експертиза во однос на разрешување на прашањето за индикаторите на географско потекло.

Експертите ќе го инсталираат ЕПЗ ″Заедничкиот софтвер″, ќе ги преведат неговите упатства за работа, ќе ги компјутеризираат базите на податоци и ќе ги обучат вработените на ЗЗИС. Тие ќе вршат обука и на кадарот од Секторот за авторски права при МК и други поврзани министерства и агенции (царината, судството, Министерството за внатрешни работи, итн.), за менаџмент со правата и нивната заштита во рамките на колективната администрација на правата.

Обата партнери на проектот (ЗЗИС и секторот за авторски права при МК), ќе учествуваат во подготовката на описот и условите за работа. Дополнително, секторот за авторски права ќе настојува да обезбеди заеднички договор на сите ентитети, заинтересирани за колективна заштита и раководење со правата, онаму каде тоа е соодветно. Крајни корисници ќе бидат како домашните, така и странските иматели на права и нивните застапници, кои се обидуваат да го снабдат домашниот пазар со прописно лиценцирани стоки и услуги, со заштитени авторски права и сродни права. Во моментов, пазарот е преплавен со пиратски / фалсификувани производи кои доаѓаат од соседните земји.

*6.2.2 Трговија*

Историјат

Во последниве неколку години, Република Македонија постепено ги отвора своите пазари и оствари напредок во либерализацијата на својата економија преку потпишување на ССА со ЕУ[4]. Сепак, потребни се дополнителни законодавни модификации, како и важни измени во праксата на институциите, кои работат на прашања поврзани со трговијата.

Како што е наведено во ДНС/ПИП, најважната цел на техничката помош од ЕЗ е да обезбеди дека земјата е способна целосно да ги ужива придобивките, кои ги носи слободниот пристап на пазарот на ЕУ. Оваа компонента на програмата 2002 на ЕЗ е подготвена на начин да помогне за следново: (1) зајакнување и развивање на соодветни закони/прописи и институции вклучени во олеснувањето и либерализацијата на трговијата; (2) одредување на стандардите за клучните земјоделски производи, како што е виното (многу важен производ за извозот), како и развивање на соодветна ветеринарна и фитосанитарна контрола, со што ќе им се овозможи на македонските производи да ги задоволат техничките стандарди и стандардите за квалитет на ЕЗ; и (3) зајакнување на човечките ресурси и нивните способности поврзани со трговијата, преку овозможување на соодветна обука и информации.

Ќе биде обезбедена техничка и правна помош за државата да ја развие потребната законска рамка и институционална способност, за имплементација на своите обврски согласно ССА, Времената спогодба за трговија (ВСТ) и (во координација со останатите клучни донатори, особено помошта на USAID) успешна завршница на преговорите за влез во СТО. Ова е од особена важност, со цел да се преговара за договори за слободна трговија со останатите земји од регионот, како што е предвидено во Меморандумот на разбирање на Пактот за стабилност. Во првата половина на 2002 година, беа потпишани договори за слободна трговија со Албанија и Босна и Херцеговина.

Согласно ССА и соодветната програма за хармонизација од 2000 година, во 2002 година, Република Македонија има обврска за изготвување нацрт системски закони и подзаконски акти во обласа на ветерината, заштитата на растенијата и класификација на виното (на пример: катастар на лозја и класификација, определување и заштита на називи, дефинирање на

[4] ЕУ е главниот трговски партнер на земјата и на неа отпаѓа 49% од извозот и 42% од вкупниот увоз во 2001

квалитетот). Извозот на виното претставува 50% од вкупниот извоз на сите домашни земјоделски производи во ЕУ, во 2000 година. Со цел да ги задоволи роковите за исполнување на обврските од ССА, на државата í е потребна дополнителна помош за изготвување на овие закони (закони и подзаконски акти) во согласност со прописите на ЕУ. Ќе бидат потребни и соодветни системи за обука и информирање, во врска со програмите кои се бават со потребата за Интегрирана гранична контрола.

Исто така, Република Македонија би сакала да ги искористи можностите и придобивките од еден Европски информативен дописнички центар (ЕИДЦ). Непостоењето на ЕИДЦ го попречуваше општото разбирање во Република Македонија, на целокупната трговска регулатива на ЕУ и хармонизацијата на домашната регулатива со законодавството на ЕУ. Уште поважно, домашните претпријатија и бизниси немаа лесна врска со потенцијалните партнери во земјите членки на ЕУ, ниту пак имаа едноставен пристап до информациите, поврзани со регулативата на ЕУ во областа на трговијата и извозот.

Комплементарна и поранешна ЕЗ помош

Помошта обезбедена во рамките на оваа програма, претставува надополнување на онаа обезбедена во областа на Правдата и внатрешните работи, во рамките на програмата за Интегрирана гранична контрола. Сите интервенции во областа на контролата на квалитетот на храната, фитосанитарните и ветеринарните стандарди, особено ги зајакнуваат и проширувaaт мерките предвидени во сферата на царинската контрола и зајакнувањето на граничната контрола, во рамките на програмите за менаџмент на интегрираната гранична контрола. Се преземаат прелиминарни работи во сферата на прехрамбената, ветеринарната и фитосанитарна контрола во рамките на CARDS 2001 програмата, воглавно проценувајќи ја сегашната состојба и создавање ″мапа″ на измените, потребни за основање на тело за контрола на квалитетот на прехранбените производи, слично на оние кои постојат во државите членки на ЕУ.

Поврзани активности на други донатори

Во рамките на проектот, ќе треба да се оствари блиска координација на активностите, со оние на сите останати клучни донатори, особено со оние на USAID, кои í помагаат на земјата да стане членка на СТО. USAID размислува и за одобрување на понатамошна помош за имплементација на спогодбата со СТО.

Проектни активности

6.2.2.1 Изготвување нацрт трговски закони / прописи  (приближно € 1 милион)

Еден тим од трговски / правни експерти (како меѓународни така и домашни), ќе ги изготви сите системски закони и подзаконски акти, поврзани со внатрешната и надворешната трговија и ќе спроведе обука за соодветните службени лица, за имплементација и спроведување на предложената нова законска рамка. Сите проектни активности ќе бидат преземени во блиска консултација со МЕ, царината и оние институции кои се одговорни да раководат со останатите пречки за трговијата, кои не се од царински карактер.

Некои корекции се веќе направени, со цел да се задоволат минималните барања на СТО, но процесот е далеку од завршен. Очекуваните корисници кои ќе извлечат полза од проектот, ќе бидат претпријатијата во Република Македонија и економијата во целост, кои ќе профитираат како резултат на помодерните и поедноставени трговски закони. Како главен партнер на проектот, од МЕ воглавно се очекува да раководи со целокупниот процес на менување на

легислативата и процесот на нејзино усвојување. Како и да е, и некои други владини институции (на пример: царината), ќе треба да работат на оваа задача.

6.2.2.2 Изготвување закони/прописи за ветерина, заштита на растенијата и класификација на виното (приближно € 2 милиони).

Експертите ќе асистираат во изготвувањето системски закони и подзаконски акти, во сферата на ветерината, заштитата на растенијата и класификацијата на виното (на пример: катастар на лозја и класификација, определување и заштита на називи, дефинирање на квалитетот) и ќе спроведат обука за вработените во Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство (МЗШV), за имплементација и спроведување на новите закони и прописи.

Директен корисник и партнер на проектот ќе биде Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство (МЗШV), кое побара техничка помош. Крајни корисници, кои ќе извлечат полза од проектот, ќе бидат земјоделските производители во Република Македонија, кои ќе ја подобрат својата позиција и шансите за извоз.

6.2.2.3 Обука (приближно € 0.5 милиони)

Преку проектот ќе се обезбедат совети и обука во однос на правната основа, процедурите и праксата на режим на либерализирана трговија, усогласена со прописите на ЕУ и СТО и најдобрата пракса, за високите официјални лица во трговско–административните тела, како што се МЕ, МЗШV, Царинската управа итн.

Во блиска соработка со партнерот на проектот, односно МЕ, експертите ќе подготват, организираат и спроведат програми за обука.

6.2.2.4 Основање на ЕИДЦ (приближно € 0.5 милиони)

Експертите ќе изготват детална организациона шема и бизнис план, кои треба да бидат одобрени од страна на МЕ и ГД за Претпријатија. Во втората фаза, меѓународните и домашните експерти ќе ги опремат канцелариите (компјутери, интернет врски итн.), ќе направат селекција на вработените и ќе ги обучат. ГД за Претпријатија ќе изврши акредитација на ЕИДЦ, кој веднаш потоа може да започне со работа.

МЕ, како имплементационен партнер, активно ќе учествува во подготовката на организационата шема и бизнис планот на ЕИДЦ. Од можните опции предложени од експертите, МЕ ќе треба да одлучи, која е онаа најсоодветна институционална поставеност за ЕИДЦ.

*6.2.3 Развој на локалната структура*

Историјат:

Република Македонија поседува систем на локална самоуправа на едно ниво, со 123 општини, плус градот Скопје. Потребата за развој на локалната инфраструктура во земјата е голема и итна. Ограничените кадровски и финансиски ресурси на општините, ја ограничуваат нивната способност за одредување на потребите од инфраструктурен карактер. Тие имаат мала финансиска автономија, со непостоење на кохерентен систем на локално јавно финансирање.

Планирањето и финансирањето на инвестициите на локално ниво, се раководи од централната власт и покрај фактот што согласно неодамна усвоениот (февруари 2002 год.) Закон за локална самоуправа, токму општините се оние одговорните за обезбедување на урбано и рурално планирање, како и за комуналните активности, образованието и здравствените услуги.

Како што е предложено и во ДНС/ПИП, ЕЗ има намера да продолжи со поддршка на процесот на децентрализација и помош за локалните општини, за разрешување на нивните финансиски / капацитет / институционални потреби, за развој на инфраструктурата од помал обем. Програмата ќе го поддржи веќе отпочнатиот процес на децентрализација, ќе финансира приоритетни иницијативи за локален развој и ќе придонесе за порамноправна распределба на средствата меѓу неразвиените заедници. Посебно внимание ќе се обрати на оние најнеразвиени и погодени региони, со цел да се подобрат животните услови во неразвиените рурални области и да се унапреди возобновувањето на нормални услови, во областите кои беа најтешко погодени од политичката и воена криза од 2001 година.

Комплементарна и поранешна ЕЗ помош

Помошта која се обезбедува во рамките на оваа програма, на ефикасен начин ги надополнува останатите програми во широкиот сектор на економски и социјален развој, како и оние во секторот за демократија и владеење на правото (на пример: предложениот проект за намалување на етничките тензии) и правдата и внатрешните работи. Тоа особено ќе овозможи шанси за вработување во конкретните области, истовремено придонесувајќи кон воспоставување на подобри услови за живот. Целта е, дополнително намалување на меѓуетничките тензии, преку унапредување на неразвиените подрачја, без разлика на нивниот етнички состав на населението.

Програмата претставува надополнување и на: (1) PHARE програмата за развој на локалната власт, која беше започната во февруари 2002 година, за зајакнување на капацитетите на Министерството за локална самоуправа и општините; и (2) фондот на грантови, предвиден во програмата за општински развој CARDS 2001, каде се врши селекција на серија иницијални проекти. Агенцијата се наоѓа и пред завршување на проектите за електричната мрежа и реконструкција на домовите, за кои средствата за финансирање беа обезбедени по итна постапка. Итни програми беа исто така финансирани и од страна на ЕCHO, во сферата на руралната инфраструктура, кои ќе послужат како пилот проекти за програмите, кои во поголема мерка ќе бидат ориентирани кон развојот.

Поврзани активности на други донатори

Светската Банка размислува за проект за развој на општинската инфраструктура, заснован врз партиципативниот приод за инвестициони шеми, базирани на заедницата и институционално зајакнување. Програмата ″Социјална инфраструктура И и II″, имплементирана од страна на KfW во име на Германската влада, веќе обезбедува поддршка на процесот на децентрализација, преку обезбедување на финансирање на проекти за општинска инфраструктура, согласно приоритетите на локалните заедници. GTZ дава поддршка на зајакнувањето на општинските претпријатија. USAID го има Проектот за реформа на локалната самоуправа, а заедно со GTZ и ЕЗ дава поддршка и на Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС). UNDP, DFID–ВБ, холандската влада и СИДА, исто така работат на комплементарни проекти за локално зајакнување.

Проектни активности

6.2.3.1 Развој на општинската / локална инфраструктура (приближно € 14 милиони)

Експертите ќе им помогнат на централната власт и општините, да воспостават системи за планирање, реализација и управување со проектот. Подоцна ќе биде основана и Единица за проектна имплементација (ЕПИ), со цел да се обезбеди понатамошен развој на капацитетите на локалната самоуправа, за тековно работење и одржување на инфрастурктурата. ЕПИ ќе обезбеди и обука на самото работно место, на пример за раководење со проектниот циклус.

Во почетокот, во рамките на програмата CARDS 2001, ќе се ангажираат меѓународни консултанти, кои на МЛС ќе му помогнат во одредувањето на приоритетите и оценувањето на предлог проектите добиени од општините. Надзорниот одбор (со претставници од МЛС, општинските асоцијации (ЗЕЛС), други релевантни министерства, ЕПИ итн.), ќе ги одобрува проектите за финансирање, согласно критериумите за избор и расположивоста на средства. Разбирливо, при одредување на приоритетите, секоја општина ќе има право само на еден од своите проекти. Критериумите за избор на проектите, ќе се фокусираат на видот на проектот, степенот на сиромаштија, етничката и географска рамнотежа. Откако еден проект ќе биде одобрен, експертите, финансирани преку програмата CARDS 2001, ќе ја изготват тендерската документација за инфраструктурните проекти од мал обем.

Партнер на проектот ќе биде Министерството за локална самоуправа (МЛС), кое ја има општата одговорност за процесот на административна децентрализација, како и за развојот на политики за унапредување на самоуправата. Полза од проектот ќе извлечат вработените во избраните општини и во МЛС, како и граѓаните кои живеат во избраните општини.

*6.2.4 Социјална кохезија / вработување*

Историјат

Мерките за социјална кохезија добија голема помош од ЕЗ, почнувајќи од 1997 година и како што е споменато во ДНС/ПИП, тие остануваат високо на списокот на приоритети за финансиска подршка на програмите, од 2002 до 2004 година. Поконкретно, Република Македонија сака да започне со процес на социјален дијалог, кој би се сконцентрирал на дефинирање сеопфатна национална политика за вработување и обезбедување на задоволителен капацитет, за имплементација на подршката и услугите за вработување.

На крајот на 2001 година, стапката на невработеност беше проценета на 30.5%. Околу 43% од невработените лица ѝ припаѓаат на групата на возраст 20–29, додека 75% од сите невработени, се обидуваат да најдат вработување повеќе од четири години. Во владиниот Документ за стратегијата за намалување на сиромаштијата (ДСНС, 2000 година), е прикажано на кој начин економската транзиција, а особено приватизацијата, ја разоткри сериозноста на ″долготрајната акумулација на превработување″. Во ДСНС беше идентификувана потребата за развивање на политика на пазарот на трудот, насочена кон забрзување на растежот и поттикнување на создавањето нови работни места. Имајќи ја предвид блиската врска помеѓу невработеноста и сиромаштијата, од исклучителна важност е, на зголемувањето на вработеноста да му биде посветено постојано внимание од висок приоритет.

Министерството за труд и социјална политика (МТСП), е во фаза на изработка на прелиминарен акционен план. Во минатото недостасуваше процес на ″социјален дијалог″ во Република Македонија, а МТСП и организациите ″социјални партнери″ (на пример: Стопанската комора, трговските синдикати), се согласуваат дека таквиот партиципативен процес е од клучна важност за развивање на усогласен Национален акционен план за вработување. Што се однесува до капацитетите за имплементација, досега, главниот ангажман на 30–те канцеларии на Заводот за вработување низ земјата, беше водењето на регистри за примателите на социјална помош и исплата на парична помош за невработените. Како и да е,

канцелариите на Заводот за вработување имаат ограничен капацитет, што ги спречува да понудат повеќе проактивна услуга за вработување.

Комплементарна и поранешна ЕЗ помош

Во март 2002 година, започна имплементацијата на вториот од двата проекти за Стручно образование и обука (СОО), подржани од ЕЗ, кој воглавно се концентрира на средните училишта (финансиран во рамките на PHARE програмата 1997 и 2000). ПИП предвидува продолжување на ЕЗ помошта за СОО во 2003 или 2004 година. МТСП е корисникот на 1999 ЕЗ PHARE финансиската подршка, за проектот за институционална изградба (насочен кон одговорноста на министерството, за социјална безбедност) кој започна во февруари 2002 година. Во меѓувреме, одреден број комплементарни активности како подршка на економскиот развој, вклучувајќи го и ″Фондот за развој на човечките ресурси во претпријатијата″ (CARDS 2002), на работодавците во Република Македонија ќе им овозможат пристап до модерната обука за менаџмент.

Поврзани активности на други донатори

Од 2003 година, Светската Банка предлага да даде подршка за МТСП, во реформите на легислативата за работни односи, а може да даде свој придонес и во анализата на одговорностите и задачите на социјална грижа во Државниот завод за вработување. Во последните две години, преку својот PRISMA проект, USAID работи во областа на создавање нови работни места / задржување на постоечките и подобрување на конкурентноста на претпријатијата, вклучувајќи и поттикнувачки иницијативи, заедно со локалните заводи за вработување. USAID и UNDP даваат подршка и на еден проект, чија цел се активностите за вработување на младите луѓе. Германија (GTZ), Холандија и Фондацијата SOROS, исто така даваат подршка за развојот на СОО.

Проектни активности

6.2.4.1 Дефинирање на сеопфатна Национална политика за вработување (приближно € 2.5 милиони)

Со техничката помош (ТП): (1) ќе му се помогне на МТСП да воспостави и одржува сеопфатен и транспарентен процес на социјален дијалог, вклучувајќи ги сите партнери на проектот; (2) ќе се обезбеди совет за еден фазен процес, за дефиниција на општа стратегија за вработување, политики и Национален акционен план (НАП) за вработување; и (3) ќе се помага на приоритетните потреби за реструктуирање на државната мрежа на заводи за вработување, вклучувајќи го и обезбедувањето на обука за вработените и основна канцелариска опрема.

НАП ќе поседува структура, која ќе содржи активности од четирите тематски столбови на вработливост, претприемништво, адаптибилност и еднакви можности. Тој ќе треба да се придржува и кон хоризонталните упатства на ЕУ, за исполнување на целите за вработување, социјално партнерство, доживотно учење, вклучување на регионална/локална димензија и развој на индикатори.

Како клучен партнер на проектот, МТСП (со помош на Заводот за вработување): (1) активно ќе учествува во финализацијата на описот и условите дефинирани за техничката помош, (2) ќе превземе водечка улога во институционализирањето на НАП и поврзаниот процес на социјален дијалог, (3) ќе придонесе во изготвувањето на било каква првична легислатива (а подоцна ќе се погрижи и за нејзиното спроведување), (4) ќе ја обезбеди сета потребна подршка за мерките на реструктуирање на заводите за вработување. Овој проект ги зема предвид упатствата кои ги дава Европската фондација за обука.

*6.2.5 ТЕМПУС*

Историјат

Темпус програмата беше усвоена од страна на Советот на министрите на Европската Унија, на 7 мај 1990 година. Програмата беше изготвена со цел да се подржи процесот на реформи, во земјите на Централна и Источна Европа, во сферата на високото образование, во рамките на PHARE програмата на Европската Заедница.

На 29 април 1999 година, Советот усвои нова Одлука за Темпус програмата наречена ″Темпус III″, со која беа опфатени сите земји без асоцијативно членство од југоисточна Европа и партнерските земји од источна Европа и централна Азија. Новата фаза на програмата ќе се одвива од 2000 до 2006 година.

Во рамките на целите за општа економска реформа на програмите на Европската Комисија, за подршка на земјите без асоцијативно членство и партнерските земји од источна Европа и централна Азија и Монголија, Темпус III има за цел, унапредување на развојот на системите на високо образование во партнерските земји, преку балансирана соработка меѓу високо образовните институции во партнерските земји и оние во државите членки на Европската Унија.

Новата фаза на Темпус програмата се обидува да придонесе кон:

- Развој на високо образовна политика и системи;
- Реформи во управувањето со високото образование, раководењето и финансирањето;
- Зајакнување на врските со локалното и регионално стопанство, како и со останатите заинтересирани страни во рамките на високото образование;
- Развој на наставни планови и програми во приоритетните области за економска и социјална транзиција;
- Подобрување на мобилноста на студентите и академскиот кадар;
- Развој на административните и институционални структури, преку обука на вработените во не–академските институции;
- Зајакнување на регионалната соработка и умрежувањето, помеѓу високо образовните институции од југоисточна Европа.

Приоритет за високо образовните системи во југоисточна Европа е исполнување на целите од таканаречената Болоњска Декларација, која беше потпишана од 29 европски влади и која има за задача создавање на заеднички европски високо образовен простор, до 2010 година. Нејзините цели го вклучуваат и создавањето на заеднички систем на високо образовни звања во Европа (универзитетска диплома, магистериум, докторат), воведување на Европски кредитен трансфер систем (ЕКТС), зајакнување на европската димензија во обезбедувањето на квалитетот на студии и отстранување на сите пречки, кои влијаат врз мобилноста на студентите и академскиот кадар.

Учеството во (а тоа значи почитувањето на) таканаречениот Болоња процес, бара систематски структурни реформи во универзитетското управување, раководење и финансирање, а особено зајакнување на стратешките раководни способности на универзитетите, преку институционална интеграција (во моментов, во најголем број случаи, југоисточните европски универзитети, всушност претставуваат здруженија на факултети).

Темпус програмата дополнително ќе придонесе кон зајакнувањето на регионалната соработка меѓу високо образовните институции во југоисточна Европа. Имајќи ја предвид малата големина на системите на високо образование, повторното воспоставување на регионални академски врски во една европска рамка, се чини дека е предуслов за ефикасното искористување на ограничените ресурси, па така и за долгорочниот опстанок и одржливост на

високо образовните системи во југоисточна Европа. Регионалната соработка може да придонесе и за меѓусебно разбирање и надминување на етничките и политички пречки и бариери. Универзитетите од Република Македонија може да имаат важна улога во развивањето и одржувањето на таквата регионална соработка.

Проектни активности

6.2.5.1 Подршка за Темпус III програмата (приближно € 3.0 милиони)

Преку програмата ќе се финансираат Заеднички европски проекти (ЗЕП) и Индивидуални грантови за мобилност (ИГМ).

Заедничките европски проекти можат да се фокусираат на една од следниве области:

Универзитетски менаџмент: ЗЕП за Универзитетски менаџмент можат да бидат фокусирани на системите и развојот на политиките, реформи во управувањето со универзитетите, администрација и финансирање, воведување на библиотечни и менаџмент информациони системи, зајакнување на гаранцијата на квалитетот, воведувањето на канцеларии за меѓународни врски и соработка, воведувањето на Европски кредитен трансфер систем или основање на Центри за трансфер на знаење и технологија.

Развој на наставна програма: ЗЕП за развој на наставна програма, се фокусираат на изготвување нови, или пак ревизија на постоечки наставни планови или предмети, развојот и подготовката на нови едукативни материјали, воведувањето на нови едукативни методологии и повторната или дополнителна обука на академскиот кадар.

Институционална изградба: ЗЕП за институционална изградба се фокусираат на зајакнување на граѓанското општество и реформите на јавната администрација, преку развивање на краткорочни циклусни курсеви за обука на вработените од неакадемските институции, како што се локалните, регионалните и националните власти, социјалните партнери, професионалните асоцијации, медиумите, како и невладините организации.

Проекти за умножување: тие се дизајнирани со цел да ги дистрибуираат резултатите од поранешните Темпус проекти и да остварат врска помеѓу институциите, кои работат на реформите на високото образование во слични тематски области. Овие проекти вообичаено вклучуваат поголем број партнери од Југоисточна Европа и Европската Унија.

Регионален приод: Сите горенаведени типови на проекти, можат да се имплементираат на регионално ниво, на пример: проекти во кои ќе учествуваат високо образовни институции не само од една, туку од повеќе Темпус партнерски држави кои се квалификуваат.

## 6.3 Правда и внатрешни работи

Соработката во сферата на правдата и внатрешните работи, треба да се фокусира на зајакнување на институциите кои го спроведуваат законот на сите нивоа. Поконкретно, програмата за Република Македонија од 2002 година, предлага проектни активности во следниве области: Интегрирана гранична контрола (6.3.1); Имиграција и азил (6.3.2); и Борба против криминалот (6.3.3).

### *6.3.1 Интегрирана гранична контрола*

Историјат

Проблемите со контролата на границата во Република Македонија се меѓусебно поврзани (трговија, миграција, нелегална трговија, итн.) и ефикасно може да биде единствено едно сеопфатно решение, кое ќе ги земе предвид сите различни проблеми. Конфликтот во текот на 2001 година, во најголем дел беше лоциран долж северната и северозападната граница на земјата, што резултираше во големо количество неекплодирани минско експлозивни средства (МЕС); Токму затоа, техничката помош од ЕЗ ќе треба да ги земе предвид и активностите на расчистување на МЕС во овие региони. Без ваквата интервенција, физичката безбедност и слободата на движење во северниот и северозападниот пограничен регион, ќе останат како сериозни нерешени прашања, кои ќе ја попречуваат прекуграничната комуникација.

Во секој случај, сеуште треба да се развие една општа, кохерентна Национална стратегија за гранична контрола, со што се сложија сите домашни, а за неа се разговараше и со сите регионални партнери, а за постигнување на таа цел, потребна е понатамошна помош од ЕЗ. Ваквата стратегија ќе ги дефинира и приоритетните гранични премини од прво и второ ниво, прашањето дали објектите ќе бидат интегрирани или не, потребното ниво на рехабилитација / реновирање / модернизација итн.

CARDS регионалната програма за Интегрирана гранична контрола, за Република Македонија, ги идентификуваше Пан–европскиот коридор X (Будимпешта–Белград–Скопје–Солун–Атина) и Пан–европскиот коридор VIII (Варна–Бургас–Софија–Скопје–Тирана–Дурес) како двата најважни транспортни коридори, за кои е потребна соодветна инфраструктура и објекти на граничните премини. Како што е прикажано во приложениот Прилог кон Проектот (6.3.1.1), веќе се превземени значителни работи (или се во тек) на царинските терминали и граничните премини за овие два коридори.

Дополнително, финансирањето преку CARDS ќе се употреби не само за развој на сеопфатна стратегија, туку и за обезбедување финансиски средства за зголемена безбедност во пограничниот регион. Како резултат на минатогодишниот конфликт, во голема близина на границата постои големо количество на МЕС, кои претставуваат сериозна закана за слободата на движењето и процесот на враќање во домовите на раселените лица. Барањето на ОН, за активности на расчистување на теренот од МЕС, ја потврдува итноста на ова прашање.

Комплементарна и поранешна ЕЗ помош

Во 2001 PHARE/CARDS програмата, беше предложено да се помогне во подготовката на стратегија за гранична контрола, но проектот сеуште не е отпочнат. Одобрените средства од 2001 година, сега ќе бидат вклучени во програмата од 2002 година за ИГК. Првичните активности за расчистување на МЕС беа финансирани преку Механизмот за рапидна реакција на ЕЗ II.

Имајќи го предвид меѓународниот карактер на политиките на гранична контрола на земјите потписнички на ССА и нивниот ефект врз државите членки на ЕУ и земјите кандидати за членство, телата вклучени во изготвувањето на програмата во структурните фондови на ЕУ INTERREG и PHARE програмата, ќе бидат целосно информирани и запознати со развојот на националните стратегии за интегрирана гранична контрола. Тоа ќе обезбеди максимална кохерентност и комплементарност со ЕУ INTERREG и PHARE програмите за прекугранична соработка.

Координацијата со INTERREG и PHARE ќе биде од клучна важност, со цел да се обезбеди дека програмите за соработка во пограничните региони ги надополнуваат активностите, кои се одвиваат на другата страна од границата. Тоа ќе помогне и во потрагата по слични спреги, со проектите развиени за гранична контрола и граничните премини во рамките на други програми.

Поврзани активности на други донатори

Преку својот Кредит за олеснување на трговијата (КОТ), Светската Банка помага во модернизацијата на граничните премини и менаџмент системите помеѓу Република Македонија, Бугарија, СР Југославија и Албанија. UNDP исто така реализира еден граничен проект помеѓу Република Македонија и Бугарија. Норвешка ќе помогне во финансирањето на активностите за расчистување на теренот од МЕС.

Проектни активности

6.3.1.1 Развој на сеопфатна стратегија за Интегрирана гранична контрола (приближно € 0.3 милиони)

Проектот ќе претставува надополнување на активностите и финансирањето кое веќе е одобрено за развој на стратегија за ИГК, во рамките на програмата од 2001 година.

Експертите ќе го сторат следново: (1) финализација и детализирање на државните стратешки цели во оваа сфера, врз основа на прецизна анализа на проблемите и веќе завршените работи; (2) идентификација на стратешките приоритети, програми и индикатори за постигнатото; и (3) подготовка на јасен и остварлив работен план (вклучувајќи конкретни студии, технички спецификации и опис и услови на работите), кои ќе бидат потребни за да се обезбеди имплементацијата на стратегијата.

Партнери на проектот ќе бидат Министерството за внатрешни работи и Работната група за интегрирана гранична контрола, која ќе изврши преглед на описот и условите на студијата и ќе помогне во проценката на понудите во тендерскиот процес.

6.3.1.2 Деминирање (приближно € 1.9 милиони)

Преку проектот ќе се обезбеди финансирање, кое ќе придонесе за зголемена безбедност во Република Македонија, преку намалување на ризикот предизвикан од присуството на МЕС во поранешните кризни региони.

Проектот ќе се имплементира со помош на три партнери. Канцеларијата на Службата за деминирање на Обединетите Нации (СДОН) во Скопје, која ќе биде ангажирана за координација на проектните активности, за сервисирање на базата на податоци на Информативниот менаџмент систем за деминирање (ИМСД), како и за зајакнување на националните капацитети и способноста на Министерството за одбрана и неговата Единица за цивилна заштита. Со посебни директни договори ќе бидат ангажирани две искусни меѓународни невладини организации, за расчистување на теренот од МЕС и обезбедување обука на лице место за ново–обучениот кадар од Единицата за цивилна заштита. Во активностите на расчистување на теренот, ќе бидат вклучени осум теренски тимови, три тимови на кучиња–трагачи по мини и еден истражувачки тим.

*6.3.2 Иимиграција и азил*

Историјат

Нелегалните имигранти и луѓето кои бараат азил се мошне често извор на големи социјални тензии и причина за зголемено ниво на криминални активности. Добрите политики и закони за имиграција и азил, помагаат за намалување на таквите социјални проблеми, а ЕЗ во

својот ДНС/ПИП, предлага да обезбеди помош во изнаоѓањето решенија во согласност со стандардите на ЕУ и меѓународната најдобра пракса.

Иако Република Македонија е потписник на Конвенцијата за бегалци од 1951 година и некои други клучни меѓународни протоколи, начелата кои се содржани во овие инструменти не се рефлектираат во целост, во националната легислатива на земјата. За време на кризата на Косово во 1999 година, Република Македонија прими повеќе од 360.000 бегалци, во период од два месеци. Најголемиот дел од бегалците се вратија во своите домови по завршувањето на конфликтот. Бројот на оние кои останаа, воглавно роми од Косово, изнесува околу 3.500. Иако сите тие се здобија со статусот на ″привремена заштита″, што се однесува до основните права на бегалците, постоечките закони во Република Македонија не гарантираат премногу. Со помош на UNHCR беше изготвен нов Закон за азил. Нацрт законот е во согласност со меѓународните и ЕУ стандарди, но сеуште не е усвоен од страна на Парламентот.

Сé поголема е потребата, Република Македонија да ги подобри и своите процедури за справување со мигрантите кои влегуваат во земјата. Сé поголем е бројот на луѓето кои ја користат Република Македонија како коридор кон западна Европа. Минатата година, во земјата влегоа над 12.100 илегални мигранти. Постојниот Закон за движење и престој на странски лица од 1992 година, се анализира и истиот треба да претрпи одредени корекции со цел да ги задоволи европските стандарди. Тоа би ги опфатило и прашањата, како што се новиот визен режим и подобрување на процедурите за справување со нелегалните мигранти.

Концептот за Национален акционен план за азил и миграција е усвоен од страна на Владата. Планот ќе ја земе предвид како правната рамка, така и практичните средства за остварување на посеопфатен и подобро координиран систем на раководење со прашањата од сферата на азилот и миграцијата. Освен некои подготвителни работи, до овој момент, напредокот во однос на Националниот акционен план е минимален.

Очекуваните корисници кои ќе извлечат полза уште на самиот почеток, ќе бидат 3.500 лица со ″статус на привремена заштита″ во Република Македонија. Некои од нив го поседуваат ваквиот статус, со мали или никакви права, уште од јуни 1999 година. Владата го одлага разгледувањето на нивниот случај како лица кои бараат азил. Слично на тоа, со измени и дополнувања на законот за миграција и процедурите, може да се очекува големо подобрување во начинот на процесирање и пружање помош за странските лица кои влегуваат во Република Македонија.

Комплементарна и поранешна ЕЗ помош

Уште од 1999 година, ECHO обезбедува хуманитарна помош за бегалците од Косово. Во 2002 година, € 0.6 милиони евра му беа доделени на UNHCR за да обезбеди основна помош (храна, дрва за огрев) и трајни решенија (доброволни шеми за репатријација) за остатокот бегалци.

Постои многу блиска поврзаност меѓу целите на Иницијативата на Пактот за стабилност и CARDS програмата. Веќе се спроведени некои дискусии на работно ниво, во врска со соработката на двете страни во оваа област, како на пример, на развојот и имплементацијата на Национален акционен план.

Мисијата за проценка, од страна на експертите за ПВР во Република Македонија, во јуни 2002 година, ќе биде корисна вежба за обезбедување на првична анализа на прашањата на миграција и азил. Оваа анализа ќе биде вградена во процесот на изработка на Националниот акционен план.

Поврзани активности на други донатори

Во моментов, не постои билатерална донаторска активност во оваа област. Главните актери беа UNHCR, кој помогна да се изготви новиот Закон за азил и Пактот за стабилност, преку својата иницијатива за миграција и азил. IOM (Меѓународната организација за миграции)

е вклучен и работи на подобрување на процедурите за справување со одредени групи на илегални мигранти, особено жените кои се жртви на нелегалната трговија со луѓе.

Проектни активности

6.3.2.1 Развој на легислатива и стратегија за имиграција/азил (приближно € 2 милиони)

Меѓународните експерти: (1) ќе му помогнат на Министерството за внатрешни работи (МВР) во ревидирањето на сите закони и подзаконски акти поврзани со новиот Закон за азил, во консултација со останатите релевантни министерства/агенции; и (2) ќе помогнат да се подготви и финализира Националниот акционен план. Планот ќе содржи анализа на потребите за прашањата на азил, миграција и визниот режим. На тој начин ќе се идентификуваат легислативните, институционалните и административните недостатоци во тие области.

Врз основа на Националниот акционен план, меѓународните експерти ќе развијат и презентираат програма за обука во текот на една година, до 18 месеци. Програмата ќе опфати кадри од сите клучни министерства и агенции, вклучувајќи ги и МВР и МТСП, центрите за социјални работи и судството. Тие ќе му асистираат на МВР и во институционализацијата на подобро координиран, меѓувладин пристап кон менаџментот со прашањата на азил и миграција воопшто.

Главен партнер на проектот ќе биде Министерството за внатрешни работи. Другите важни партнери се Министерството за труд и социјална политика (на пример за барателите на азил со статус), Министерството за правда и пограничната полиција.

МВР и МТСП ќе учествуваат во подготовката на описот и условите на проектот. Исто така, тие ќе земат активно учество во развивањето на Национален акционен план во соработка со консултантскиот тим. Министерствата исто така ќе придонесат и за воведувањето на нов меѓувладин пристап кон менаџментот на прашањата на миграција и азил.

### *6.3.3 Борба против криминалот*

Историјат

Криминалот, особено борбата против дрогата и перењето пари, станува сé посериозен проблем во државата. Борбата против овие две форми на криминал е од врвен приоритет, а ќе биде подржана и преку техничката помош на ЕЗ.

Перење пари: Во септември 2001 година, Министерството за финансии основаше Агенција за превенција на перењето пари (АППП) во својот Директорат за борба против перењето пари. Во суштина, Директоратот на Министерството и АППП се една иста институциија. Во август 2001 година, Парламентот го усвои Законот против перењето пари, кој стапи на сила на 1 март 2002 година. Преговорите со Егмонт групата[5] се веќе започнати и се очекува дека Република Македонија ќе се здобие со полноправно членство следната година.

[5] Егмонт групата претставува заедничка организација на 58 национални финансиски разузнавачки единици (ФРЕ). Најзина функција е помагање на нивниот развој и размена на информации со цел да се надминат пречките кои ја спречуваат прекуграничната размена на информации

Регионалната соработка ефикасно се спроведува преку SECI6 Центарот во Букурешт. Како и да е, како што е невадено во неодамнешниот Работен документ на Комисијата за ССА статусот во Република Македонија, националните структури треба да се консолидираат и треба да се подобри соработката меѓу различните агенции, задолжени за спроведување на законот, финансискиот сектор и судството.

Во моментов, не постојат сите потребни средства за ефикасно спроведување на новиот закон. Во моментов, Директоратот/АППП брои само 4 вработени, кои не се способни да ги обработат стотиците примени банкарски извештаи, во најголема мерка поради недостатокот на опрема. Дополнително, на Директоратот му недостасува долгорочна техничка помош, која би асистирала во подготовката/разгледувањето на подзаконските акти, како и во изготвувањето на механизми кои би ја зајакнале институционалната соработка. Помошта од ЕЗ ќе се фокусира на изготвувањето на потребните подзаконски акти, обезбедување на постоење на национални механизми за соработка и зајакнување на мерките за спроведување, компатибилни со стандардите на ЕУ и меѓународните стандарди. Исто така, ќе биде обезбеден и одреден дел од потребната опрема.

Борба против дрогата: Поради својата географска локација, Република Македонија воглавно е транзитна земја (не од голем обем) за шверцот со забранети дроги во ЕУ. Домашното ниво на потрошувачка на дрога е сеуште релативно ниско, а јавната свест и информираноста за проблемот е ограничена. Владините политики се засноваат на националната програма (нацрт акционен план) за борба против злоупотребата на дрогата и трговијата со незаконски дроги, која беше усвоена во 1996 година. Основана е и Меѓувладина Комисија за борба против дрогата и со неа претседава Премиерот, но таа нема извршна улога.

Многу повеќе може и треба да се стори во борбата со проблемот на дрогата. Општо гледано, Владата треба да ја зајакне и развие законската рамка, да ја зајакне својата способност за ефикасна гранична контрола, да ја подобри координацијата помеѓу органите задолжени за спроведување на законот и да ја зајакне меѓународната соработка во овој сектор. Уште поконкретно, Владата треба да развие сеопфатна стратегија насочена кон намалување на нивото на нелегалната трговија, како и на домашната понуда и побарувачка. Таа треба да се заснова на нацрт акциониот план, изготвен од Меѓувладината Комисија за борба против незаконските дроги. Уште поважна е потребата за постоење на институции кои се способни да ги организираат/координираат активностите за спроведување на законот. Во моментов не постои ниту општа стратегија, законска рамка, ниту пак механизам за спроведување на законите.

Очекувани директни корисници, како на програмата против перењето пари, така и на онаа за борба против дрогата, ќе бидат примателите на техничка помош. На среден рок, државата ќе извлече полза од мерките за изградба на институционалната способност, кои ќе резултираат во подобро спроведување на законите и намалено ниво на криминал.

Комплементарна и поранешна ЕЗ помош

Програмата за полицијата која започна во рамките на ЕЗ 2001 Механизмот за рапидна реакција (МРР), како и програмите за интегрирана гранична контрола од 2000 и 2001 година, претставуваат надополнување на предложените активности за борба против перењето пари и проблемот со дрогата.

Поврзани активности на други донатори

Предложениот проект против перењето пари од 2002 година ќе обезбеди директна координација на своите активности, со оние на Амбасадата на Соединетите американски држави, која управува со ″проектот за анти–терористичка обука″ (финансиран од

[6] Југоисточната европска иницијатива за соработка опфаќа 11 земји од регионот, кои соработуваат од оперативен аспект со националните институции од царината и полицијата

Министерството за финансии на САД), со Агенцијата за трансфер на финансиска технологија, лоцирана во Луксембург (обука на финансиски институции финансирана од Луксембург, во рамките на Пактот за стабилност) и активностите на SECI центарот во Букурешт. Предложените активности за контрола на дрогата, ќе треба директно да се координираат со постоечката UNDCP програма, со Европол, Евроцарината, како и со Европскиот мониторинг центар за дрога и зависност од дрога, лоциран во Лисабон.

Проектни активности

6.3.3.1 Подршка на програмите за борба против перењето пари (приближно € 0.7 милиони)

Ќе бидат обезбедени експертски услуги за Директоратот за борба против перењето пари при Министерството за финансии, со цел: (1) да се развијат механизми за спроведување на постоечката легислатива; (2) да се изготват нацрт и/или анализираат подзаконските акти; (3) да се развие механизам на соработка меѓу сите институции вклучени во борбата против перењето пари; и (4) да се обучат кадрите во домашните финансиски институции, за начинот на кој можат да се справат со перењето пари, односно прашањата на идентификација, превенција и спроведување на законот.

Експертските услуги истовремено ќе ги зајакнат оперативните можности на Директоратот, преку набавка и инсталација на софтвер и електронска поврзаност помеѓу Директоратот и финансиските институции. Тоа ќе обезбеди поефективна и поефикасна обработка на евидентираните финансиски трансакции.

Директоратот ќе биде клучниот партнер за имплементација на проектот. Сите активности ќе бидат изготвувани и преземани заеднички и со подршка на Директоратот. Министерствата за правда и внатрешни работи, активно ќе учествуваат во подготовката на деталниот акционен план.

6.3.3.2 Подршка на програмите за борба против трговијата со дрога (приближно € 0.3 милиони)

Експертите ќе помогнат во следново: (1) изготвување на законот за наркотични средства; (2) подготовка на подзаконски акти за лесни и тешки опојни наркотични средства; (3) изготвување препораки за развој на сеопфатна национална стратегија за борба против дрогата; (4) изготвување препораки за развој на оперативна инститиционална рамка; и (5) развој на мрежа на ефикасни механизми за соработка и размена на информации во земјата и регионот.

Се очекува партнери на проектот да бидат Министерството за здравство и Меѓувладината Комисија, која се состои од претставници од министерствата за здравство, правда, внатрешни работи, земјоделие, образование, царинската управа и фармацефтската индустрија.

## 7. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Тендерска процедура и потпишување договори

Потпишувањето договори за услуги, реализација и материјали, ќе биде реализирано во согласност со процедурите за тендер и избор на најповолен понудувач, содржани во Финансиските прописи, Регулатива на Советот 2666/2000, односно ″Упатството со инструкции

за договори склучени за целите на соработка на Заедницата со трети земји″ (усвоено од страна на Комисијата на 10 ноември 1999 година) и упатството на EuropeAid насловено како ″Практичен водич за процедурите на потпишување договори за надворешна ЕЗ помош″.

Планирање на проектот и имплементација

Оваа програма ќе се имплементира под контрола на Европската Агенција за реконструкција (освен Темпус III програмата во вредност од € 3 милиони), која ќе ги потпише сите спогодби за финансирање и договорите со провајдерите на услуги и добавувачите.

Имплементацијата на проектите ќе се реализира во блиска соработка и консултација со властите на Република Македонија, а особено со Националниот координатор за странска помош и оние меѓународни агенции и донатори, кои се активни во различните сфери опфатени со ЕЗ програмата.

Покрај општите услови предвидени со ССА, може да бидат поставени и дополнителни услови, специфични за програмата/проектот. Овие програмски и проектни услови ќе бидат дефинирани во Договорот за финансирање/Меморандумот, кој ќе биде потпишан со власта. Неисполнувањето на предвидените програмски/проектни услови може да предизвика одложување, суспензија или откажување на планираната или ветената помош.

Темпус III: Генералниот директорат за Образование и култура на Европската Комисија, ја има целосната одговорност за политиката и раководењето со Темпус програмата. Откако ќе биде завршен годишниот повик за доставување предлози, проектите се оценуваат од академски и технички аспект, согласно општите критериуми и списокот на национални приоритети, изготвен во соработка со властите на државата партнер, а имајќи ги предвид целите од ССА и целите на политиката на соработката на ЕУ со Темпус партнерските држави. Во имплементацијата на програмата, Комисијата добива помош од Темпус Комисијата, основана со Одлуката на Советот за Темпус III, која се состои од претставници од државите членки.

Мониторинг, оценка и ревизија

Оваа програма (освен Темпус III програмата, која ќе биде имплементирана од страна на Комисијата) ќе биде контролирана и надгледувана од страна на Агенцијата која е задолжена за следново:

1. Супервизија на имплементацијата на програмата, врз основа на редовни извештаи;
2. Спроведување на редовен мониторинг и оценки за следење на напредокот на програмата и нејзините компоненти, како и ретроактивна оценка по завршувањето на програмата.

Финансиската состојба и функционирањето на компонентите на програмата можат да се проверуваат на одредени временски интервали, од страна на надворешен ревизор ангажиран од страна на Комисијата, без предрасуди во однос на одговорноста на Европската канцеларија за борба против измами (ЕКБИ) и Судот на ревизорите на Европската Унија.

## 8. ОБВРСКИ И ПОСВЕТЕНОСТ НА ВЛАДАТА / УСЛОВЕНОСТ

Помошта се дава под услов на постоење на потребните елементи за продолжување на соработката преку техничка помош, а особено на почитувањето на демократските начела и човечките права, како и на обврските превземени од страна на Република Македонија со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

## 9. СПИСОК НА ПРИЛОЗИ

Индикативен распоред на исплати.
Прилози кон проектот со временска рамка за реализација.

ПРИЛОГ
Индикативен распоред на исплати (акумулирани милиони €)
Имплементација од страна на Агенцијата

| Сектор | Јуни 2002 | Дек. 2002 | Дек. 2003 | Дек. 2004 | Дек. 2005 | Дек. 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Демократија и владеење на правото | | 0.3 | 1.0 | 2.7 | 2.9 | 3.0 |
| Развој на приватниот /финансискиот сектор | | 0.3 | 1.2 | 1.8 | 1.9 | 2.0 |
| Трговија | | 0.3 | 3.0 | 3.9 | 3.9 | 4.0 |
| Развој на локалната инфраструктура | | 0.5 | 5.5 | 13.5 | 13.8 | 14.0 |
| Социјална кохезија | | 0.3 | 1.0 | 1.8 | 2.3 | 2.5 |
| Интегрирана гранична контрола | | 1.9 | 2.0 | 2.2 | 2.2 | 2.2 |
| Имиграција и азил | | 0.1 | 1.5 | 1.9 | 1.9 | 2.0 |
| Борба против криминалот | | 0.2 | 0.5 | 0.9 | 0.9 | 1.0 |
| Резервни фондови | | 1.1 | 2.7 | 3.5 | 3.7 | 3.8 |
| ВКУПНО | | 5.0 | 17.2 | 30.3 | 33.4 | 34.5 |

Имплементација од страна на Комисијата

| | Дек. 2003 | Дек. 2004 | Дек. 2005 | Дек. 2006 | Дек. 2007 |
|---|---|---|---|---|---|
| Темпус | 0.1 | 0.3 | 0.4 | 2.8 | 3.0 |

Вкупно: 34.5+3.0 = €37.5 милиони

## 9.1 Прилог кон Проектот: 6.1.1.1

Програма CARDS: 2002
Земја: Република Македонија
Проект: Унапредување на меѓуетничките односи
Времетраење: 24 месеци
Буџет на проектот: €1.2 милиони

*Историјат*

Општо: Откако Република Македонија се здоби со својата независност во 1991 година, државата минуваше низ еден тежок период на социјална, политичка и економска транзиција. Сиромаштијата и невработеноста се широко распространети, додека изградбата на граѓанското општество се наоѓа на самиот почеток. Меѓуетничките односи се од клучна важност за мирна трансформација и стабилност на државата. Според пописот од 1994 година, на територијата на Република Македонија егзистираат пет главни етнички групи – 66.6% Македонци, 22.7% Албанци, 4% Турци, 2.2% Роми и 2.1% Срби. Општеството е поделено долж етничките и религиозни граници. Постојат силни предрасуди и стереотипи кои често се длабоко вкоренети, а потекнуваат уште од периодот пред стекнувањето на независност на земјата. Анализата на меѓуетничките односи помеѓу етничките македонци и етничките албанци на територијата на Република Македонија, покажува дека постои меѓусебна недоверба, чие ниво е доволно да предизвика појава на еден злобен круг на насилство, за чија контрола досега беа потребни значителни напори. Иако мировниот договор кој беше постигнат во 2001 година стави крај на вооружениот конфликт, а беше постигнат под притисок на меѓународната заедница, мировниот процес сеуште се одвива полека.

Специфично: Постои една атмосфера која често се манифестира преку општата недоверба меѓу двете главни етнички групи и тоа преку меѓусебни стравувања, сомневања, негативни колективни сеќавања, чувство на групна ранливост и од двете страни, како и распространето чувство на ранливост и несигурност на државата – сите овие се историски развиени елементи, кои на многу начини ја имаат дефинирано националната психа, како на етничките македонци, така и на заедницата на етничките албанци. Контактите и комуникацијата меѓу етничките македонци и етничките албанци се ограничени. Активистите и луѓето кои се отворени кон дијалог, често се соочуваат со лутина и негодување во рамките на својата заедница. Стравот, несигурноста и нагонот на самоодбрана се присутни во рамките на сите етнички заедници. По потпишувањето на Рамковнта средба, ромите, власите, турците, србите, бошњаците и останатите малцинства, се чувствуваат исклучени од мировниот процес и сметаат дека вниманието кое се посветува на нивните малцински права е незадоволително. Не постои национален приод за надминување на стереотипите. Постојат неколку програми и проекти од мал обем, финансирани од различни донатори и имплементирани од различни видови организации. Не постои еден општ преглед на овие активности, ниту пак постојат податоци за ефектите или анализа на промените предизвикани од овие активности.

Проблеми кои треба да се разгледаат: (1) Недостаток на сеопфатна анализа на постоечките иницијативи и нивна проценка; (2) Потреба за сеопфатен национален приод (кој ќе ги вклучи сите етникуми) за надминување на стереотипите; (3) Недостаток на модели/можни

опции за возобновување на довербата, сигурноста и меѓусебното почитување; и (4) потребата за еден долгорочен пристап, заснован врз заедниците, за обезбедување на чувство на локална сопственост и одговорност.

*Цели на проектот, задача*

Општа цел: Унапредување на подобрени меѓуетнички односи и помирување, а како резултат на тоа и демократска стабилизација на Република Македонија и на поширокиот регион.

Задача: Во рамки на контекстот за подобрување на меѓуетничките односи, поконкретна цел на проектот е да го вклучи населението во Република Македонија, во едно проактивно унапредување и подобрување на взаемното разбирање, толеранција и намалено ниво на предрасуди и стереотипи од етнички карактер.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

Крајните корисници кои ќе имаат полза од проектот се сите граѓани на Република Македонија и на поширокиот регион, кои на крајот ќе живеат во еден регион на постабилни демократии. Директна полза од овој проект ќе имаат оние групи население, кои директно ќе бидат таргетирани со проектот, како и партнерите кои ќе работат на проектот, кои ќе ги зајакнат своите капацитети за понатамошно продолжително имплементирање на активности, насочени кон подобрување на меѓуетничките односи.

Главни партнери во овој проект ќе бидат граѓанските организации, како и различни видови професионални и други групи, кои ќе бидат селектирани во рамките на проектот. Вработените во јавниот услужен сектор, особено во општинската власт, ќе бидат исто така активно подржани да земат учество, заедно со останатите учесници, во остварувањето на различни подпроекти, имајќи го предвид исто така и потенцијалот за постигнување поголем ефект, кој може да се оствари во координација со проектот за локална инфраструктура, во рамките на CARDS 2002. Во зависност од резултатот на понатамошните студии, како клучен партнер, Агенцијата може да вклучи и една посредничка финансиска организација, со соодветно искуство во разрешување на конфликти, етничко помирување итн., здобиено по можност во Балканскиот регион. Таков партнер на проектот ќе биде оној, кој ќе може да докаже дека го поседува потребниот капацитет и инфраструктура, за реализација на подпроектните компоненти и е способен да изготвува извештаи за техничките и финансиски аспекти на активностите.

Локација на проектот: Одбрани локации низ Република Македонија.

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Во согласност со таканаречениот Механизам за рапидна реакција (2001), финансиран од ЕЗ, од страна на Меѓународниот Сојуз се превзема еден проект наречен ″Програма за изградба на пост-конфликтна доверба во Република Македонија″.

Подобрувањето на меѓуетничките односи е важен аспект присутен и во другите проекти на CARDS 2002, како на пример во партнерскиот пристап на социјален дијалог во проектот, кој дава подршка на развојот на политиките за вработување, а исто така, претставува и фокусна точка на проектот за развој на локалната инфраструктура, како помош за општините кои се соочени со тензии од етнички карактер. Прилогот (6.1.1.1) за програмата за подршка на развојот на граѓанско општество – зајакнување на невладините организации, ги споделува заедничките

цели, преку давање подршка за развојот на невладини организации, притоа минувајќи преку замислените етнички граници. Истовремено, ќе се обезбеди и комплементарност со проектите кои се подржани преку програмата на мали грантови на Европската иницијатива за демократија и човекови права.

Канцеларијата за Транзициони иницијативи (КТИ) на САД, преку својата Иницијатива за изградба на доверба, пружа подршка на различни групи македонски граѓани. Имплементациониот партнер на КТИ, Меѓународната организација за миграции (IOM), ќе имплементира 250 грантови, наменети за подобрување на меѓусебната доверба. USAID делумно ја финансира и организацијата ″Потрага по заедничка основа″, која соработува со новинари, изготвува ТВ програми и презема специфични активности во државните градинки, преку својата програма за меѓуетнички дијалог. Исто така, USAID дава подршка и на програмите за партнерство во школството, кои ги спроведува организацијата ″Служба за католичка помош″. ″Фондацијата Институт Отворено Општество″, спонзорирана од страна на Фондацијата на кралот Бадуин, обезбедува грантови за проекти на невладини организации, чија цел е подобрување на меѓуетничкото разбирање. Светската Банка планира да распредели 1 милион УСА долари, за постконфликтната програма на грантови, која ќе се имплементира преку Министерството за внатрешни работи. Постојат и неколку други помали програми и проекти, финансирани од различни донатори и имплементирани од мали организации.

Од 2000 година наваму, Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП), како меѓународна невладина организација, е вклучен во воспоставувањето на една мрежа на веќе етаблирани невладини организации од средно ниво, кои се посветени на подобрување на меѓуетничките односи – во моментов, мрежата на невладини организации на ЕЦМП ја финансираат Данска и Норвешка, а постои можност во иднина одредена помош да се добие и од SIDA.

*Опис на главните активности*

Ќе биде ангажиран експертски тим за да ги разгледа и процени разните активности и искуства, здобиени од минатите акции, чија цел била постигнување на помирување, преку намалување на предрасудите и стереотипите, засновани врз етничка припадност во Република Македонија. Исто така, анализата ќе вклучува и проценка на способноста на граѓанските организации во Република Македонија, за имплементација на проекти за етничко помирување. Особено внимание ќе се посвети на преглед на спроведената обука, колкав е бројот на оспособени обучувачи, каква методологија се користела во текот на обуката, какви активности треба да уследат по обуката и кои се потребите за обука во иднина. Преку оваа студија ќе се анализираат квалитетите и можностите на организациите и другите институции, како и слабостите на организациите и воопшто секторот кој можеби ќе треба да анализира. Врз основа на ваквата детална проценка, експертите ќе ги препорачаат најефикасните интервенции во активностите на подршка, со цел надминување на стереотипите и зголемување на меѓусебната толеранција и доверба, како за ЕЗ финансирање во текот на 2002 година, така и за останатите години од ПИП. По извршената анализа на резултатите, во соработка со различни заинтересирани страни, ќе бидат избрани приоритетни активности за имплементација, со помош на експертизата која потекнува од непрофитни или некои други ТП организации. Доколку во одреден случај се процени дека студискиот престој би можел да биде од голема корист за исполнување на целите на проектот, истиот може да биде земен предвид како подршка. Работилници за развивање дијалог би можеле исто така да бидат земени предвид за финансирање.

Пред добивањето на резултатите од студијата, Агенцијата ја разгледува можноста да обезбеди поитна и подиректна подршка, по пат на финансирање на одреден број подпроекти од помал обем, кои ќе бидат раководени од страна на соодветна, искусна посредничка финансиска организација, која ќе ја превземе улогата на администратор на мали грантови за таквите подпроекти, вклучувајќи и проекти од заеднички интерес за заедниците од мешан етнички состав, кои би можеле да извлечат корист од нив.

*Улогата на Партнерите во имплементацијата на проектот*

Клучните партнери на проектот, посредничките финансиски организации – кои најверојатно ќе бидат непрофитни организации – (1) на почетокот на проценката ќе треба да дадат свое мислење и оценка за изборот на активности или проекти, (2) во рамките на својата канцеларија треба да го обезбедат потребниот капацитет и способност за пружање соодветна подршка, (3) ќе раководат со техничката помош или грантовите, како и другиот вид подршка на програмата и (4) ќе помагаат во процесот на мониторинг и ревизија. Агенцијата ќе обезбеди воспоставување на Надзорни групи, кои ќе вклучуваат широк спектар на учесници, а ќе даваат совети и ќе вршат контрола на имплементацијата на проектите.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Физибилити студија и проценка, препорака за национална програма | до Октомври 2002 год. |
| ТП за програма на национално ниво | Јануари 2003 – Јуни 2004 год. |
| Обука на обучувачи; Работилници за дијалог, итн. | Март 2003 – Јуни 2004 год. |
| Исплата на под-проектни грантови | Септември 2002 – Декември 2003 год. |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Контра мерки |
|---|---|---|---|
| Слаб квалитет на физибилити студијата и на препораките | Мала | Голем | Внимателна селекција на експерти |
| Нејаснотии при прифаќањето на препорачаната програма | Мала | Голем | Сеопфатна дискусија за програмата со сите учесници, пред нејзината имплементација |
| Несоодветен квалитет на имплементација | Средна | Голем | Внимателна селекција на партнерот за имплементација |
| Несоодветна селекција и начин на исплата на мали грантови | Мала | Голем | Внимателна селекција на подпроекти и партнер за имплементација |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | | 2002 | | | | 2003 | | | | 2004 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вартал 1 | вартал 2 | вартал 3 | вартал 4 | вартал 1 | вартал 2 | вартал 3 | вартал 4 | вартал 1 | вартал 2 | вартал 3 | вартал 4 |
| Одлука за финансирање: | | | ◆ | | | | | | | | | | |
| Студија/ проценка | Подготовка | | | | | | | | | | | | |
| | Имплементација | | | | | | | | | | | | |
| Грант бр.1 | Подготовка | | | | | | | | | | | | |
| Договор | Имплементација | | | | | | | | | | | | |
| Грант бр. 2 Договор | Подготовка | | | | | | | | | | | | |
| | Имплементација | | | | | | | | | | | | |
| Техничка | Период на тендер | | | | | | | | | | | | |
| помош | Имплементација | | | | | | | | | | | | |

| Рамка на реализацијата: Унапредување на меѓуетничките односи | | | |
|---|---|---|---|
| **Општа цел** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Унапредување на подобрени меѓуетнички односи и помирување, а како резултат на тоа и демократска стабилизација на Република Македонија | Подобрено меѓусебно разбирање и толеранција меѓу различните етнички групи во Република Македонија во иднина | Извештаи за меѓуетничките односи.<br>Извештаи на партнерот за имплементација.<br>Интервјуа со крајните корисници.<br>Извештаи во медиумите. | Политичка и социјална стабилност.<br>Политичка волја за помирување во согласност со Рамковнта средба |
| **Специфични цели** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Да се идентификуваат постоечките иницијативи и истите да се оценат<br>Да се иницира сеопфатен (вклучувајќи ги сите етнички малцинства) национален приод за надминување на стереотипите<br>Да се развијат модели/остварливи опции за повторно воспоставување доверба, сигурност и взаемно почитување<br>Да се обезбеди еден долгорочен пристап заснован врз заедниците, за обезбедување на чувство на локална сопственост и одговорност<br>Населението во Република Македонија да се вклучи во проактивно унапредување на меѓусебно разбирање, толеранција и намалено ниво на предрасуди и | Добивање на физибилити студија, извештај за оценката и препораки за понатамошни активности.<br>Почеток на имплементација на предложената програма.<br>Развиен и преведен модел за унапредување на меѓуетничките односи<br>Посветеност на населението во Република Македонија на еден континуиран процес на дијалог<br>Се́ поголема вклученост на целните групи во меѓуетничките активности. | Извештај од ТП; податоци за бројот на активностите спроведени дотогаш; податоци за успешноста на активностите спроведени дотогаш; број на обучувачи обучени во земјата; податоци за користените методологии за обука.<br>Дискусија за предложената програма со различните заинтересирани страни и учесници.<br>Интервјуа со партнерите на проектот и цалната група.<br>Извештаи од ТП, медиумите и други извори. | Партнерите и целните групи ќе го сочуваат духот на соработка, со цел да се надминат стереотипите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| стереотипи од етнички карактер | | | |
| Резултат | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Експертска анализа и оценка на активностите и искуствата од претходните програми наменети за подобрување на меѓуетничките односи<br>Проценка на способноста и можнос-тите на организациите од Републи-ка Македонија кои работат на раз-вивање на меѓуетничкиот дијалог<br>Оценка на обуките, капацитетите за обука, бројот на обучувачи итн<br>Препораки за ефикасни интервенции со цел надминување на стереотипите и зголемување на нивото на толеранција и доверба<br>Избор на приоритетни активности за имплементација<br><br>Проекти од мал обем, имплементи-рани преку посредничка финансиска организација | Добивање извештај од експертите<br><br>Добивање извештај од експертите<br><br>Добивање извештај од експертите<br>Добивање извештај од експертите<br><br>Вклучување во еден процес на дијалог со различните учесници со цел да се дефинираат приоритетите и активностите кои се препорачуваат.<br>Статус на под–проектите. | Извештај за оценка од консултантите.<br><br>Воспоставени приоритети и почеток на имплементација.<br><br>Идентификувана посредничка финансиска организација, усогласени критериуми за добивање на финансиски средства, извештај за напредокот и конечен извештај за проектите | Континуирана посветеност на сите партнери на проектот и крајните корисници |

| Влезни елементи | Мерливи индикатори | Начин на верификација | |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Техничка помош и експертиза за физибилити студија<br>Овозможување обука, организирање средби и дијалози итн.<br>Посредничка финансиска организација која ќе одобрува грантови за проекти од мал обем и меѓуетнички карактер | Тендерски процес / процес на потпишување договори<br>Изготвени модули за обука; Идентификација на луѓето кои треба да се обучат<br>Започнат процес на одобрување на грантот и идентификувани корисниците на средствата | Потпишан договор за ТП консултанти.<br><br>Извештаи на консултантите<br><br>Потпишано одобрување на грантот и исплата на средствата. | |

## 9.2 Прилог кон Проектот: 6.1.1.2

| | |
|---|---|
| Програма CARDS: | 2002 |
| Земја: | Република Македонија |
| Проект: | Подршка за граѓанското општество – Зајакнување на невладините организации |
| Времетраење: | 18 месеци |
| Буџет на проектот: | € 1.8 милиони (приближно) |

*Историјат*

Општо: Граѓанскиот сектор во Република Македонија функционира во рамките на економски, социјално и политички тешко опкружување. Невладините организации се повеќе претставуваат важен дел на граѓанското општество во земјата. Околу една третина од невладините организации се лоцирани во Скопје, а останатиот дел во урбаните центри или руралните општини. Според централниот регистар во Основниот Суд И во Скопје, во Република Македонија има регистрирано околу 3.200 здруженија и фондации, во најголем дел лоцирани во Скопје. Се претпоставува дека во најголем дел се работи за здруженија од спортски, културен, рекреативен, професионален и друг карактер, од кои приближно 600 се невладини организации. Во јуни 1998 година беше усвоен нов Закон за граѓански здруженија и фондации. Иако тој не е идеален, ја рефлектира меѓународната најдобра пракса во голем број области. Од фискален аспект, непрофитните организации се третираат на ист начин како и организациите чија цел е остварување на добивка. Сеуште не е воведено целосно ослободување од плаќање данок за регистрираните невладини организации, ниту пак даночни ослободувања за физичките лица и претпријатија кои сакаат да донираат свои средства. Во голема мерка недостасува разбирање за улогата што во изградбата на граѓанското општество можат да ја имаат активните и развиени невладини организации, како подршка на демократизацијата и контрола за постоењето на добар систем на управување.

Специфично: Процесот на квалитативен развој на НО во Република Македонија е бавен и недостасува опиплива подршка, каде неодамнешните анализи укажуваат на тоа дека мнозинството невладини организации во државата се институционално слаби. Поради отсуството на стратешко размислување и многу често, поради обидите да се исполнат замислените приоритети на донаторите, многу од НО се ангажираат на најразлични активности, наместо да ги развиваат своите програми во зависност од локалните прашања и потреби. На голем број од НО им е потребна помош за да ги развијат своите способности и вештини во однос на развојот на кадрите, стратешкото планирање, организациониот менаџмент, технички ресурси, демократско одлучување, пропагирање, превземање одговорност, прибарање финансиски средства и умрежување. Невладиниот сектор е етнички поделен и често идентификуван со политичка ориентација. Контактите на НО со целните групи, локалните заедници, званичната власт и со стопанскиот сектор се многу слабо развиени. Организациите кои претставуваат заедница на повеќе НО се мошне ретки, освен важниот исклучок на НО кои се бават со родови студии и прашањата на животната средина. НО од останатите делови на Републиката кои не се од Скопје, имаат ограничен пристап до информации и ресурси, а најголемиот број НО во руралните области се соочени со недостаток на канцелариски простор, основна опрема и обука. Јавната свест за НО е на ниско ниво и напорите за подобрување на

транспарентноста на НО се ограничени. Потенцијалот за развивање корпоративни и јавни донации е во голема мерка оневозможен, поради отсуството на филантропска традиција.

Проблеми кои треба да се разгледаат: Во основа, понудата на услуги од НО е незадоволителна и нивните способности не се развиени до потребното ниво. НО од економски и социјално неразвиените подрачја, кои не се лоцирани во главниот град, ниту пак во поранешните кризни региони, не добиваат голема подршка. Развивањето на менторство и изградба на партнерства помеѓу подобро и полошо развиените НО е на незадоволително ниво. Многу ретко може да се забележи работење на НО во мрежа на локално ниво. НО не се сметаат себеси, а нивното мислење го делат и многу други, за учесници во процесот на креирање на јавната политика. Како резултат, се јавува голема потреба за подобрување на вештината на пропагирање.

*Цели на проектот, Задача*

Општа цел: Зајакнување на улогата на НО во граѓанското општество, а како резултат, на граѓанското општество во целина – преку подршка на НО и нивните услуги и способности да соработуваат со други НО како и локалната власт, стопанскиот сектор и преку етничките линии.

Задача: Преку овој проект ќе се постигне следново: (1) ќе се развијат капацитетите на НО; (2) ќе се стимулира создавањето на регионални мрежи на НО; (3) ќе се подобри комуникацијата и соработката помеѓу НО и локалната власт, и (4) ќе започне повеќе да се цени улогата на НО, како контролори на квалитетот на раководење и обезбедување јавни услуги.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

Корисниците кои на крајот ќе извлечат корист од целиот проект се општеството како целина и невладиниот сектор, во рамките на поширокиот сектор на граѓанско општество во Република Македонија. Подиректна полза ќе извлечат (1) НО кои добиле подршка и кои ќе можат да ги зајакнат своите капацитети; (2) заедниците кои ќе профитираат од подобро видливата и поквалитетна услуга на НО; и (3) општините, кои ќе го зајакнат квалитетот на својата соработка со барем еден клучен учесник во граѓанското општество.

Со цел да се спроведе овој проект за зајакнување на НО, како клучен партнер, Агенцијата планира да ангажира една посредничка финансиска организација со соодветно искуство во граѓанскиот сектор во Република Македонија. Партнерот ќе биде онаа непрофитна организација, која ќе биде способна да покаже дека го поседува потребниот капацитет и инфраструктура за раководење со проектот и дека е компетентна да известува за техничките и финансиски аспекти на активностите. Дополнително, од партнерот ќе се очекува да соработува со проекти на други донатори, како и со голем број организации од Република Македонија.

Локација на проектот: Локации низ Република Македонија, особено економски неразвиените подрачја и/или општините од мешан етнички состав.

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Предложениот проект ќе биде надополнет со шемата на мали грантови на Европската иницијатива за демократија и човечки права, која не се фокусира на изградба на капацитетите и способностите на НО. Со подршка на ЕЗ PHARE, во 1997–99 година беше имплементиран еден

проект насловен како ″Развој на невладини организации и Регионални ресурсни центри″, кој се бавеше со НО, активни во сферата на животната средина.

Швајцарската развојна кооперација веќе помага во процесот на основање четири ресурсни центри за НО, преку Фондацијата Отворено Општество (лоцирана во Република Македонија со средства од SOROS Фондацијата и други донатори) како нејзин партнер за имплементација. По завршувањето на успешната пилот фаза, проектот сега се наоѓа во својата втора фаза. Користејќи ги досегашните искуства, Агенцијата ќе обезбеди блиска соработка со проектот кој е потпомогнат од Швајцарската влада. ″Македонскиот центар за меѓународна соработка″ (МЦМС), финансиран од страна на Советот на холандските цркви, обезбедува техничка помош и грантови за еден ограничен број НО, кои претежно се организирани и раководени од жени. ″Институтот за одржливи заедници″ и неговата Програма за демократска соработка се финансирани преку USAID, каде вниманието е воглавно посветено на НО кои работат во областа на животната средина, преку обука и грантови. ″Европскиот центар за малцински прашања″ (ЕЦМП), финансиран од страна на Данска и Норвешка, обезбедува помош преку своите НО членки, кои се активни во шест града, на проекти за подобрување на меѓуетничките односи.

*Опис на главните активности*

Овој проект ќе помогне во воспоставувањето на Ресурсни центри на НО на најмногу 10 избрани локации во Република Македонија, со тоа што секој од овие центри ќе располага со соодветно обучен кадар и соодветни ресурси. Ресурсните центри ќе обезбедат подршка на локалните НО, во пружањето услуги и трансфер на Know–How и други вештини и знаења. За невладините организации во својата област, ресурсните центри ќе ја стават на располагање својата инфраструктура (канцеларија, сала за состаноци, библиотека, телефон/факс, компјутери, пристап до интернет и машина за фотокопирање). Ќе бидат изготвени развојни планови за НО и ќе биде обезбедена обука, дизајнирана врз основа на потребите и оценките на НО. Активностите насочени кон зајакнување на способноста на НО, ќе вклучуваат обука за стратешко планирање, демократски процеси на одлучување, организација и проектен менаџмент, известување, сметководство и транспарентност.

Ресурсните центри ќе служат како доверлив партнер за НО и платформите на НО и ќе даваат совети и помош, за воспоставување на подобрена соработка со локалните заедници и другите целни групи. Центрите ќе ја подржат поширокатa комуникација и соработка меѓу НО, меѓу другото и преку стимулација на регионални мрежи. НО ќе се здобијат со способност за пропагирање и влијание врз јавната политика. Ќе биде подржан и развојот на вештините на НО за квалитетни односи со јавноста. Преку проектот ќе се обезбедат мали грантови за активностите на НО, насочени точно кон целните групи население.

Уште од самиот почеток на проектот, треба да се размислува и да се прават подготовки за обезбедување опстанок и одржливост на структурата, која се воспоставува. За таа цел, Агенцијата ќе ги надополни активностите на клучниот партнер, преку обезбедување на дополнителна краткорочна експертиза на ТП за проценка, а потоа советување и обука на вработените во Ресурсните центри и НО, во областа на изградба на институционалниот капацитет, одржливост/волунтаризам, умрежување и пропагирање/лобирање. Многу важно е овие активности да се консолидираат преку идно ЕЗ финансирање во годините што доаѓаат. Можноста за воспоставување на систем за координација на НО на национално ниво, ќе се има предвид во идните години.

Ќе биде земена предвид и можноста за ЕЗ поддршка и на други мали проекти (на пример: организација на саем на НО) и за студии за реализација на концептот за основање на национален форум на НО во Република Македонија.

*Улога на партнерите во имплементацијата на проектот*

Како клучен партнер на проектот, посредничката финансиска организација ќе го стори следново: (1) уште од почетокот ќе направи проценка на можниот избор на точни локации на Ресурсните центри; (2) ќе обезбеди доволен капацитет во рамките на својата канцеларија; (3) ќе раководи со грантовите и друг вид подршка за Центрите и (4) ќе асистира во процесот на мониторинг и ревизија. Агенцијата ќе обезбеди основање на Надзорен одбор како советодавно тело, одговорно за мониторинг на имплементацијата на проектот.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Воспоставени Ресурсни центри на НО | Во тек на периодот до декември 2003 год. |
| Зголемен број НО со пристап до канцелариите, услугите и обуката која се нуди во Ресурсните центри | Почеток септември 2002 – декември 2003 год. |
| Зголемен капацитет на НО во однос на нивната ефикасност и професионализам | Континуиран о до декември 2003 год. |
| Зголемено ниво на соработка меѓу НО и активности на мрежно работење на НО во регионите | Континуиран о до декември 2003 год. |
| Градење партнерство и дијалог помеѓу НО и општинските власти | Континуиран о до декември 2003 год. |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Вер ојатност | фект | Контра мерки |
|---|---|---|---|
| Повлекување на посредничката финансиска организација како клучен партнер на проектот | Мал а | олем | Континуиран дијалог со имплементациониот партнер |
| Неприфаќање на центрите од страна на | Мал а | олем | Обезбедување учество на НО во процесот на основање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| НО | | | |
| Необезбеден опстанок и одржливост на Ресурсните центри | Уме рена | олем | ЕУ среднорочно финансирање; Квалитет на ТП; Обука за одржливост, пропагирање, умрежување, волунтаризам и лобирање; Совети за воспоставување на сојузи со општините и приватниот сектор во собирањето средства и обезбедување приватни донации |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | | 2002 | | | | 2003 | | | | 2004 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал1 1 | Квартал 2 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 1 | Квартал 2 2 | Квартал 3 3 | Квартал 4 | Квартал 1 1 | Квартал 2 2 | Квартал 3 3 | Квартал 4 |
| Одлука за финансирање: | | | ◆ | | | | | | | | | | |
| Договор за грант | Подготовка | | ▬ | | | | | | | | | | |
| | Имплементација | | | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | | | | |
| Набавка на опрема | Главен Тендер | | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | | | | | |
| | Имплементација | | | | | | | | | | | | |
| ТП активно. (вкл. крат–корочни) | Тендер | | | ▬ | | | | | | | | | |
| | Имплементација | | | | ▬ | ▬ | ▬ | | | | | | |

| Рамка на реализација: Подршка на граѓанското општество – Зајакнување на НО | | | |
|---|---|---|---|
| **Општа цел** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Зајакнување на улогата на НО во граѓанското општество и самото граѓанско општество како целина. | Покачување на нивото на активности на НО и нивна интеракција со локалните власти. | Извештаи во медиумите.<br>Извештаи од меѓунеродни организации. | Задржување на политичката стабилност.<br>Посветеност на НО и локалната власт за развој на демократско општество. |
| **Специфични цели** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Развој на капацитетите на НО<br>Стимулирање на создавањето мрежи на НО на територијата на Република Македонија<br>Подобрување на комуникацијата и соработката помеѓу НО и локалните власти<br>Зајакнување на улогата на НО како контролори на раководењето и пружањето јавни услуги<br>Опстанок и одржување на активностите за подршка на НО. | Одржување на активни членови и соодветни техники на раководење во НО<br>Заедничко работење на коалициите на НО врз активни и ефикасни платформи<br>Конкретна соработка со властите од страна на избрани НО<br>Учество во донесувањето одлуки на локално општинско ниво од страна на избрани НО<br>Развој на план за опстанок; почеток на собирање средства на локално ниво, дискусија со властите за можната подршка. | Извештаи за активностите на НО.<br>Извештаи за состаноците на мрежата на НО.<br>Редовни состаноци помеѓу раководните лица на НО; информации за заедничките активности и нивна контрола преку структурата за известување на проектот; разговори со локалните власти.<br>Прилози во медиумите; општински анкети; интервјуа со вработените во општините.<br>Извештај за проценка. | Волја кај НО за развој на нивните капацитети и способности.<br>Волја кај НО за работење во мрежа.<br>Волја кај НО за институционализација на соработката со власта.<br>Волја кај НО да бидат подобро слушнати од локалните власти.<br>НО кои се заинтересирани за својот опстанок. |
| **Резултати** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Основање на Ресурсни центри на НО.<br>Оценка на потребите на НО за обука и развој.<br>Обезбедување обука за НО на неколку теми.<br>Ресурсните центри на НО ќе организираат: | Основање и функционирање на ресурсните центри на НО.<br>Развиен план за спроведување обука.<br>Идентификувани предавачи и спроведена обука.<br>Одржување редовни | Вработување, отворање на Центрите, извештаи за тоа колку НО ги користеле услугите на центарот.<br>Извештај за проценката на потребите за обука; и за планот на кој начин да се задоволат тие потреби. | Постоење на интерес кај НО да ги користат услугите на Ресрусните центри.<br>Волја на НО да учествуваат во обуката.<br>Посветеност и волја кај НО и локалните власти за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| состаноци на НО за специјални прашања и теми<br>редовни состаноци меѓу НО и со локалните власти<br>НО да формулираат заедничко мислење и став за локалните прашања<br>Развој на план за активности за опстанок. | состаноци на НО.<br>Одржување редовни консултации меѓу НО и властите.<br>Соопштување на заедничките ставови на НО пред властите.<br>Спроведување и дискусија за имплементација со НО. | Извештаи за тоа колку НО учествувале во обуката; и оценка на квалитетот преку прашалник.<br>Запуисници од состаноци.<br>Записници од водени консултации.<br>Петиции и писма итн.<br>Анкета меѓу НО. | изградба на меѓусебно партнерство. |
| **Влезни елементи** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Идентификација на имплементациониот партнер.<br>Техничка помош за оценка и обука за одржливост, волунтаризам, собирање средства, умрежување, пропагирање и лобирање.<br>Подршка на НО преку мали грантови.<br>Опрема за ресурсните центри. | Процес на потпишување договори.<br>Изготвени модули за обука; Спроведена обука.<br>Исплата на средствата до делември 2003 година.<br>Спецификација на опремата. | Потпишан договор за грант со консултантите на имплементациониот партнер. Мониторинг на проектот.<br>Потпишан договор со консултантите од ТП.<br>Извештаи, посети на терен и анкети.<br>Увид во тендерското досие и договорите. | |

## 9.3 Прилог кон Проектот: 6.2.1.1

Програма CARDS: 2002
Земја: Република Македонија
Проект: Воспоставување и раководење со Развоен фонд за човечки ресурси
Времетраење: 24 месеци
Буџет на проектот: € 1.0 милион

*Историјат*

Општо: Во својата транзиција кон пазарно ориентирана економија, Република Македонија се обидува на препријатијата да им ги обезбеди потребните алатки за ефикасно раководење и менаџмент со претпријатија, кои ќе ја подобрат нивната конкурентска позиција и долгорочната перспектива за пристапување кон ЕУ.

Специфично: Локалните претпријатија, а особено малите и средните претпријатија (МСП), треба да ја зголемат својата економска ефикасност на поблиско ниво, до она на претпријатијата од ЕУ. Како клучен елемент за постигнување на гореспоменатото, се смета подобрувањето на нивните методи на управување, особено во областа на маркетингот и дистрибутивните мрежи, сметководството и финансискиот менаџмент, контролата на квалитетот и иновациите во технологијата. Дополнително, институционалната инфраструктура (централни и регионални агенции за развој на МСП), која обезбедува совети и подршка на МСП, наскоро ќе се подобри и ќе стане поефективна, преку помошта од ЕУ во рамките на претходните програми.

Точки кои треба да се разгледаат: За претпријатијата и раководниот кадар на МСП, да се воспостави и финансира една шема за спроведување на ефикасна обука, во областа на модерните менаџмент методи.

*Општи цели на проектот, задача*

Општа цел: Да се подобрат шансите на претпријатијата и на економијата на Република Македонија, да станат конкурентни на пазарите на ЕУ и со тек на време, да ги исполнат критериумите за пристапување кон ЕУ.

Задача на проектот и специфични цели: Унапредување на развојот на човечките ресурси во претпријатијата, преку обезбедување пристап до соодветна обука. Тоа ќе биде сторено преку воспоставување и финансирање на Фонд за развој на човечките ресурси во претпријатијата, вклучувајќи го и финансирањето на потребната експертиза и човечки ресурси за управување со фондот, во времетраење од една година.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

Директен корисник кој ќе извлече полза ќе биде Фондот, кој легално треба да биде основан во Република Македонија. Имплементациониот партнер на проектот кој ќе биде задолжен за управување со фондот, ќе биде избран од Министерството за економија (МЕ – кое има општа одговорност за стопанскиот сектор) од предложените кандидати од страна на

Агенцијата, подржана од техничката помош (специфична единица за управување со фондот, Стопанската комора, Работничкиот универзитет, или можеби некој сличен фонд, кој би бил основан од Светската Банка). Крајните корисници ќе бидат претпријатијата, работниците и економијата на Република Македонија како целина, кои ќе профитираат како резултат на зголемената продуктивност, подобреното раководење и економска ефикасност во покривањето и проширувањето на домашниот и извозниот Пазар.

Локација на проектот: Скопје

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Во овој проект ќе се земат предвид искуствата од Регионалните центри за подршка на претпријатијата, финансирани од ЕУ. Исто така, тој ќе ги надополнува другите проекти за Стручно образование и Обука (СОО) финансирани од ЕУ и други донатори: завршената 1997 PHARE програма од € 2 милиони; 2000 CARDS програмата од € 2 милиони, која треба да започне; 2002 CARDS програмата од € 1 милион која треба да биде одобрена; и други различни СОО програми, финансирани од GTZ, Фондацијата SOROS, USAID и владата на Холандија.

Европската фондација за обука (ЕФО), ќе биде вклучена во изготвувањето на описот и условите на проектот (вклучувајќи ги и предлозите за домашни управители на фондот и организации домаќини) и консултирана во текот на имплементацијата во врска со можните проширувања, дополнителни проекти финансирани преку CARDS, како и сопственото учество во земјата. Дополнително, имајќи предвид дека Светската Банка подготвува сличен фонд за развој на човечките ресурси, проектот ќе оствари блиска соработка со експертите на Светската Банка во сите свои фази, за да се обезбеди партнерство во оваа област.

*Опис на главните активности*

Во рамките на техничката помош најпрво ќе се направи анализа на разните институционални опции за организација и управување со Фондот, ќе се изготват препораки и ќе се изготви рамка за Фондот, вклучувајќи ги и сите потребни интерни статути и правила. По извршениот избор на најсоодветната институционална поставеност од страна на МЕ и EAR, Фондот ќе биде основан како посебен правен ентитет и ќе ги добие своите првични средства за работа (околу € 0.75 милиони).

Техничката помош ќе обезбеди подршка за активностите кои водат кон конкретно спроведување на обука, односно, избор на претпријатијата, анализа и проценка на потребите за обука, избор на реализаторите на обуката, подршка на реализаторите на обуката во развојот на материјалите за обука (доколку е тоа соодветно), обука на обучувачи, обука на деловни советници, спроведување на обука и последователни активности. Ентитетот кој ќе биде избран за раководење со фондовите, со техничката помош, ќе подготви и предложи прва индикативна програма, за активности за обука, врз основа на сопствени истражувања и предлози добиени од локални извори (деловни здруженија, стопански комори, централни и регионални агенции за развој на МСП, општини, други донатори, асоцијации на консултанти), ќе воспостави правила и процедури за одобрување, процесирање и финансирање активности за обука, ќе ја опреми раководната канцеларија на Фондот, ќе ги идентификува можните понудувачи на услуги на спроведување обука (со посебно внимание на локалните провајдери и експерти), ќе ги регрупира во една целосно посветена мрежа и конечно, ќе ја започне имплементацијата на првата годишна програма за обука.

Техничката помош исто така ќе вклучува и пружање помош на Владата, во развојот и усвојувањето на релевантните политики во оваа сфера, на кој начин ќе се обезбеди опстанок и функционирање на Фондот.

*Улогата на партнерот во имплементацијата на проектот*

Министерството за економија е клучниот партнер на проектот и ќе учествува во изборот на ентитетот кој ќе управува со Фондот. Избраниот партнер на проектот (доколку не се работи за специфичната раководна единица) директно ќе управува со Фондот, под супервизија на EAR. Доколку се работи за специфична раководна единица, таа ќе работи во рамките на МЕ.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Присутен ЕФО експерт за изготвување на описот и условите на проектот | Јули 2002 |
| Изготвени опис и услови на проектот | Август 2002 |
| Објавување на тендер | Септември 2001 |
| Пристигнати консултанти | Ноември 2002 |
| Препораки за управување со фондот и интерни правила | Декември 2002 |
| Избор на телото кое ќе управува со фондот од страна на EAR/ME | Јануари 2003 |
| Законска регистрација на фондот | Февруари 2003 |
| Подготовка и одобрување на годишни програми за обука и реализатори | Март 2003 |
| Прва активност на обука | Април 2003 |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Контра мерки |
|---|---|---|---|
| Одложување на изборот на телото кое ќе управува со фондот | Средна | Сериозен | Интензивирање на дијалогот |
| Одложување на подготовката на програмата за обука | Умерена | Сериозен | Продлабочување на анализата |
| Недоволен капацитет на локалните реализатори | Средна | Минорен | Вработување на поранешни државјани |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | 2002 | | | | 2003 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вартал 1 | вартал 2 | вартал 3 | вартал 4 | вартал 1 | вартал 2 | вартал 3 | вартал 4 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одлука за финансирање | | | | | | | | ◆ | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Техничка помош за ФРЧР | ЕФО | | | | | | | ▬ | ▬ | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Имплементација | | | | | | | | | | | | | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ |
| Основање на фондот и финансирање | | | | | | | | | | | | | | ◆ | | | | | | | | | | | |

| Рамка на реализација: Техничка помош за основање и раководење со Развоен фонд за човечки ресурси | | | |
|---|---|---|---|
| **Општа цел** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Зголемување на шансите на претпријатијата и економијата на Република Македонија да станат конкурентни на пазарите на ЕУ, а со тек на време и задоволување на критериумите за полноправно членство | Волумен на извозот од Република Македонија во ЕУ<br>Волумен на директни странски инвестиции во Република Македонија, кои потекнуваат од извори лоцирани во ЕУ | Официјални статистички показатели и извештаи | Политичка и социјална стабилност |
| **Специфични цели** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Воспоставување и финансирање на Фонд за развој на човечките ресурси во претпријатијата;<br>Едногодишно финансирање на работењето и управувањето со Фондот | Бизнис план за Фондот и неговата програма за обука во текот на првата година<br>Буџет за обука за првата година | Консултантски извештаи, бизнис план на Фондот, програма за обука | Постоење на интерес и волја меѓу раководниот кадар на претпријатијата да посетуваат обука |
| **Резултат** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Законски основан и финансиран Фонд;<br>Воспоставен и функционален механизам за управување со Фондот, со правила за одобрување, обработка и финансирање на активности на обука;<br>Изготвена и одобрена програма за обука за првата година, заедно со сите учесници и локални провајдери на услуги на обука;<br>Целосно посветена мрежа за провајдерите на услугите на обука | Број на превземени или завршени програми за обука<br>Број на вклучени локални провајдери, платени за услуги на обука<br>Број на обезбедени менаџерски часови потрошени на обука<br>Индекс на задоволство на учесниците | Официјални извештаи<br>Консултантски извештаи<br>Анкети на учесниците<br>Анкети на локални провајдери | |
| **Влезни елементи** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Домашни и меѓународни експерти<br>Квалификувани локални провајдери на услуги на обука<br>Почетна финансиска подршка за Фондот | Потпишани договори за експерти<br>Потпишани договори со локални провајдери на услуги на обука<br>Исплата на почетната финансиска подршка | Потпишани договори<br>Примена уплата на средствата во Фондот<br>Консултантски извештаи | |

## 9.4 Прилог кон Проектот: 6.2.1.2

| | |
|---|---|
| Програма CARDS: | 2002 |
| Земја: | Република Македонија |
| Проект: | Техничка помош за Законодавната комисија за енергетика |
| Времетраење: | 4 (четири) месеци |
| Буџет на проектот: | € 800,000 |

*Историјат*

Општо: Република Македонија се обидува да ја оствари својата транзиција кон пазарно заснована економија во стил на западните заедници, колку што е можно побргу, во реални граници. Како еден од чекорите кон таа цел, Република Македонија е првата земја од југоисточна Европа која во 2000 година потпиша ССА со ЕУ, со јасни и прецизно дефинирани рокови за постигнување економска либерализација и воспоставување пазарна конкуренција, во согласност со прописите на ЕУ.

Специфично: Законот за енергетика во моментов е поднесен пред Парламентот за усвојување. Овој закон, кој треба да стапи на сила во јануари 2003 година, во еден од своите членови предвидува создавање на автономна Законодавна комисија за енергетика (ЗКЕ) со 5 члена, која ќе ги покрива сите енергетски сектори (електрична енергија, гас, хидрокарбонски соединенија, парно греење) и ќе биде одговорна за одобрување на цените и тарифите, како и за издавање лиценци. Во секој случај, за да таа почне да функционира, сите институционални аспекти и процедури на Комисијата треба да се дефинираат. Имајќи предвид дека јавното претпријатие Електростопанство на Република Македонија е предмет на анализа и проценка за приватизација до крајот на годината, воспоставувањето на ЗКЕ дотогаш, станува прашање од врвен приоритет.

Прашања кои треба да се разгледаат: Постоењето на функционална ЗКЕ до моментот кога ЕСМ ќе се приватизира, е од исклучителна важност за задоволување на барањата кои произлегуваат од основните ЕУ упатства за секторот за енергетика, а техничка помош е потребна за воспоставување на ЗКЕ, како ентитет кој целосно функционира.

*Цели на проектот, Задача*

Општа цел: Дизајнирање на пазарно–заснована правна рамка и институционален законодавен капацитет, за ефикасно снабдување со енергија и да помош на Владата во регулирањето на домашниот енергетски Пазар, со отсуство на монополистички претпријатија.

Задача и специфични цели: Финансирање на тим за техничка помош, кој ќе ја предложи можната внатрешна организација и работните процедури на ЗКЕ, ќе ги изготви сите подзаконски акти за регулирање на енергетскиот пазар во согласност со законодавството на ЕЗ и најдобрата пракса на ЕУ и прописите насочени кон отворање на внатрешниот пазар, опремување на канцелариите на ЗКЕ со канцелариска опрема и организација и финансирање на студиски престој за нејзините 5 члена.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

Директни корисници и партнери на проектот ќе бидат Министерството за економија (МЕ) и самата ЗКЕ, така што таа ќе се доведе во фаза на оперативност. Крајни корисници ќе бидат сите потрошувачи на енергија и економијата во целост, која треба да биде заштитена од било какво можно предаторско однесување на било кој неконтролиран добавувач / оператор.

Локација на проектот: Скопје (Република Македонија)

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Проектот претставува надополнување на компонентата за хармонизација на законодавството од програмата CARDS 2000, која сеуште не е отпочната. Исто така, тој ќе се поврзе и со тековните активности во рамките на Регионалната програма CARDS 2001 во врска со Регионалниот пазар на електрична енергија (РПЕЕ), како и REBIS – електрична енергија, преку кој, покрај останатото, се очекува воспоставување на заеднички правила и методи за дефинирање на надлежностите и обврските на националните законодавни власти.

Проектот ќе значи и надградба на советот финансиран од USAID, кој, во нацрт Законот за енергетика, доведе до воведување на член со кој се предвидува создавањето на ЗКЕ.

*Опис на главните активности*

Во соработка со МЕ, EAR ќе ги финализира описот и условите за Ограничениот тендер на проектот (со кој ќе раководи EAR), за еден тим на експерти за законодавството во областа на енергетиката (меѓународни и домашни). Во консултација со членовите на ЗКЕ, тимот ќе ги изготви сите нацрт текстови и документи со кои се регулира законодавното работење на ЗКЕ (интерни упатства за работа, правила и прописи; нацрт модели и процедури за поделба на надлежностите, лиценци и концесии; систем и процедури за мониторинг и контрола на придржувањето кон договорените обврски од страна на операторите), ќе обезбеди канцелариска опрема и ќе организира студиски престој за 5–те члена на Комисијата. Понатаму, проектот ќе обезбеди подршка на националната власт, во нејзиниот обид за усвојување правила, компатибилни и храмонизирани со Регионалниот пазар на електрична енергија (регионална CARDS 2001) и Регионалниот пазар на гас (регионална CARDS 2002).

*Улога на партнерот во имплементацијата на проектот*

МЕ и членовите на ЗКЕ ќе бидат клучните партнери на проектот и активно ќе бидат вклучени во изготвувањето на описот и условите на проектот и во изготвувањето на нацрт текстовите на прописите од страна на консултантите, споменати погоре.

Буџет на проектот

Вкупниот износ на буџетот кој стои на располагање за реализација на проектот, изнесува € 800.000 евра. Договорот ќе содржи една клаузула, со која ќе се обезбеди можност за евентуално непредвидено проширување на обемот или врметраењето на проектот, со цел да се земат предвид евентуалните непредвидени прашања и потреби.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Пристигнати консултанти | Октомври 2002 год. |
| Подготвени сите нацрт текстови / прописи | Јануари 2003 год. |
| Сите нацрт текстови / прописи одобрени од членовите на ЗКЕ / МЕ | Февруари 2003 год. |
| Текстови и прописи усвоени од ЗКЕ и оперативни | Април 2003 год. |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројат ност | Ефе кт | Контра мерки |
|---|---|---|---|
| Приватизација на ЕСМ пред операционализација на ЗКЕ | Умерен а | Сер иозен | Задржување на сегашниот статус на ЕСМ |
| Одлагање на усвојувањето на текстовите од страна на членовите на ЗКЕ | Мала | Ум ерен | Интензивирање на дијалогот |
| Недоволен број на вработени во ЗКЕ | Мала | Сер иозен | Интензивирање на дијалогот |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | | 2002 | | | | 2003 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | варта л 1 | варта л 2 | варта л 3 | варта л 4 | варта л 1 | варта л 2 | варта л 3 | варта л 4 |
| Одлука за финансирање | | ◆ | | | | | | | |
| Т ехничка помош | Тенд ер | | | | | | | | |
| | Импл ементација | | | | | | | | |

| Рамка на реализација: ТП за Законодавната комисија за енергетика (ЗКЕ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Општа цел** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Помош за Република Македонија во регулирањето на домашниот енергетски пазар во согласност со упатствата од ЕУ и пазарните принципи и начела. | Закон за енергетика со клаузула за либерализација на енергетскиот пазар. | Разрешување на состојбата или приватизација на комуналните претпријатија и другите снабдувачи со енергија. | Политичка стабилност, волја за објавување на Законот за енергетика и работење во насока на либерализација на енергетскиот сектор. |
| **Специфични цели** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Подготовка на организацијата на ЗКЕ и нејзините работни процедури, како и на сите подзаконски акти потребни за регулирање на енергетскиот сектор.<br>Финансирање на набавката на канцелариска опрема за ЗКЕ и работни посети на други законодавни тела за цели на обука. | -Нацрт текстови на подзаконски акти и прописи за енергетскиот пазар<br>- ЗКЕ кадар со соодветна опрема<br>- Број на посети за цели на обука | Консултантски извештаи, континуирана дискусија со членовите на ЗКЕ. | Политичка волја за превземање на првиот чекор за создавање на ЗКЕ како автономно тело и номинација на 5 независни члена. |
| **Резултати** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Организација и работни процедури на ЗКЕ.<br>Целокупна секундарна легислатива (подзаконски акти) за регулирање на односите и контрола на операторите на енергетскиот пазар.<br>Опремена кланцеларија на ЗКЕ и обучен кадар. | Организациона шема на ЗКЕ и правила и упатства за работа.<br>Усвојување на подзаконските акти.<br>Издавање овластувања и лиценци за енергетските оператори.<br>Број на обучен кадар. | Званични извештаи, расположивост на документација, публикација и спроведување на прописите.<br>Консултантски извештаи. | |
| **Влезни елементи** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Домашни и меѓународни експерти.<br>Канцелариска опрема.<br>Студиски престој и посети за обука за членовите на ЗКЕ и вработените. | Потпишани договори за експертите.<br>Број и количина на испорачана канцелариска опрема.<br>Број на реализирани посети за обука. | Потпишани договори.<br>Консултантски извештаи. | |

## 9.5 Прилог кон Проектот: 6.2.1.3

| | |
|---|---|
| Програма CARDS: | 2002 |
| Земја: | Република Македонија |
| Проект: | Техничка помош за авторското право и правата на интелектуална сопственост |
| Времетраење: | 3 месеци |
| Буџет на проектот: | € 200,000 |

*Историјат*

Општо: Правата на индустриска сопственост во Република Македонија беа одговорност на Заводот за заштита на индустриска сопственост (ЗЗИС) под Министерството за економија, а заштитата на авторските права и сродните права, одговорност на посебен сектор при Министерството за култура (МК). Владата се обидува на најбрз и најсоодветен начин да ги хармонизира своите закони и прописи со законодавството на ЕУ во оваа сфера.

Специфично: Од средината на 2000 година наваму, ЗЗИС добива обемна техничка помош од GTZ за подготовки и изготвување на нов закон за правата на индустриска сопственост (патенти, дизајн, трговски марки, ознаки за потекло), хармонизиран со законодавството на ЕУ, за обука на вработените во ЗЗИС, а оваа континуирана помош своето внимание сега ќе го префрли на изготвување на подзаконските акти и подготовка на капања за подигнување на јавната свест и информираност. Во принцип, GTZ се согласи и да му помогне на Секторот за авторски права да го хармонизира Законот за авторски права од 1996 година со законодавството на ЕУ и барањата на СТО, како и во спроведувањето на новите закони и прописи.

Прашања кои треба да се разгледаат: Гореспоменатите договори со GTZ не покриваат три работи кои споменатите институции сакаат да ги имплементираат, со цел во целост да бидат во согласност со закондавството и праксата на ЕУ: (1) ЗЗИС бара помош за да ги автоматизира своите процедури за регистрација на права од индустриска сопственост, за одредени групи од Европскиот патентен завод (ЕПЗ–кој би испорачал специјален ″Заеднички софтвер″); (2) Секторот за авторски права при МК се обидува да обезбеди Know–How од ЕУ, за имплементацијата на законот за авторски права и други сродни права, со посебно внимание на управувањето и раководењето со колективните права; и (3) На Република Македонија и е потребна помош во врска со индикаторите на географско потекло, која би се состоела од совети и/или обука на службени лица, кои работат на проблематиката на ГП.

Спроведувањето и заштитата на овие права на индустриска сосптвеност од страна на царината, полицијата и судството е од клучна важност, што треба да се реализира во координација со една сеопфатна пракугранична стратегија (законодавен совет или обука).

*Општи цели на проектот, Задача*

Општа цел: Дополнително да се хармонизира легислативата на Република Македонија со целокупното законодавство на ЕУ и да се обезбеди нејзината ефикасна примена и спроведување во пракса.

Задача на проектот / Специфични цели: Проектот има двојна задача. Како прво, да обезбеди експертиза за ЗЗИС, потребна за изготвување и спроведување на прописите во рамките на новиот Закон за правата на индустриска сопствност. Како второ, да им помогне на секторот

за авторски права и на заинтересираните иматели на такви права во воспоставувањето и контролата на функционирањето на авторски агенции, онаму каде што е соодветно, во согласност со закондавството и праксата на ЕУ. Понатаму, ќе биде обезбедена и експертиза во однос на регулирање на прашањата на индикатори за географското потекло.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

Директни корисници и партнери на проектот ќе бидат Заводот за заштита на индустриска сопственост (ЗЗИС) и секторот за авторски права при МК. Имателите на права, заинтересирани за раководењето и управувањето со колективните права, треба колку што е можно поактивно да бидат вклучени, имајќи предвид дека токму тие ќе бидат оние кои ќе бидат задолжени за основање на авторски агенции кои функционираат. Крајни корисници ќе бидат како локалните, така и странските иматели на права и нивните застапници, кои се обидуваат да го снабдат домашниот пазар со прописно лиценцирани стоки и услуги со заштитени авторски права и сродни права. Во моментов, пазарот е преплавен со пиратски / фалсификувани производи кои доаѓаат од соседните земји.

Локација на проектот: Скопје (Република Македонија).

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Проектот ќе претставува надополнување на останатите програми во Република Македонија, финансирани од ЕУ, а особено на компонентата за хармонизација на законодавството од програмата CARDS 2000, како и компонентата за Царинската управа од програмата CARDS 2001 (кои сеуште не се започнати). Исто така, проектот ќе биде и интегрален дел од општата EAR координативна вежба, која ги покрива сите проекти за Техничка помош поврзана со трговијата (ТППТ), во рамките на програмата CARDS 2002.

Како што е неведено погоре, проектот исто така ги надополнува поранешните и идните програми на техничка помош, финансирани од GTZ, наменети за ЗЗИС и секторот за авторски права при МК.

*Опис на главните активности*

Една консултантска фирма ќе ги спроведе (под Рамковнта средба раководен од EAR) главните активности во рамките на компонентите: (1) инсталација и превод на ЕПЗ ″Заедничкиот софтвер″ и неговите упатства за работа, внесување на базите на податоци и обука на ЗЗИС вработените; (2) идентификација и мобилизација на експертите за авторски права од администрацијата и од приватниот сектор (иматели на права) од Република Чешка (или Полска), Франција и Германија и нивно распоредување за работа со вработените од различни заинтересирани институции (Министерството за култура, царината, судството, Министерството за внатрешни работи, Друштвото на писатели и музичари, итн.), преку одржување на семинари и работилници во Република Македонија, за менаџмент со правата и нивно спроведување во рамките на колективната администрација на правата; и (3) техничка помош за власта, во решавањето на прашањата поврзани со индикаторите за географско потекло.

*Улога на партнерите во имплементацијата на проектот*

ГОДИШНА ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ ЗА 2002 ГОДИНА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Обата партнери на проектот (ЗЗИС, секторот за авторски права при МК) ќе учествуваат во подговотовката на описот и условите за работа. Дополнително, секторот за авторски права ќе настојува да обезбеди заеднички договор на сите ентитети заинтересирани за ″колективна заштита и раководење″ со правата, онаму каде тоа е соодветно.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Подготвени консултанти | Септември 2002 год. |
| Инсталирани и преведени ЕПЗ софтвер и податоци | Ноември 2002 год. |
| Семинари организирани од експерти за авторски право за вработените во МК и приватниот сектор | Октомври – Ноември 2002 год. |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Контра мерки |
|---|---|---|---|
| Одлагање на подготовката на ЕПЗ материјалот | Мала | Мал | Притисок врз ЕПЗ |
| Одложено одобрување на ″колективна заштита и раководење″ со авторските права | Умерена | Сериозен | Интензивирање на дијалогот и притисок од донаторите |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | | 2002 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | | | Квартал 2 | | | Квартал 3 | | | Квартал 4 | | |
| Одлука за финансирање | | | | | | | ◆ | | | | | | |
| Техничка помош | Тендер | | | | | | | | ▬ | | | | |
| | Имплементација | | | | | | | | | ▬ | ▬ | ▬ | |

| Рамка на реализацијата: ТП за авторско право и права на интелектуална сопственост | | | |
|---|---|---|---|
| **Општа цел** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Дополнителна хармонизација на легислативата на Република Македонија со законодавството на ЕУ | Степен на хармонизација на локалната легислатива со законодавството на ЕУ | Званични ЕУ извештаи | Политичка и социјална стабилност |
| **Специфични цели** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Обезбедување на Заводот за заштита на индустриската сопственост (ЗЗИС) со експертизата потребна за подготовка и спроведување на прописите во согласност со ЕУ законодавството (особено, Европскиот патентен завод – ЕПЗ);<br>Помош на секторот за авторски права во воспоставувањето и контролата на авторските агенции со цел да се обезбеди ″колективна заштита и раководење″ на правата, каде е соодветно, согласно законодавството и праксата на ЕУ;<br>Разгледување на прашањето на индикаторите на географско потекло. | Задоволително исполнување на резултатите опишани подолу.<br>Број на учесници и фреквенција на состаноци за колективно раководење / авторски агенции.. | Консултантски извештаи, извештаи на ЗЗИС, издадени документи во врска со ″колективното раководење / авторски агенции. | Согласност на сите административни ентитети заинтересирани за заштитата на авторските права преку ″колективна заштита и управување″, онаму каде е соодветно |
| **Резултати** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Инсталација и превод на ЕПЗ ″заедничкиот софтвер″ и неговите упатства за работа, внесување на базите на | Број на бази на податоци внесени во системот на ЗЗИС;<br>Број на обучени | Извештаи на ЗЗИС<br>Консултантски извештаи | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| податоци и обука на кадарот од ЗЗИС;<br>Семинари и работилници организирани во Скопје од страна на експерти со долга пракса во раководење со права и нивно спроведување преку ″колективно раководење″. | кадри во ЗЗИС;<br>Број на организирани семинари и работилници и број на учесници. | Анкети на ЗЗИС и иматели на права на ИС. | |
| Влезни елементи | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Експерти од/за ЕПЗ;<br>Експерти од три држави (на пример: Франција, Германија, Словенија или Полска) за шеми на ″колективно раководење и управување″. | Потпишување на договори за експерти.<br>Локални учесници на семинари / работилници. | Потпишани договори<br>Реализирани исплати<br>Консултантски извештаи | |

**Прилог кон Проектот: 6.2.2.1**

| | |
|---|---|
| Програма CARDS: | 2002 |
| Земја: | Република Македонија |
| Проект: | Техничка помош за изготвување нацрт трговски закони |
| Времетраење: | 12 месеци |
| Буџет на проектот: | €1 милион |

*Историјат*

Општо: Република Македонија се обидува да ја заврши својата транзиција и рапидно да се интегрира во западно–европската заедница на пазарно – ориентирани економии. Таа беше првата држава од југо–источна Европа (ЈИЕ) која потпиша Спогодба за стабилизација и асоцијација (ССА), со јасни и прецизни обврски и рокови за имплементација на законодавството на заедницата и либерализација на трговијата. Спогодбата сеуште не е и формално ратификувана, а додека да се случи тоа, Заедницата и Република Македонија потпишаа взаемна Времена спогодба за трговија и другите прашања од таа сфера.

Специфично: Со помош и совети од страна на USAID, Република Македонија преговара за својот влез во Светската трговска организација (СТО). Преговорите се одвиваат нормално и спогодбата со СТО се очекува да се реализира до летото 2002 година. Во секој случај, постоечките трговски закони во земјата (како за внатрешната, така и за надворешната трговија) претставуваат виртуелни копии на поранешните трговски закони на Федеративна Социјалистичка Република Југославија, кои беа усвоени во поранешниот економски систем. Тие под итно треба да бидат ревидирани согласно новиот трговски режим на земјата и превземени обврски, во однос на ЕУ и СТО. Еден трговски експерт, спонзориран од USAID ја анализираше законската трговска рамка и ја потврди ваквата потреба.

Проблеми кои треба да се разгледаат: Трговските закони на Република Македонија (како системските закони така и подзаконските акти) мора да бидат повторно обмислени и препишани во целост, во хармонизација со законодавството на ЕУ и барањата на СТО.

*Цели на проектот, Задача*

Општа цел: Дополнително да и се помогне на Република Македонија во нејзината транзиција кон пазарна економија.

Задача: Да се упрости, модернизира и либерализира легислативата со која се регулира трговскиот режим.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

Партнер на проектот ќе биде Министерството за Економија (МЕ), кое што бараше техничка помош целосно да се модернизира националната законска рамка во обласна на трговијата. Некои корекции се веќе направени, со цел да се задоволат минималните барања на

СТО, но процесот е далеку од завршен. Очекуваните корисници кои ќе извлечат полза од проектот ќе бидат претпријатијата во Република Македонија и економијата во целост, кои ќе профитираат како резултат на помодерните и поедноставени законски процедури на либерализираната трговија. Од МЕ во голема мерка се очекува да раководи со целосниот процес на менување на легислативата и процесот на нејзино усвојување. Како и да е, и некои други владини институции (на пример царината) ќе треба да работат на оваа задача.

Локација на проектот: Скопје

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Предложениот проект ќе претставува дополнение на компонентата на усогласување на законодавството во програмата CARDS 2000 и компонентата за царинска управа, во програмата CARDS 2001. Исто така, проектот ќе биде интегрален дел од координативната вежба на EAR, која ги покрива сите проекти за техничка помош, поврзани со трговијата (ТППТ) во програмата CARDS 2002.

Во рамките на проектот ќе треба да се оствари блиска координација на активностите со оние на USAID, која í помага на земјата да стане членка на СТО. USAID сериозно размислува за одобрување на понатамошна помош за имплементација на СТО спогодбата.

*Опис на главните активности*

Еден тим од трговски / правни експерти (како меѓународни така и домашни), ќе ги изготви сите системски закони и подзаконски акти поврзани со внатрешната и надворешната трговија. Дополнително, консултантите ќе обезбедат обука за соодветните службени лица за имплементација и спроведување на предложената нова законска рамка. Сите проектни активности ќе бидат преземени во блиска консултација со МЕ, царината и оние институции кои се одговорни да раководат со останатите пречки за трговијата, кои не се од царинска природа. Екпертите ќе бидат ангажирани од страна на Агенцијата преку ограничен тендер, врз основа на описот и условите на проектот, кои ќе бидат изготвени од специјализиран консултант во блиска соработка со МЕ.

*Улога на партнерот на проектот во имплементацијата*

МЕ ќе биде директно вклучено во подготовката на описот и условите на проектот (ОУП) и во анализата / давањето коментари за нацрт текстовите на законите и подзаконските трговски акти, изготвени од страна на консултантите. Министерството ќе треба да обезбеди обука за своите вработени, кои ќе треба да раководат и да го координираат нивното усвојување, а следствено и имплементацијата на законите/прописите во пракса.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Избрани и пристигнати консултанти | Декември 2002 год. |

| | |
|---|---|
| Нацрт текстови подготвени за разгледување на министерско ниво | Април 2003 год. |
| Нацрт текстовите одобрени од страна на Владата и Парламентот | Мај 2003 год. |
| Усвоени нови закони / прописи | Септември 2003 год. |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Контра мерки |
|---|---|---|---|
| Одложување на процесот на разгледување на нацрт текстовите на законите / прописите од страна на националните учесници во тој процес | Умерена | Сериозен | Притисок од донаторите, интензивирање на дијалогот |
| Незадоволителен капацитет да се спроведат новите закони низ владините институции | Умерена | Сериозен | Притисок од донаторите, поголеми инвестиции во обука |
| Одложено усвојување од страна на Парламентот | Умерена | Сериозен | Притисок од донаторите, интензивирање на дијалогот со клучните учесници во овој процес од Владата и со парламентарците |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | | 2002 | | | | 2003 | | | | 2004 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 |
| Одлука за финансирање | | | | ◆ | | | | | | | | | |
| Експертски услуги (вклучувајќи и обука) за изготвување нацрт трговски закони: | | | | | | | | | | | | | |
| Техничка помош | Тендер | | ▬ | ▬ | | | | | | | | | |
| | Имплементација | | | | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |

| Рамка на реализацијата: Техничка помош за изготвување нацрт трговски закони | | | |
|---|---|---|---|
| Општа цел | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Да í се помогне на Република Македонија во нејзината транзиција кон пазарна економија. | Завршени преговори со СТО | Пристапување на Република Македонија кон СТО | Политичка и социјална стабилност |
| Специфични цели | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Да се упрости, модернизира и либерализира постоечката легислатива во сферата на трговијата<br>Да се обучи соодветен кадар за имплементација и спроведување на законите во пракса | Нацрт текстови на закони и подзаконски акти / прописи во областа на внатрешната и надворешната трговија<br>Број на вработени кои посетуваат обука | Консултантски извештаи, дискусии со соодветни службени лица од министерствата (МЕ) | Волја на политичката власт и релевантните институции да ги прифатат и имплементираат барањата на СТО / ССА<br>Расположивост на кадри за обука |
| Резултати | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Ревидирани трговски закони / прописи, кои ги исполнуваат барањата на СТО / ССА<br>Обучен кадар | Усвојување на Законите / прописите од страна на Владата и Парламентот<br>Број на вработени кои посетувале обука | Официјални извештаи, публикација на законите / прописите<br>Консултантски извештаи | |
| Влезни елементи | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Домашни и меѓународни експерти<br>Програми за обука за соодветниот кадар од министерството и од другите институции, кои ќе посетуваат обука | Потпишување на договори за експерти<br>Модули на обука, идентификација на вработените кои треба да се обучат | Потпишани договори<br>Консултантски извештаи | Доволно ″слободно време″ на вработените во министерството, за да посетуваат обука |

**Прилог кон Проектот: 6.2.2.2**

Програма CARDS: 2002
Земја: Република Македонија
Проект: Техничка помош за изготвување закони за ветерина, заштита на растенијата и вино
Времетраење: 12 месеци
Буџет на проектот: € 2 милиони

*Историјат*

Општо: Република Македонија се обидува да излезе од фазата на транзиција и да се приклучи кон западната заедница на пазарно засновани економии. Република Македонија е првата земја од југоисточна Европа, која во 2001 година потпиша Спогодба за стабилизација и асоцијација (ССА) со ЕУ, со јасни и прецизно дефинирани рокови за исполнување на обврската за постигнување либерализација во трговијата и хармонизација со ЕУ.

Специфично: Согласно ССА и соодветната програма за хармонизација, во 2002 година Република Македонија има обврска да превземе многу важни чекори за изготвување системски закони и подзаконски акти, во областа на ветерината, заштитата на растенијата и класификација на виното (катастар на лозја, определување и заштита на називи, дефинирање на квалитетот и класификација на вината).

Прашања кои треба да се разгледаат: Со цел да се испочитуват роковите на обврските превземени со ССА, Република Македонија побара техничка помош за изготвување на овие три закони (закон и подзаконски акти) во согласност со прописите на ЕУ.

*Цели на проектот, Задача*

Општа цел: Хармонизација на соодветната легислатива на Република Македонија со онаа на ЕУ и исполнување на обврските кои произлегуваат од ССА.

Задача на проектот и специфични цели: Помош на земјата во изготвувањето на законите и секундарните акти, во областа на ветерината, заштитата на растенијата и класификацијата на виното, во согласност со законодавството и прописите на ЕУ.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

Директен корисник и партнер на проектот ќе биде Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство (МЗШВ), кое побара техничка помош за изготвување на овие три комплети закони и прописи. Крајни корисници кои ќе извлечат полза од проектот ќе бидат земјоделците и лозарите во Република Македонија, кои ќе ја подобрат својата позиција и шансите за извоз во ЕУ и земјите со асоцијативно членство.

Локација на проектот: Скопје

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Проектот го претставува потребното надополнување на другите програми финансирани од страна на ЕУ во Република Македонија, а особено на компонентата за хармонизација на законодавството од програмата PHARE 1999 и трите специфично поврзани компоненти на програмата CARDS 2001 (идентификација на животните, контролна инфраструктура за квалитет на храната и ветеринарна/фитосанитарна контрола), кои сеуште не се отпочнати. Исто така, проектот претставува интегрален дел на општата EAR координативна вежба, која ги опфаќа сите проекти на техничка помош од трговски карактер, во рамките на CARDS 2002 програмата.

*Опис на главните активности*

Во блиска соработка со МЗШВ, специјализираните консултанти (согласно Рамковнта средба со EAR) ќе ги подготват описот и условите на Ограничениот тендер за главниот проект (со кој ќе раководи EAR) за ангажирање на еден тим од правни и институционални експерти (меѓународни и домашни) во овие три области. Во консултација со соодветните сектори при МЗШВ, тимот ќе учествува во изготвувањето на основните закони и подзаконските акти за селектираните теми и области и по потреба, ќе обезбеди обука за претставниците од МЗШV (вклучувајќи студиски престои каде е соодветно) за имплементацијата и спроведувањето на тие закони.

*Улога на партнерот во имплементацијата на проектот*

МЗШВ ќе земе активно учество во изготвувањето на описот и условите на проектот и подготвувањето на трите комплети закони и прописи кои ќе бидат резултат на овој проект. Вработените од министерството ќе бидат обучени од страна на експертскиот тим, во однос на имплементацијата на законите и прописите.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Подготвени консултанти согласно Рамковнта средба, за изготвување на описот и условите | Мај 2002 год. |
| Подготвени опис и услови за главниот тендерски договор | Јуни 2002 год. |
| Подготвен основниот тим на консултанти | Октомври 2002 год. |
| Конечни нацрт текстови на законите, подзаконските акти и прописите | Јули 2003 год. |
| Предлог законите усвоени од страна на соодветните министерства и царината | Септември 2003 год. |
| Усвојување на новите закони и прописи | Декември 2003 год. |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Контра мерки |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одложување на анализата и прегледувањето на предлог законите | Умерена | Мал | Подобрување на дијалогот |
| Долга обработка на текстовите низ владините институции | Умерена | Сериозен | Подобар дијалог, обука на службените лица |
| Одложено усвојување на текстовите од страна на Парламентот | Умерена | Сериозен | Подобрување на дијалогот со клучните учесници во процесот |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | | 2002 | | | | 2003 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 |
| Одлука за финансирање | | | ◆ | | | | | | |
| Техничка помош | Тендер | ▬ | ▬ | ▬ | | | | | |
| | Имплементација | | | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | |

| Рамка на реализацијата: Техничка помош за изготвување закони за ветерина, заштита на растенијата и вино | | | |
|---|---|---|---|
| **Општа цел** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Помош на Република Македонија за хармонизација на соодветната легислатива со законодавството на ЕУ и исполнување на обврските од ССА. | Степен на хармонизација на легислативата со законодавството на ЕУ. | Либерализација на трговијата со соодветните стоки. | Политичка и социјална стабилност. |
| **Специфични цели** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Изготвување на првиот комплет закони и сите подзаконски акти во областа на ветерината, заштитата на растенијата и класификација на виното согласно прописите на ЕУ<br>Обука на кадрите за правна имплементација. | – Одобрени предлог закони и прописи за селектираните производи<br>– Соодветно обучен кадар. | Консултантски извештаи, континуирана дискусија со Министерството за земјоделие и ЕЗ | Политичка волја за хармонизација со законодавството на ЕУ во областа на земјоделието. |
| **Резултати** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Предлог закони и подзаконски акти во трите избрани области.<br>Обучен кадар во МЗШВ за имплементација и спроведување на изготвените закони. | Усвојување на законите и подзаконските акти.<br>Број на обучен кадар. | Званични извештаи, расположивост на документација, публикација и спроведување на законите и прописите.<br>Консултантски извештаи. | |
| **Влезни елементи** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Домашни и меѓународни експерти.<br>Посети за обука за вработените во МЗШВ. | Потпишани договори за ангажман на експерти.<br>Реализирани посети за обука. | Потпишани договори.<br>Консултантски извештаи. | |

**Прилог кон Проектот: 6.2.2.3**

| | |
|---|---|
| Програма CARDS: | 2002 |
| Земја: | Република Македонија |
| Проект: | Обука на владини функционери за регулативата за либерализација на трговијата |
| Креметраење: | 12 месеци |
| Буџет на проектот: | € 0.5 милиони |

*Историјат*

Општо: Република Македонија се обидува да ја заврши својата транзиција и на рапиден начин да се интегрира во зедницата на пазарно засновани економии. Република Македонија е првата земја од југоисточна Европа која потпиша Спогодба за стабилизација и асоцијација (ССА) со јасни и прецизно дефинирани обврски и рокови за либерализација на трговијата во согласност со законодавството на ЕУ и прописите на СТО. За таа цел, трговските закони (како основните закони, така и подзаконските акти) во Република Македонија ќе бидат редефинирани во текот на 2002 година.

Специфично: Службените лица од Министерството за економија (МЕ) и другите административни тела заинтересирани за трговијата (на пример: царината, земјоделието, итн.), треба да ја напуштат правната рамка, процедурите и праксата по која се раководеше трговскиот режим во поранешната Федеративна Социјалистичка Република Југославија и да се адаптираат кон прописите и праксата на режимот на либерализирана трговија, кој ќе произлезе од новите трговски закони. Владата му дава висок приоритет на прашањето на унапредување и развој на сопствените човечки ресурси за имплементација на законодавството на ЕУ.

Прашања кои треба да разгледаат: На службениците од МЕ и останатите кои се заинтересирани и се бават со прашањето на трговијата, особено на ниво на донесување одлуки, им е потребно запознавање и обука на високо ниво во врска со процедурите и практичната имплементација на сите закони и подзаконски акти од трговијата, кои се во процес на реформулирање. Потребна е блиска соработка со проектите 2.2.2 и 6.2.2.1, со цел да се обезбеди целосна комплементарност.

*Општи цели на проектот, Задача*

Општи цели: Хармонизација на трговскиот режим на Република Македонија со законодавството на ЕУ и правилата на СТО.

Задача на проектот / Специфични цели: За потребите на службените лица во трговските–административни тела, да се подготви и испорача сеопфатен и ефективно дизајниран пакет информации, совети и обука во врска со правната основа, процедурите и праксата на режимот на либерализирана трговија, во согласност со прописите и правилата на ЕУ и СТО и општо прифатената најдобра пракса.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

Директни корисници на проектот ќе бидат Министерството за економија, Царината, Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство (МЗШV) и некои други институции и тела поврзани со трговијата. Партнерот на проектот ќе биде избран од страна на Владата и EAR, имајќи ги предвид соодветните алтернативи (неодамна основаниот Институт за јавна администрација, Агенцијата за државни службеници,...). Крајни корисници ќе бидат индустриските и земјоделски претпријатија во Република Македонија и економијата во целост, кои ќе извлечат полза од модерните и поедноставените процедури и пракса на либерализирана трговија.

Локација на проектот: Скопје

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Проектот претставува надополнување и надградба на другите програми финансирани од страна на ЕУ, а особено на компонентата за Хармонизација на законодавството од програмата CARDS 2000 и компонентата за Царинската управа од програмата CARDS 2001 (кои сеуште не се отпочнати), како и компонентата за Трговските закони, предложена во рамките на програмата CARDS 2002.

*Опис на главните активности*

Од страна на EAR ќе биде ангажиран тим од трговски експерти кои, во блиска соработка со МЕ, ќе подготват, организираат и спроведат програма за запознавање и обука преку различни соодветни форми (курсеви, семинари, тркалезни маси, студиски престои, итн.) за процедурите и најдобрата пракса на либерализирана трговија, за публика составена од државни службеници на високо ниво, кои учествуваат во процесот на одлучување, а ќе бидат селектирани заеднички од страна на МЕ, Царинската управа и МЗШV.

*Улога на партнерот во имплементацијата на проектот*

Директните корисници и партнерите на проектот активно ќе придонесуваат во подготовката на програмата.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Пристигнати консултанти | Октомври 2002 год. |
| Подготвена и одобрена програма | Ноември 2002 год. |
| Спроведување на првата обука | Декември 2002 год. |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Контра мерки |
|---|---|---|---|
| Одлагање на идентификацијата на партнерот на проектот | Умерена | Сериозен | Притисок врз МЕ |
| Потешкотии во отргнувањето на службените лица од нивните секојдневни обврски и задачи | Мала | Сериозен | Интензивирање на дијалогот и притисок од донаторите |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | | 2002 | | | | 2003 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 |
| Одлука за финансирање | | | ◆ | | | | | | |
| Техничка помош | Тендер | | ▬ | ▬ | | | | | |
| | Имплементација | | | | | | | | |

| Рамка на реализацијата: Обука на владини функционери за регулативата за либерализација на трговијата | | | |
|---|---|---|---|
| Општа цел | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Хармонизација на трговскиот режим на Република Македонија со законодавството на ЕУ и барањата и праксата на СТО | Степен на либерализација на трговијата | Званични ЕУ и СТО извештаи и статистички податоци | Политичка и социјална стабилност |
| Специфични цели | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| За потребите на службените лица во трговските–административни тела, да се подготви и испорача сеопфатен пакет информации, совети и обука во врска со правната рамка, процедурите и праксата на режимот на либерализирана трговија | Задоволителна реализација на резултатите опишани подолу.<br>Број и важност (хиерархиска позиција) на учесниците. | Консултантски извештаи, извештаи од партнерите на проектот;<br>Документи и одлуки изготвени од страна на учесниците во текот на нивната секојдневна работа. | Согласност на сите административни ентитети заинтересирани за управување со трговскиот режим, за учество на интензивна обука и примена на модерни прописи и пракса во иднина. |
| Резултати | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Спроведување програма за запознавање и обука (преку различни соодветни форми, како на пример: семинари, тркалезни маси, студиски престои, итн.) за процедурите и праксата на либерализирана трговија. | Број на обучени службени лица;<br>Број на организирани семинари / работилници и број на учесници. | Консултантски извештаи;<br>ЕУ и СТО извештаи за фактичката либерализација на трговијата;<br>Анкети на трговски оператори. | Доволно време на располагање на службените лица за активно и целосно учество. |
| Влезни елементи | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Експерти за трговија;<br>Соработка и логистичка поддршка од соодветен партнер на проектот (на пример: Институтот за јавна администрација). | Потпишување на договори за ангажирање на експертите.<br>Локални | Потпишан договор.<br>Исплатени средства.<br>Консултантски | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | учесници на семинарите / работилниците. | извештаи. | |

**Прилог кон Проектот: 6.2.2.4**

| | |
|---|---|
| Програма CARDS: | 2002 |
| Земја: | Република Македонија |
| Проект: | Организациона шема и финансирање на ЕИДЦ |
| Времетраење: | Две години |
| Буџет на проектот: | € 0.5 милиони |

*Историјат*

Општо: Во својата транзиција кон пазарно ориентирана и извозно ориентирана економија, Република Македонија, за своите претпријатија и граѓани, се обидува да обезбеди пристап до ЕУ мрежите на бизнис партнери и изворите на информации, во врска со бизнис/трговските закони и регулативите на ЕУ. Република Македонија, како прва земја од југоисточна Европа која потпиша ССА во април 2001 година, посакува да има на располагање и Европски информативен дописнички центар (ЕИДЦ).

Специфично: Како повеќето земји членки на CARDS, Република Македонија би сакала да ги искористи можностите и придобивките од еден ЕИДЦ, отворен за нејзините претпријатија и граѓани. Во рамките на PHARE 1999 програмата за Република Македонија, предвидена е и посебна компонента за создавање на таков ЕИДЦ. Сепак, програмата од 1999 година подоцна беше откажана, а потоа вниманието беше посветено на редуциран број компоненти. Непостоењето на ЕИДЦ го попречуваше општото разбирање во Република Македонија на целокупната трговска регулатива на ЕУ и хармонизацијата на домашната регулатива со законодавството на ЕУ, како и домашниот развој на трговијата и извозот, затоа што домашните претпријатија и бизниси не беа во состојба да воспостават лесна врска со потенцијалните партнери во земјите членки на ЕУ, ниту пак имаа едноставен пристап до информациите поврзани со регулативата на ЕУ, во сферата на трговијата и извозот.

Прашања кои треба да се разгледаат: Треба да се изготви организациона шема и бизнис план за ЕИДЦ, а трошоците за неговото воспоставување и оперативниот буџет треба да се финансираат преку грант во период од две години, додека тој не дојде во состојба да егзистира и да се финансира самостојно.

*Општи цели на проектот, Задача*

Општа цел: Претпријатијата и граѓаните во Република Македонија да се поврзат со доверливи извори на информации за регулативата и бизнис партнерите во земјите од ЕУ.

Задача на проектот и специфични цели: Најпрво, да се изготви организациона шема и бизнис план за ЕИДЦ во Скопје, и како второ, да се финансираат воспоставувањето и двегодишните оперативни трошоци на ЕИДЦ, основан согласно организационата шема и бизнис планот.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

Директен корисник и партнер на проектот ќе биде Министерството за економија (МЕ), на кое му е потребна финансиска помош за основање на ЕИДЦ. Крајните корисници ќе бидат претпријатијата во Република Македонија и стопанството во целост, кои ќе профитираат од пристапот кон точни информации и една мрежа на потенцијални деловни партнери.

Локација на проектот: Скопје (Република Македонија)

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Проектот претставува надградба на првиот обид за создавање ЕИДЦ во рамките на PHARE 1999 програмата за Република Македонија.

*Опис на главните активности*

Во првата фаза, ќе бидат изготвени детална организациона шема и бизнис план од страна на експерти избрани од ЕИЦ мрежата (финансирани преку Рамковен договор). По усвојувањето на овие предлози од страна на МЕ и ГД за Претпријатија и по направената селекција на соодветна институција која ќе биде домаќин на ЕИДЦ од страна на МЕ, тој ќе биде и законски основан како автономен ентитет (фондација). Во втората фаза ќе бидат опремени канцелариите (компјутери, интернет врски итн.), ќе се направи селекција на вработените и истите ќе бидат обучени во рамките на ЕИЦ мрежата, а акредитацијата обезбедена преку ГД за Претпријатија, кој ќе му дозволи на ЕИДЦ да се отвори кон јавноста и да започне со своите активности (кои ќе се финансираат преку проектот во рок од две години, согласно договорот со EAR).

*Улога на партнерот во имплементацијата на проектот*

Како што веќе беше опишано, МЕ активно ќе учествува во подготовката на организационата шема и бизнис планот на ЕИДЦ. Од можните опции предложени од експертите, МЕ ќе треба да одлучи која е онаа најсоодветна институционална поставеност за ЕИДЦ.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Подготвени експерти од ЕИЦ мрежата | Мај 2002 год. |
| Подготвена организациона шема и бизнис план | Јули 2002 год. |
| Избор на институционалната поставеност на ЕИДЦ | Јули 2002 год. |
| Законско основање на ЕИДЦ, вработување и обука | Септември 2002 год. |
| Акредитација на ЕИДЦ од страна на ГД за Претпријатија | Ноември 2002 год. |
| Отворање и први активности на ЕИДЦ | Декември 2002 год. |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Контра мерки |
|---|---|---|---|
| Одлагање на изборот на институционална поставеност | Умерена | Сериозен | Интензивирање на притисокот / дијалогот |
| Избраната институција не ги задоволува очекувањата | Мала | Умерен | Интензивирање на дијалогот за промена и притисок |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | 2002 | | | | 2003 | | | | 2004 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 |
| Одлука за финансирање | ◆ | | | | | | | | | | | |
| Техничка FWC | ▬ | | | | | | | | | | | |

| | |
|---|---|
| помош | Импле–мен тација |
| Финанси–рање на ентитетот кој рако–води со средства–та | Тендер |
| | Имплемен–тација |

| Рамка на реализацијата: ТП за основање и функционирање на Европски информативен дописнички центар (ЕИДЦ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Општа цел** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Поврзување на претпријатијата и граѓаните во Република Македонија со доверливи извори на информации за пазарите, регулативата и деловните партнери во ЕУ | Обем на извозот на Република Македонија кон ЕУ.<br>Обем на странски директни инвестиции во Република Македонија од извори кои потекнуваат од ЕУ. | Званични статистички податоци и извештаи. | Политичка и социјална стабилност. |
| **Специфични цели** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Подготовка на организациона шема и бизнис план за ЕИДЦ во Скопје.<br>Финансирање на основањето на ЕИДЦ и неговите двегодишни оперативни трошоци. | Одобрен бизнис план за ЕИДЦ.<br>Одобрени буџети на ЕИДЦ. | Консултантски извештаи, бизнис план на ЕИДЦ, други документи. | Интерес и посети од страна на претпријатијата и граѓаните во канцелариите на ЕИДЦ и користење на неговите услуги. |
| **Резултати** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Законски основан ЕИДЦ; | Одобрени | Званични | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Опремени канцеларии на ЕИДЦ и поврзани со мрежата на ЕИЦ;<br>Вработени и обучени луѓе во ЕИДЦ, согласно ЕУ/ЕИЦ стандардите;<br>Акредитација на ЕИДЦ од страна на ГД за Претпријатија и негово целосно функционирање;<br>Обезбедување на бараните информации за претпријатијата и граѓаните. | документите и актите за основање на ЕИДЦ.<br>Обезбедени канцеларии за ЕИДЦ од страна на основачите, под заштита на Владата.<br>Акредитација на ЕИДЦ Скопје од страна на ГД за Претпријатија.<br>Број на информативни услуги обезбедени преку ЕИДЦ. | извештаи и регистрации.<br>Извештај / акредитација од страна на ГД за Претпријатија.<br>Консултантски извештаи.<br>Анкети на домашните корисници на услугите на ЕИДЦ. | |
| **Влезни елементи** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Експерти од мрежата на ЕИЦ.<br>Потребна селекеција и обука на домашен кадар.<br>ЕУ финансиран буџет за покривање на оперативните трошоци на ЕИДЦ за двегодишно работење. | Потпишување договори со ЕИЦ експертите.<br>Вработен и обучен домашен кадар.<br>Договор за грант потпишан со ЕИДЦ и извршени првите исплати на средства. | Потпишани договори.<br>Извршени исплати.<br>Консултантски извештаи. | |

**Прилог кон Проектот: 6.2.3.1**

Програма CARDS: 2002
Земја: Република Македонија
Проект: Развој на локална инфраструктура
Времетраење: 12 месеци
Буџет на проектот: €14 милиони

*Историјат*

Општо: Република Македонија е унитарна држава со систем на локална самоуправа на едно ниво. Постојат 123 општини плус градот Скопје. Дополнително, министерствата ги имаат деконцентрирано своите функции во своите подрачни единици на општинско ниво. Позицијата на овие деконцентрирани канцеларии во однос на општинската администрација останува нејасна, имајќи предвид дека децентрализацијата сеуште се наоѓа во своите рани фази. Охридскиот Рамковен договор содржи и обврска за спроведување децентрализација. Како резултат на тоа, новиот Закон за локална самоуправа беше усвоен во јануари 2002 година.

Специфично: Општините имаат ограничена финансиска автономија, со непостоење на кохерентен систем на локално јавно финансирање. Планирањето и финансирањето на инвестициите на локално ниво се раководи од централната власт. Во општините највеќе недостасува соодветно обучен кадар, кој би можел да врши ефикасна контрола на системот на локални јавни услуги. Во секој случај, приватниот градежен сектор во Република Македонија е силен и се состои од четири големи градежни фирми и голем број помали, заедно со релативно способни консултантски фирми.

Проблеми кои треба да се разгледаат: Република Македонија има големи потреби што се однесува до развојот на инфраструктурата, особено во економски неразвиените области и оние кои беа погодени од кризата во 2001 година. Општините речиси воопшто го немаат потребниот капацитет за да ги одредат нивните инфраструктурни потреби и покрај фактот што согласно Законот за локална самоуправа, токму општините се оние одговорните за обезбедување на урбано и рурално планирање, како и за комуналните активности, образованието, здравствените услуги итн.

*Цели на проектот, Задача*

Општа цел: Дополнителна подршка на економскиот и социјален развој низ процесот на децентрализација, преку подобрување на пристапот до локалните инфраструктурни услуги.

Задача: Подобрување на инфраструктурните објекти од помала големина во неразвиените подрачја и оние погодени од кризата во 2001 година, како и обука на соодветен кадар, за начинот на одредување приоритети и реализација на инфраструктурни проекти од мал обем, како и тековно работење и одржување на инфраструктурата. За жал, не постојат многу прецизни и точни податоци за сиромаштијата. Во 1998 година беше направена Проценка на сиромаштијата од страна на Светската Банка (СБ) и во 2000 година беше изготвен Времениот документ за стратегијата за намалување на сиромаштијата (ВДСНС). Кон крајот на 2002 година

се очекува да биде завршен и Конечниот документ за стратегијата за намалување на сиромаштијата, кој се очекува да содржи детална оценка на сиромаштијата на ниво на општини.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

Партнер на проектот ќе биде Министерството за локална самоуправа (МЛС), кое ја има општата одговорност за процесот на административна децентрализација, како и за развојот на политики за унапредување на самоуправата. Министерството е основано во 1998 година. Потребно му е обемно финансиско и кадровско зајакнување. Неодамна, во рамките на Министерството се приклучи и Бирото за развој на неразвиените подрачја. Се очекува полза од проектот да извлечат вработените во избраните општини и во МЛС, како и граѓаните кои живеат во тие општини, имајќи предвид дека квалитетот на инфраструктурните услуги ќе се подобри. Другите релевантни министерства поврзани со процесот на децентрализација ќе бидат поканети да земат учество во Надзорниот Одбор.

Локација на проектот: Одбрани општини низ Република Македонија

Единицата за имплементација на проектот (ЕПИ) ќе биде лоцирана во Скопје

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Овој општински инфраструктурен проект од мал обем е дизајниран со цел да претставува дополнување на добиената ЕУ PHARE помош и да им помогне на општините, преку проекти, да воспостават системи за изградба и управување со инфраструктурата од мал обем. ЕУ PHARE Програмата за развој на локалната самоуправа започна во февруари 2002 година, со цел зајакнување на капацитетите на Министерството за локална самоуправа, Заедницата на општините и самите општини за имплементација на реформите и подобрување на дијалогот меѓу сите заинтересирани страни. Дополнително, Агенцијата е речиси пред крајот на проектот за реконструкција на електричната мрежа во областа на Скопје (Арачиново), Куманово и Тетово; проектот за реконструкција на домовите во општините Липково, Арачиново и Тетово; проектот за водоснабдување во Куманово, како и реконструкцијата на џамијата во Непроштено и црквата во Лешок. Понатаму, ECHO работеше не само на системи за водоснабдување во итни случаи, туку исто така, изготви и проекти како подршка за локалните заедници. Тие проекти ќе послужат како мост кон нови програми, кои ќе бидат повеќе ориентирани кон развојот.

Најголемите активности на Светската Банка во сферата на инфраструктурата на општинско ниво се во фаза на изготвување. Проектот ќе се заснова врз партиципативен приод и шеми засновани на заедницата, а ќе се состои од инвестициони проекти во заедницата, вклучувајќи ја инфраструктурата и институционално зајакнување на локално ниво, вклучувајќи и техничка помош на ниво на локална самоуправа.

GTZ работи на имплементацијата на еден проект за создавање и зајакнување на општинските претпријатија. Програмата ″Социјална инфраструктура И и II″, имплементирана од страна на KfW во име на Германската влада, веќе обезбедува подршка на процесот на децентрализација преку обезбедување на финансирање на проекти за општинска инфраструктура согласно приоритетите на локалните заедници. USAID е активна и работи на самиот терен и веќе го започна Проектот за реформа на локалната самоуправа. USAID исто така, заедно со GTZ и ЕУ PHARE, дава подршка и на Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС). UNDP и SIDA работат на проекти за локално зајакнување, додека DFID се концентрира на реформата на јавната администрација. SIDA исто така ќе го започне својот

проект за реформи на локалната самоуправа, што ќе биде сторено во избраните пилот општини. Холанѓаните се наоѓаат во процес на развој на нивниот нов проект, во сферата на локалното управување.

*Опис на главните активности*

Во почетокот, во рамките на програмата CARDS 2001, ќе се ангажираат меѓународни консултанти кои на МЛС ќе му помогнат во одредувањето на приоритетите и оценувањето на предлог проектите добиени од општините. Надзорниот одбор ќе ги одобрува проектите за финансирање согласно критериумите за избор и расположивоста на средства, ќе носи раководни одлуки за проектот и ќе го следи неговиот напредок. Членовите на Надзорниот одбор ќе бидат претставници од соодветните министерства, Агенцијата, ЗЕЛС и ЕПИ. При одредување на приоритетите, секоја општина ќе има право само на еден од своите проекти. Критериумите за избор на проектите меѓу другото, ќе се фокусираат на видот на проектот, нивото на сиромаштија или зафатеност од конфликтот на таа област, вредноста на инвестицијата и меѓуопштинската соработка, а конечниот избор ќе зависи од надзорниот одбор. Откако еден проект ќе биде одобрен, ќе биде ангажирана локална консултантска фирма, исто така во рамките на програмата CARDS 2001, која ќе ја изготви тендерската документација за инфраструктурните проекти од мал обем. Дополнително избрани ќе бидат и градежните фирми кои ќе бидат задолжени за изведбата.

Централната власт и општините ќе добијат помош од меѓународни и домашни експерти преку ЕПИ, во рамките на Министерството за локална самоуправа. ЕПИ ќе воспостави системи за реализација и раководење, а ќе биде задолжена и за супервизија на инфраструктурните проекти од мал обем. Помошта ќе биде насочена кон обезбедување на развојот на капацитетите на локалната самоуправа за тековно работење и одржување на инфрастурктурата, по можност преку јавни претпријатија. Во текот на воведниот период на проектот, меѓународната консултантска фирма ќе ги обезбеди сите детали за активностите во рамките на техничката помош. Во текот на имплементацијата на проектот и изведбата, со помош на општините, ЕПИ ќе биде одговорна за контрола на изградбата и ќе треба да ги одобри сите исплати за изведувачите. ЕПИ ќе обезбеди и обука на самото работно место на тема работење и раководење со проектниот циклус и одржување. Заедничкиот ефект со тековниот ЕУ PHARE проект ќе се максимизира при обезбедувањето на ограничена техничка помош и опрема за добивање на точни и поверливи регионални статистички податоци. Сите проектни активности ќе бидат превземени во блиска консултација со МЛС.

*Улогата на партнерите во имплементацијата на проектот*

МЛС ќе биде вклучено во процесот на анализа/давање коментари за направениот избор на приоритетни проекти, согласно критериумите одобрени од надзорниот одбор. Исто така, вработените во министерството ќе бидат обучени да им помагаат на општините во раководењето и координирањето на активностите, како при реализацијата, така и при тековното работење и одржување на инфраструктурните услуги од мал обем.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Направен избор на проектите | Јуни 2002 год. |
| Изготвена тендерска документација | Август 2002 год. |
| Потпишани договори со изведувачите | Ноември 2002 год. |
| ЕПИ целосно функционира | Ноември 2002 год. |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Што може да се стори како контра мерка |
|---|---|---|---|
| Недостаток на политичка волја за подобрување на развојот на локалната самоуправа кај ресорните министерства и анти–реформско лоби | Умерена | Умерен | Лобирање и пропагирање, координација на донаторите |
| Политички притисок кој ќе предизвика Надзорниот одбор да избере проекти на пристрасен начин | Умерена | Голем | Воспоставување на стриктни критериуми за избор, периодична непристрасна контрола на резултатите на финансирање |
| Слаб основен капацитет и способност на општините | Умерена | Умерен | Избор на проекти на начин на кој ќе се задоволи и барањето за зајакнување на капацитетите |
| Мал основен капацитет и способност на министерството | Голема | Умерен | Да се разгледаат улогите на вработените во министерството и вработените во Бирото за развој на неразвиени подрачја |
| Најсиромашните општини имаат и најслаби капацитети и способности | Голема | Умерен | Да се обезбеди спроведување на анализа на степенот на сиромаштија за секој од проектите |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | 2002 | | | | 2003 | | | | 2004 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К 1 | К 2 | К 3 | К 4 | К 1 | К 2 | К 3 | К 4 | К 1 | К 2 | К 3 | К 4 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одлука за финансирање | | ◆ | | | | | | | | | |

Меѓународни експертски услуги за Единицата за проектна имплементација (вклучувајќи и обука) (Ограничен тендер):

| | | |
|---|---|---|
| Техничка помош | Тендер | |
| | Имплементација | |
| Опрема (во овој случај нема) | Тендер | |
| | Испорака | |

Консолидирани договори за изведба на инфраструктура од мал обем (Вредност на работите < 5.000.000 Евра):

| | | |
|---|---|---|
| 4 Работи | Тендер | |
| | Имплементација | |
| Опрема (во овој случај нема) | Тендер | |
| | Испорака | |

Рамка на реализацијата: Развој на локалната инфраструктура Сектор: Економски и социјален развој

| Општа цел (сектор) | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Важни претпоставки |
|---|---|---|---|
| > Да се помогне економскиот и социјалниот развој заедно со процесот на децентрализација на земјата, преку подобрен пристап до локалните инфраструктурни услуги и промовирање на издржан и урамнотежен развој | > Број на општини кои учествуваат во проектот | > Безбедносни извори<br>> Општинска евиденција<br>> Владина евиденција<br>> Консултантски извештаи | > Стабилно опкружување за политички и социјален развој |
| Специфични цели (на проектот) | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Важни претпоставки |
| > Подобрување на инфраструктурните објекти од мал обем во неразвиените подрачја и оние најпогодените од кризата во 2001 година<br>> Обука на соодветен кадар во одредувањето приоритети и обезбедување на инфраструктурни објекти од мал обем<br>> Обезбедување на точни и поверливи статистички регионални податоци | > Број на завршени проекти<br>> Број на идентификувани проекти<br>> Број на обучени луѓе<br>> Собрани податоци | > Извештаи на изведувачите<br>> Консултантски извештаи<br>> Општинска евиденција<br>> Статистички показатели | > Соодветна кадровска екипираност на општините за да можат да бидат рамноправни партнери<br>> Обезбедена подобрена инфраструктура и во случај процесот на децентрализација да биде успорен од политички причини. |
| Резултати | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Важни претпоставки |
| > Инфраструктурни објекти изградени со мал трошок, само–одржливи, кои нема негативно да влијаат на животната средина, во избраните општини<br>> Функција на поддршка на општините | > Број на изготвени проекти<br>> Воспоставени потребните елементи за поддршка на општините<br>> Оперативни тимови за поддршка во општините<br>> Воспоставени | > Месечни извештаи<br>> Извештаи за оценка на влијанието врз животната средина<br>> Општинска евиденција<br>> Социјални индикатори и индикатори | > Точно одредени функции и надлежности на општините<br>> Обезбеден приход за општините<br>> Дефинирана правна основа за јавните претпријатија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| > Воспоставен процес на приоретизирање на проектите | механизми за приоретизација на проектите | поврзани со животната средина за секој вид на проект<br>> Извештаи на општинските претпријатија | |
| Влезни елементи | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Важни претпоставки |
| > Техничка помош<br>> Програми за обука<br>> Градежни работи | > Број на потпишани договори<br>> Број на идентификувани и обучени државни службеници | > Извештаи на изведувачите<br>> Консултантски извештаи | > Волја на државните службеници да бидат обучени |

**Прилог кон Проектот: 6.2.4.1**

Програма CARDS: 2002
Земја: Република Македонија
Проект: Институционална изградба во подршка на политиката за вработување
Времетраење: 24 месеци
Буџет на проектот: € 2.5 милиони

*Историјат*

Општо: На крајот на 2001 година, стапката на невработеност беше проценета на 30.5%. Околу 43% од невработените лица и припаѓаат на групата на возраст 20–29, додека 75% од сите невработени се обидуваат да најдат вработување повеќе од четири години. Во владиниот Документ за стратегијата за намалување на сиромаштијата (ДСНС, 2000 година) е прикажано на кој начин економската транзиција, а особено приватизацијата, ја разоткри сериозноста на ″долготрајната акумулација на превработување″, Конфликтите во Република Македонија и во регионот, исто така имаа многу негативен ефект врз стапката на вработеност. Во ДСНС беше идентификувана потребата за развивање на политика на пазарот на трудот, насочена кон забрзување на растежот и поттикнување на создавањето нови работни места. Имајќи ја предвид блиската врска помеѓу невработеноста и сиромаштијата, од исклучителна важност е, на зголемувањето на вработеноста да му биде посветено одржливо влијание од висок приоритет.

Специфично: Владата е свесна за итниот приоритет кој мора да му се посвети на воспоставувањето на сеопфатна национална политика за вработување, притоа обезбедувајќи го постоењето на потребниот капацитет за имплементација на услугите за подршка на вработувањето. Министерството за труд и социјална политика (МТСП) е во фаза на изработка на прелиминарен акционен план. Во минатото недостасуваше процес на ″социјален дијалог″, а МТСП и организациите ″социјални партнери″ се согласуваат дека таквиот партиципативен процес е од клучна важност за развивање на усогласен Национален акционен план за вработување. Што се однесува до капацитетите за имплементација, досега, главниот ангажман на 30–те канцеларии на Заводот за вработување низ земјата, кои се раководени од страна на централниот Завод за вработување на МТСП, беше водењето на регистри за примателите на социјална помош и исплата на парична помош за невработените. Исто така, Заводот за вработување административно раководи и со исплатата на скромните државни субвенции наменети за обука, која фирмите ја организираат за своите вработени (5.800 корисници во 2001 година). Регионалните единици на Заводот за вработување имаат ограничен капацитет што ги спречува да понудат повеќе проактивна услуга во процесот на вработување.

Проблеми кои треба да се разгледаат: (1) Треба да се разгледа моменталниот недостаток на усогласена национална политика за вработување, како и отсуството на социјален дијалог, како начин на кој ќе се разговара за политиката и ќе се развиваат плановите; (2) Во владиниот ДСНС се потенцира и потребата за трансформација на постоечката мрежа на канцеларии на Заводот за вработување во државата, во агенции за пронаоѓање работни места, кои ќе нудат услуги кои ќе се обидат да постигнат рамнотежа меѓу понудата и побарувачката на пазарот на трудот.

*Цели на проектот, Задача*

Општа цел: Придонес кон економскиот и социјален развој на Република Македонија.

Задача: (1) Во Република Македонија да се воспостави процес на социјален дијалог, кој води кон развој на квалитетни Национални акциони планови за вработување; и (2) Подобрување на капацитетите на националната мрежа на канцеларии на Заводот за вработување, за имплементација на услуги за подршка на вработувањето.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

Крајните корисници кои ќе извлечат полза од проектот се невработените, кои многу често се социјално исклучени, вработените чII работни места се загрозени, работодавците кои треба да ја адаптираат или зголемат работната сила, како и економијата на Република Македонија во целост. Директно ќе профитираат (1) МЛС и социјалните партнери, кои ќе ги зајакнат своите капацитети да се вклучат во еден партнерски пристап за развивање и имплементација на планови за вработување; и (2) Мрежата на канцелариите на Заводот за вработување која ќе биде зајакната.

Главниот партнер на проектот ќе биде МЛС и неговиот Републички Завод за вработување. Процесот на социјален дијалог бара и посветено учество на клучните претставници од синдикатот, работодавците, Стопанската комора, номинираните организации на граѓанското општество и останатите министерства – особено Министерството за образование и наука (МОН) и неговиот Завод за образование, Министерството за економија и Министерството за финансии. Како учесници ќе бидат вклучени претставници од сите заедници во Република Македонија. Исто така, овој проект ги зема предвид и континуираните упатства кои ги нуди Европската фондација за обука на ЕУ.

Локација на проектот: Скопје и други локации низ Република Македонија.

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Во март 2002 година, започна имплементацијата на вториот од двата проекти за Стручно образование и обука (СОО) подржани од ЕЗ, кој воглавно се концентрира на средните училишта (финансиран во рамките на PHARE програмата 1997 и 2000). ПИП предвидува продолжување на ЕЗ помошта за СОО во 2003 или 2004 година. МЛС е корисникот на 1999 ЕЗ PHARE финансиската подршка за проектот за институционална изградба (насочен кон одговорноста на министерството за социјална безбедност), кој започна во февруари 2002 година. Во меѓувреме, одреден број комплементарни активности како подршка на економскиот развој, вклучувајќи го и ″Фондот за развој на човечките ресурси во претпријатијата″ (CARDS 2002), на работодавците во Република Македонија ќе им овозможат пристап до модерната обука за менаџмент.

Од 2003 година, Светската Банка предлага да даде подршка за МЛС во реформите на легислативата за работни односи, а може да даде свој придонес и во анализата на одговорностите и задачите на социјална грижа во Републичкиот завод за вработување. Во последните две години, преку својот PRISMA проект, USAID работи во областа на создавање нови работни места / задржување на постоечките и подобрување на конкурентноста на претпријатијата, вклучувајќи и поттикнувачки иницијативи заедно со локалните заводи за вработување. Агенцијата ќе обезбеди блиска соработка со овие проекти на Светската Банка и USAID. USAID и UNDP даваат подршка и на еден проект чија цел се активностите за

вработување на младите луѓе. Германија (GTZ), Холандија и Фондацијата SOROS, исто така даваат подршка за развојот на СОО.

*Опис на главните активности*

Со техничката помош (ТП) ќе му се помогне на МЛС да воспостави и одржува сеопфатен и транспарентен процес на социјален дијалог, вклучувајќи ги сите партнери на проектот во еден фазен процес на елаборирање на општата стратегија за вработување, политиките и Националниот акционен план (НАП) за вработување. Примерот кој ќе се користи за првичниот и идните НАП–ови ќе биде во основа конзистентен со Упатствата за вработување на ЕУ (кои секоја година се ревидираат), адаптирани по потреба кон динамиката и потребите на Република Македонија и контекстот на Sap. Дополнително, техничката помош ќе обезбеди совет за тоа на кој начин може да биде структуиран НАП со цел да ги инкорпорира активностите од четирите тематски столбови на вработливост, претприемништво, адаптабилност и еднакви можности, истовремено рефлектирајќи ги ЕУ хоризонталните упатства во однос на постигнување на предвидените цели за вработување, социјално партнерство, доживотно учење, вклучување на регионална / локална димензија и развојот на индикатори. НАП процесот ќе вклучува и идентификација на измените во легислативата кои се потребни, со експертизата од техничката помош која ќе помогне да се иницира процесот на изготвување / усогласување на некои од поитните делови на легислативата потребни како подршка на реформите на политиките за вработување и усвојување / имплементација на НАП.

Техничката помош ќе овозможи и партиципативна проценка на потребата за реструктуирање на државната мрежа на заводите за вработување, давајќи препораки за прашања поврзани со раководењето, легислативниот мандат, нудењето на сé поактивни услуги за вработување (вклучувајќи и системи за размена на информации, базирани на информативната технологија), ресурси и интеракција со другите провајдери на услуги и обука. Во договор со МТСП, во текот на проценката може да бидат анализирани и системите за регистрација на невработените. Проектот ќе обезбеди подршка за отпочнување на процесот на реструктуирање преку активности за развој на селектираните кадри и обезбедување на приоритетна компјутерска и друга канцелариска опрема, за да се овозможи ефикасно функционирање на мрежата на канцеларии. Во рамките на техничката помош ќе биде направен и обид да се пружи подршка на партнерите на проектот, односно на отпочнувањето на други активни мерки за подршка на вработувањето кои можеби биле оценети како приоритетни во НАП процесот.

Преку техничката помош ќе се обезбеди дека НАП, процесот на социјалниот дијалог кој ќе доведе до него, како и било каквото реструктуирање на заводите за вработување ќе бидат направени, имајќи ја во предвид најдобрата пракса во ЕУ, државите кандидати за членство и државите кои имаат потпишано Спогодба за стабилизација и асоцијација. На располагање ќе бидат и финансиски средства за подршка на размена и посети, кои ќе бидат потребни за да се помогне формулацијата или имплементацијата на активностите од НАП, или можеби студии или пилот активности на приватни / невладини / јавни провајдери на услуги за вработување. Во случај на било какви активности поврзани со СОО, тие ќе бидат координирани со МОН и неговиот Завод за образование.

*Улога на партнерите во имплементацијата на проектот*

МЛС, со помош на Заводот за вработување (1) активно ќе учествува во финализацијата на описот и условите дефинирани за техничката помош, (2) ќе превземе водечка улога во институционализирањето на НАП и поврзаниот процес на социјален дијалог, (3) ќе придонесе во изготвувањето на било каква првична легислатива и подоцна ќе се погрижи за нејзиното спроведување, (4) ќе биде одговорно и ќе треба да обезбеди дека НАП се имплементира и (5) ќе ја обезбеди сета потребна подршка за мерките на реструктуирање за заводите за вработување. Надзорниот комитет на високо ниво и работните групи на централно и локално ниво ќе значат и потреба за учество на разните партнери на проектот во дизајнирањето и следењето на активностите од НАП.

ин ФSPOM флуцтуатес ин тхе ранге 32 - 36%

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Присутни и подготвени консултанти на техничката помош | Октомври 2002 год. |
| а) Прв времен извештај за НАП процесот;<br>б) Препораки за реструктуирање на канцелариите на Заводот за вработување | Април 2003 год. |
| Објавен првиот НАП | Декември 2003 год. |
| Подршка за отпочнување на имплементацијата на НАП и реструктуирање на канцелариите на Заводот за вработување | континуирано се до септември 2004 год. |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Контра мерки |
|---|---|---|---|
| Непостоење соработка помеѓу министерствата и социјалните партнери во процесот на социјален дијалог | Умерена | Голем | Лидерска интервенција на високо ниво; Нагласување на квалитетот на посредништво. |
| Учеството во проектот претставува преголем залак за постоечките капацитети на вработените во државните институции (вклучувајќи го и Бирото за вработување) | Умерена | Голем | Контрола и известување за можните превентивни / корективни мерки од страна на техничката помош |
| Непродолжување на НАП процесот / импле– ментација на препораките од Владата | Умерена | Голем | Притисок во рамките на контекстот на СА; условеност на идната помош |
| Политичката основа за назначувања може да резултира во загуба на клучниот кадар кој бил | Голема | олем | Притисок од ЕУ и другите донатори за реформа на системот на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| обучен | | | назначување |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | | 2002 | | | | 2003 | | | | 2004 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 |
| Одлука за финансирање: | | | ◆ | | | | | | | | | | |
| Техничка помош | Период на тендер | | | | | | | | | | | | |
| | Имплементација | | | | | | | | | | | | |
| Испорака на опрема | Тендер | | | | | | | | | | | | |
| | Имплементација | | | | | | | | | | | | |

| Рамка на реализацијата: Институционална изградба во подршка на политиката за вработување | | | |
|---|---|---|---|
| Општа цел | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Придонес за економски и социјален развој на Република Македонија | Подобрени економски перформанси со тек на време и помалку социјално исклучување | Извештаи за економските перформанси на Републи-ка Македонија. Статистички податоци за вработувањето.<br>Извештаи за социјална кохезија. Интервјуа со министерствата и социјалните партнери. | Политичка и социјална стабилност.<br>Одржување на политичката волја. |
| Специфични цели | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Воспоставување на процес на социјален дијалог во Република Македонија, кој води кон развој на квалитетни Национални акциони планови (НАП–ови) за вработување;<br>и<br>(2) Зголемување на капацитетите на националната мрежа на заводи за вработување со цел подобра импементација на проактивни услуги за подршка на вработувањето | Посветеност на Владата и социјалните партнери на процесот на социјален дијалог.<br>Усвојување на политика за вработување од страна на Владата и усогласен сеопфатен НАП за вработувањето.<br>Подобрени услуги за вработување, преку постручни и подобро опремени заводи за вработување, кои ќе им користат на невработените / оние кои бараат работа, оние чII работни места се загрозени и на работодавците. | Извештаи од консултанти / владата / социјалните партнери / за НАП процесот; интервјуа со партнерите на проектот и со заинтересираните страни (вклучувајќи ги и претставниците на работодавците / синдикатите кои директно не се вклучени во НАП).<br>Евиденција за усвојувањето на усогласен НАП од страна на Владата.<br>Податоци за бројот на лица кои бараат услуги за вработување во заводите за вработување; број на лица кои добиле одреден вид услуга (по категории); број на лица кои се вработиле (се оценува по проектот).<br>Извештаи на консултантите и МТСП; Интервјуа со одбрани претставници од избраните корисници. | министерства та и социјалните партнери ќе го задржат духот на соработка во процесот на социјален дијалог.<br>Самата Влада ќе продолжи да го води партнерскиот пристап кон НАП процесот / имплементацијата на препораките.<br>Подготвеност за промени кај МТСП / Заводите за вработување. |
| Резултати | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Воспоставен институционализиран процес на социјален дијалог, со водечка улога на МТСП.<br>Усогласен Национален акционен план за вработување за Република Македонија (компатибилен со ЕУ стратегијата за вработување).<br>Првично изготвување на приоритетната легислатива.<br>Понуда на подобрени услуги за вработување од страна на заводите за врабодување кои ја комплетирале првата фаза од реструктуирањето.<br>Резултати од пилот активностите (треба да се одредат). | Продолжителен сеопфатен процес на социјален дијалог; со превземање одговорност од страна на МТСП и останатите партнери.<br>Квалитетот на НАП за вработување кој ќе биде изготвен.<br>Ангажирање на владата во процесот.<br>Број на канцеларии на заводот / вработени кои биле обучени; опсег, видови и соодветност на услугите за вработување кои се нудат.<br>Во зависност од описот и условите за спроведување на пилот активностите. | Записници од состаноци, работни групи – извештаи од ТП, монитори, МТСП; интервјуа со проект / социјални партнери.<br>Публикација на НАП (вклучувајќи ги изданијата на било какви прелиминарни НАП компоненти); мониторинг интервјуа и извештаи.<br>Извештаи.<br>Консултантски и ″мониторски″ извештаи. Програми и извештаи од студиски престои.<br>Нова документација / интернет страниции други извори на информации.<br>Извештаи. | Учеството во проектот не го преоптеретува моменталните капацитети на партнерите на НАП процесот и вработените во државните институции (вклучувајќи ги и заводите за вреботување).<br>Да не постои загуба на клучните (обучени) членови од државната служба, како резултат на нови назначувања кои се прават на политичка основа. |
| Влезни елементи | Мерливи индикатори | Начин на верификација | |
| Техничка помош и експертиза во помагањето, обуката, изготвувањето на легислативи, организирање на студиски престои и размени итн.<br>Програми за развој на кадрите.<br>Приоритетна компјутерска и друга канцелариска опрема. | Тндерски процес / процес на потпишување договори.<br>Дизајнирани модули за обука; Идентификација на вработените кои треба да се обучат.<br>Спецификација на опремата. | Потпишани договори за консултантите за ТП.<br>Консултантски инвештаи.<br>Увид во тендерското досие и договорите. | |

**Прилог кон Проектот: 6.2.5.1**

Програма CARDS: 2002
Земја: Република Македонија
Проект: TEMPUS
Времетраење: 42 месеци
Буџет на проектот: € 3 милиони

*Резиме на програмата*

Задачата на TEMPUS програмата е да ја унапреди реформата на институциите од високото образование, преку подобрување на квалитетот на академските предавања и едукација, во согласност со променливите политички, социјални и економски потреби. Тоа се прави воглавно преку Заедничките европски проекти и Индивидуалните грантови за мобилност. Со одлука на Советот, може да се организираат и дополнителни мерки како подршка на некои специфични активности.

*Цели на проектот*

Општата цел е да се придонесе кон социјалниот и економскиот развој и зајакнувањето на граѓанското општество во Република Македонија.

Специфична цел е да се унапреди реформата на институциите на високото образование, со цел подобрување на квалитетот на академските предавања и едукација во согласност со променливите политички, социјални и економски потреби.

*Опис на главните активности*

Задачата на програмата е финансирање на Заеднички европски проекти (ЗЕП) и Индивидуални грантови за мобилност (ИГМ).

Заедничките европски проекти можат да се фокусираат на една од следниве области:

Универзитетски менаџмент: ЗЕП за Универзитетски менаџмент можат да бидат фокусирани на системите и развојот на политиките, реформи во управувањето со универзитетите, администрација и финансирање, воведување на библиотечни и менаџмент информациони системи, зајакнување на гаранцијата на квалитетот, воведувањето на канцеларии за меѓународни врски и соработка, воведувањето на Европски систем за кредитен трансфер, или основање на Центри за трансфер на знаење и технологија.

Развој на наставна програма: ЗЕП за развој на наставна програма се фокусираат на изготвување на нови или пак ревизија на постоечки наставни планови или предмети, развојот и подготовката на нови едукативни материјали, воведувањето на нови едукативни методологии и повторната или дополнителна обука на академскиот кадар.

Институционална изградба: ЗЕП за институционална изградба се фокусираат на зајакнување на граѓанското општество и реформите на јавната администрација преку развивање на краткорочни циклусни курсеви за обука на вработените од неакадемските институции како

што се локалните, регионалните и националните власти, социјалните партнери, професионалните асоцијации, медиумите, како и невладините организации.

Проекти за умножување: тие се дизајнирани со цел да ги дистрибуираат резултатите од поранешните TEMPUS проекти и да остварат врска помеѓу институциите кои работат на реформите на високото образование во слични тематски области. Овие проекти вообичаено вклучуваат поголем број партнери од Југоисточна Европа и Европската Унија.

Регионален приод: Сите горенаведени типови на проекти можат да се имплементираат на регионално ниво, на пример: проекти во кои ќе учествуваат високо образовни институции, не само од една, туку од повеќе TEMPUS партнерски држави кои се квалификуваат.

Намената на Индивидуалните грантови за мобилност е, за академскиот и административен кадар од секторот на високото образование, да обезбедат можност за извлекување корист преку учество на состаноци за изготвување на нови ЗЕП, на конференции, семинари и работилници или други релевантни настани и преку куси дополнителни обуки и студиски престои.

*Имплементација*

Генералниот директорат за Образование и култура на Европската Комисија ја има целосната одоговорност за политиката и раководењето со TEMPUS програмата.

Откако ќе биде завршен годишниот повик за доставување предлози, проектите се оценуваат од академски и технички аспект, согласно општите критериуми и списокот на национални приоритети изготвен во соработка со властите на државата партнер, а имајќи ги предвид целите на процесот на Стабилизација и асоцијација и целите и политиката на ЕУ соработка со TEMPUS партнерските држави.

Во имплементацијата на програмата, Комисијата добива помош од TEMPUS Комисијата, основана со Одлуката на Советот за TEMPUS III, а се состои од претставници од државите членки.

″Националната TEMPUS канцеларија″ веќе функционира во Република Македонија, обезбедувајќи информации на локално ниво и помош во имплементацијата на програмата, распределбата и мониторингот на проектите.

Мрежата на национални TEMPUS канцеларии во останатите партнерски држави од југоисточна Европа и мрежата на Национални точки за контакт во земјите на ЕУ, ја обезбедуваат врската со високо образовните институции од сите земји кои учествуваат во TEMPUS програмата.

Европската фондација за обука (ЕФО) во Торино е примарниот провајдер на техничка помош за имплементацијата на TEMPUS програмата, во моментов вклучувајќи го и процесот на селекција, администрација на договорите, обработка на извештаите, мониторинг, активности на информирање и публикување и административна подршка.

*Анализа на сложени прашања*

Социјален / економски ефект: Индиректен, преку подобро информирано и обучено младо население, што ќе резултира во подобро обучени и повешти професионалци и државни службеници.

Институционален ефект: Висок, имајќи го предвид создавањето на нов менаџмент во институциите.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок (активност/резултат) |
|---|---|
| Реорганизација на универзитетскиот менаџмент<br>Потполно обучен кадар за новиот приод<br>Опремени, докомплетирани и функционални служби и лаборатории<br>Редизајниран наставен план и програма | до крајот на 2006 год. |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Контра Мерки |
|---|---|---|---|
| Успорување на реформите во високото образование од страна на властите | Умерена | Ограничен | Преговори и дискусии помеѓу Комисијата и властите од Република Македонија |
| Универзитетскиот и институционал-ниот кадар не учествува во динамиката | Умерена | Ограничен | Мониторинг и прецизно таргетирани интервенции, онаму каде е потребно |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | | 2002 | | 2003 | | 2004 | | 2005 | | 2006 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 пол. | 2 пол. | 1 пол. | 2 пол. | 1 пол. | 2 пол. | 1 пол. | 2 пол. | 1 пол. | 2 пол. |
| ЗЕП–ови | Тендер | | | | | | | | | | |
| | Имплементација | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |
| ИГМ | Тендер | | | | | | | | | | |
| | Имплементација | | | | | | | | | | |

| Програмска рамка на реализацијата:<br>TEMPUS III Програма | Сектор: - Високо образование |
|---|---|

| Општа цел | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
|---|---|---|---|
| Да се придонесе кон социјалниот и економскиот развој и зајакнувањето на граѓанското општество во Република Македонија | Подобрено учество и присутност на локалните институции во меѓународната заедница<br>Интеграција на универзитетите во ЕУ мрежата | Извештаи од меѓународниот печат и медиумите за конкретниот сектор | Реформи на секторот<br>Учество во меѓународното опкружување |
| **Специфични цели** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Унапредување на институционалната реформа во високото образование со цел подобрување на нивото на академските предавања и едукација во согласност со променливите политички, социјални и економски потреби | Резултати на проектите | Мониторинг и посети на лице место<br>Извештаи | Активно учество на универзитетите<br>Кадарот располага со способност и вештини соодветни на задачата |
| **Резултати** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Одреден број на проекти<br>– реорганизација на универзитетскиот менаџмент<br>– нов и/или дополнет наставен план и програма<br>– дополнителна обука за кадарот во партнерските институции<br>– подготвени и функционални лаборатории<br>– нови вештини за | Реорганизација на услугите,<br>Обучен и целосно оперативен кадар,<br>Универзитетски лаборатории | Верификација на лице место<br>Извештаи од конзорциумот | Адекватна анализа и организација на активностите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| учесниците во активностите | | | |
| Влезни елементи | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Активности на конзорциумот<br>– набавка на потребната опрема<br>– мобилност на кадарот<br>– обука и предавања<br>– раководење со мрежите | Податоци за резултатите од проектите<br>Стапка на успешност на проектите | Податоци од мониторингот<br>Верификација на лице место од страна на НТК | Нема одлагања<br>Навремено усвојување на подготвените програми на курсевите за обука |

**Прилог кон Проектот: 6.3.1.1**

Програма CARDS: 2002
Земја: Република Македонија
Проект: Стратегија за интегрирана гранична контрола
Времетраење: 10 месеци
Буџет на проектот: € 0,3 милиони

*Историјат*

Општо: ССА треба да приндонесе за економска и политичка стабилност на Република Македонија и на целиот регион, како и за воспоставување на асоцијативен однос меѓу Република Македонија и ЕУ. Покрај другите цели, со ССА Република Македонија ја превзема и обврската да соработува во областа на Правдата и внатрешните работи. Интегрираната гранична контрола (ИГК), го претставува потребниот приод за исполнување на обврските опишани во Поглавието VII – насловено Правда и внатрешни работи од ССА, за приближување на граничниот режим на Република Македонија кон ЕУ стандардите за гранична контрола.

Специфично: Треба да се развие кохерентна, конзистентна и прецизна стратегија за ИГК, пред да се имплементираат специфичните активности од ИГК. Стратегијата ќе биде развиена во бliska соработка меѓу институциите корисници од Република Македонија и нивните партнери од Европа, а ќе даде подршка во изготвувањето и имплементирањето на конкретните активности. Дополнително, стратегијата ќе гиземе предвид резултатите и научените лекции од поранешните и тековните проекти; специфичните потреби наведени во извештајот за процесот на стабилизација и асоцијација од 2001 година (кој се однесува на границите со Косово и Албанија); како и статусот на напредокот во ″институционалната изградба″ во однос на усвојувањето на клучната легислатива. Исто така, ПВР експертската мисија, која се одвива во Република Македонија од 17 до 21 јуни, треба во голема мерка да помогне во дефинирањето на природата на една таква стратегија.

Проблеми кои треба да се разгледаат: За деветте министерства на Владата на Република Македонија и соодветните институции, одговорни за имплементација на ИГК стратегијата, да се обезбедат јасни упатства за изготвување на специфични проекти, во согласност со општата цел и задача на ИГК.

*Цели на проектот, Задача*

Општа цел: Општата цел на ИГК е да се развие и имплементира сеопфатен и интегриран режим на гранична контрола, во потполност конзистентен со стандардите на ЕУ.

Задача: Стратегијата на ИГК ќе биде средството, кое ќе треба да ги подржи и насочува институциите задолжени за имплементација, во текот на целокупното времетраење на програмата.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

Партнер на проектот ќе биде Министерството за внатрешни работи (МВР) преку Работната група за ИГК, одговорно за целосната координација на ИГК програмата. Очекуваните корисници кои ќе извлечат полза ќе бидат економијата на Република Македонија и нејзината безбедност воопшто, за кои од голема корист ќе биде ефективниот граничен режим во согласност со меѓународните стандарди и стандардите на ЕУ. Институциите од Република Македонија одговорни за имплементација на ИГК, ќе извлечат полза од подршката која ќе се обезбеди преку стратегијата.

Локација на проектот: Министерствата и соодветните институции на Република Македонија во Скопје, во подрачните единици и регионални канцеларии и на границите.

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Треба да се потенцира дека активностите во рамките на овој проект ќе претставуваат надополнување на финансиската помош од € 0.5 милиони, која беше доделена како подршка за развојот на ИГК стратегија, во рамките на програмата CARDS 2001.

| Донатор | Предмет – Опис | Износ € |
|---|---|---|
| PHARE 1997 | СВС – ветеринарна / фитосанитарна лабораториска опрема | 1.6 мил. |
| | Земјоделие – лабораториска опрема | 0.8 мил. |
| PHARE 2000 | ПВР / Интегрирана гранична контрола | 4.35 мил. |
| | Регионална животна средина – лабораториска опрема за контрола на квалитетот на водата | 0.8 мил. |
| CARDS 2001 | ПВР / Интегрирана гранична контрола | 5.00 мил. |
| | Европска интеграција – ветеринарна / фитосанитарна лабораториска опрема | 1.6 мил. |
| Светска Банка | Олеснување на трговијата и транспортот / царинска управа | 13.2 мил. |
| Холандија билатерално | Подобрување на објектите и ефикасноста на царинската управа на граничниот премин Блаце | |
| Германија билатерално | Опрема за Министерството за внатрешни работи | |
| USAID | Опрема за Министерството за внатрешни работи | |
| Тајван | Опрема за Министерството за внатрешни работи | |

*Опис на главните активности*

Припојување на средствата добиени од CARDS 2001 кон компонентата за изготвување на Стратегијата, за обезбедување техничка помош за ИГК Работната група и за другите партнери на проектот. Техничката помош треба да им помогне на партнерите на проектот во изготвувањето на конзистентна стратегија за имплементација на ИГК, во подготовката на остварлив работен план и да обезбеди подршка во техничката подготовка на конкретни проекти.

*Улога на партнерот во имплементацијата на проектот*

ГОДИШНА ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ ЗА 2002 ГОДИНА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Преку ИГК Работната група, Министерството за внатрешни работи ќе биде партнер на проектот, кој директно ќе биде поврзан со развојот на ИГК стратегијата. Се предвидува МВР да ги обезбеди основните потребни средства и услуги поврзани со имплементацијата на програмата. Имплементацијата на проектот ќе се реализира во блиска соработка и консултации со компетентните ресорни министерства и соодветните институции од Република Македонија.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Изготвен опис и услови за ТП | Јуни 2002 год. |
| Пристигнати и подготвени консултанти | Октомври 2002 год. |
| Нацрт извештај и препораки | Февруари 2003 год. |
| Конечен извештај | Април 2003 год. |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Контра мерки |
|---|---|---|---|
| Одложување на подготовката на описот и условите | Мала | Одложување на тендерот за ТП | Блиска контрола и следење на партнерите на проектот |
| Слаба посветеност и волја на партнерите на проектот | Умерена | Одложување на проектните предлози и нивна подготовка | Притисок врз партнерите на проектот |
| Непостоење или несоодветност на постоечките закони и прописи | Умерена | Каснење во напредокот на проектот | Притисок врз партнерите на проектот |
| Неефективна координативна улога на Работната група | Голема | Каснење во напредокот на проектот | Притисок врз Работната група |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | 2002 | | | | 2003 | | | | 2004 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Квартал1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал |
| Одлука за финансирање | | ◆ | | | | | | | | | | |
| ТП за изработка на стратегија за ИГК | | | | | | | | | | | | |
| Тендер за консултантски услуги | | ▬ | ▬ | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Имплементација на услугите | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| Рамка на реализацијата | | Стратегија за Интегрирана гранична контрола | |
|---|---|---|---|
| **Општа цел** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Развој на координирана стратегија за ИГК програмата, со цел да се имплементира сеопфатен режим на интегрирана гранична контрола во потполна конзистентност со стандардите на ЕУ | Поголем проток на легален транзит на лица и стоки на званичните гранични премини<br>Повисока стапка на детекција на повредите на границата<br>Поефикасна проценка и наплата на царинските давачки | Економски статистички податоци<br>Податоци за сообраќајот од МТВ<br>Царински податоци<br>Податоци од пограничната полиција | Политичка стабилност во Република Македонија<br>Регионална стабилност<br>Навремено стапување во сила на легислативата и директивите |
| **Специфични цели** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| На министерствата и институциите да им се обезбедат јасни упатства за изготвување конкретни проекти во согласност со општата цел на ИГК<br>Унапредување и олеснување на размената на информации и искуство со соодветните и слични агенции во ЕУ и/или земјите со асоцијативно членство | Број на идентификувани конкретни проекти<br>Потребно време за изготвување на проектна документација од страна на партнерите на проектот<br>Број на размени и посети | Извештаи на Агенцијата за мониторинг и оценка<br>Извештаи од партнерите за имплементација | Одговорност, подготвеност да се помогне од страна на партнерите на проектот<br>Расположивост на постоечките документи / легислатива / директиви |
| **Резултати** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Анализа на потребите<br>Препораки за идентификуваните потреби / проекти<br>нацрт спецификации / опис и услови на идентификуваните проекти<br>Нацрт работен план за идентификуваните проекти | Број на таргетирани институции<br>Број на идентификувани конкретни проекти<br>Број на изготвени спецификации / опис и услови | Извештаи на Агенцијата за мониторинг и оценка<br>Извештаи од партнерите за имплементација | Одговорност, подготвеност да се помогне од страна на партнерите на проектот<br>Расположивост на извештаите од Агенцијата<br>Расположивост на извештаите на партнерите за имплементација |

| Влезни елементи | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
|---|---|---|---|
| Техничка експертиза | Фреквентност и квалитет на известувањето<br>Исполнување на предвидените временски рокови | Извештаи од Експертскиот тим<br>Извештаи на Агенцијата за мониторинг и оценка<br>Извештаи од партнерите за имплементација | Адекватна техничка помош и ресурси<br>Добар и доверлив работен план и дизајн на проектот |

**Прилог кон Проектот: 6.3.1.2**

Програма CARDS: 2002
Земја: Република Македонија
Проект: Деминирање
Времетраење: 5 месеци
Буџет на проектот: €1.9 милиони

*Историјат*

Општо: Конфликтот во Република Македонија во текот на пролетта и летото од 2001 година, формално заврши на 13 август 2001 година, кога беше потпишан Рамковниот договор за мир од страна на лидерите на главните политички партии. Како резултат на конфликтот, вкупната бројка на раселени лица ја достигна бројката од 170.000✸ лица. Иако најголемиот дел од раселеното население е веќе вратен во своите домови, потребните услови за безбедно враќање на остатокот од 17.000 внатрешно раселени лица и бегалци, сеуште не се обезбедени. Една од најголемите пречки за финализација на процесот на враќање во домовите е ризикот кој е присутен поради присуството на неексплодирани минско–експлозивни средства (МЕС).

Специфично: Со проценката на МЕС спроведена во август 2001 година, беа идентификувани осумдесет села во кризниот регион околу Скопје, Тетово и Куманово, како потенцијални контаминирани области со МЕС. Како што и беше препорачано од тимот за проценка, Службата за деминирање на Обединетите Нации (СДОН) основа своја канцеларија во Скопје за координација на активностите поврзани со свеста и информираноста за постоењето на МЕС и нивно расчистување. До овој момент, регистрирани се извештаи за 139 опасни области и 20 инциденти со минско експлозивни средства, при што беа ранети девет лица а 16 ги загубија своите животи. Од септември 2001 година, започна расчистувањето на МЕС преку Меѓународниот фонд за доверба (МФД), кој ќе функционира се до крајот на јуни 2002 година. Способноста на самата земја за расчистување на МЕС општо земено е на многу ниско ниво и со цел истата да се подобри, беше организирана обука за четириесет претставници од единицата за Цивилна заштита.

Проблеми кои треба да се разгледаат: Иако преку напорите на МФД делумно беше решаван проблемот на МЕС, контаминацијата сеуште претставува многу важно прашање за околу 69 села и нивната околина. Реконструкцијата на овие села зависи од активностите на расчистувањето на МЕС. Слично на тоа, од процесот на расчистување на мините зависат и активностите на полициските патроли кои се враќаат на тие простори, како и работата на меѓународните организации. Токму поради тоа е потребна дополнителна меѓународна помош за елиминација на главниот ризик и обезбедување на одржливо и задоволително национално ниво на способност за расчистување на МЕС со цел на соодветен начин да се разрешат преостанатите грижи.

*Цели на проектот, Задача*

---

✸ Izvor: UNHCR

ГОДИШНА ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ ЗА 2002 ГОДИНА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Општа цел: Да се обезбеди зголемена стабилност на Република Македонија преку процес на безбедно враќање на раселеното население.

Задача: Елиминација на главната закана од МЕС во регионите на конфликт од 2001 година во Република Македонија и олеснување на безбедното враќање на остатокот раселено население, како и обезбедување на безбедноста на локалното население и пристап до основните потреби.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

Крајните корисници ќе бидат населението на Република Македонија и организациите кои работат во земјата, кои ќе профитираат со тоа што ќе можат да живеат, работат и патуваат во безбедно опкружување. Населението од кризниот регион директно ќе извлече полза од проектот, затоа што ризикот од неексплодирани МЕС ќе се намали во нивното најблиско животно и работно опкружување.

Проектот ќе се имплементира преку три партнери: СДОН канцеларијата во Скопје и две меѓународни невладини организации (НО) со соодветно искуство за расчистување на МЕС, избрани од страна на СДОН.

Локација на проектот: Поранешните кризни региони околу Скопје, Тетово и Куманово. (Белешка: Самото физичко расчистување на МЕС ќе се одвива во регионите на Скопје и Тетово).

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

ЕУ обезбеди почетна подршка за активности на расчистување на МЕС преку својот Механизам за рапидна реакција во 2001 година. ОДОН, еден од партнерите на проектот, ги координира активностите за расчистување на МЕС во Република Македонија од август 2001 година и ќе ја задржи координативната улога за времетраењето на проектот. Норвешката влада посочи дека ќе обезбеди финансиска подршка за СДОН во износ од € 130.000, со цел дополнително да се зајакне домашната способност и можности за расчистување на МЕС. Германија ја разгледува можноста за дополнителна подршка на проектот. Во моментов, не постојат други донатори кои даваат подршка на програмите за деминирање во Република Македонија, ниту пак има било какви индикации за друго потенцијално финансирање.

*Опис на главните активности*

Под општа супервизија и координација од страна на СДОН, а во блиска соработка со Единицата за цивилна заштита при Министерството за одбрана, партнерите од невладиниот сектор ќе ангажираат осум професионални тимови за деминирање, подржани со три кучешки тимови за детекција на мини и еден тим за истражување. Околу четириесетина домашни лица обучени за деминирање, кои неодамна ја завршија обуката за Деактивација на експлозивни средства, ќе работат во блиска соработка со невладините тимови.

СДОН, во блиска соработка со Единицата на цивилна заштита, ќе обезбеди придржување кон меѓународните стандарди за деминирање во согласност со најдобрата пракса и стандардите за квалитет на Обединетите Нации. Исто така, СДОН ќе ја координира и обуката на самото работно место за три службеници за информирање во цивилната заштита, кои треба да ја превземат зголемената одговорност за соодветен менаџмент на информациите поврзани со

деминирањето. СДОН ќе придонесе за зголемување на способноста на неодамна обучениот кадар на Цивилната заштита, преку обука на самото работно место и технички совети и супервизија.

Две меѓународни невладини организации со докажано и признато искуство во расчистувањето на МЕС ќе бидат ангажирани за извршување на активностите на деминирање. Работата на расчистување на МЕС ќе бидат придружувани преку активности за зголемување на свеста и информирање на локалното население. Локалната заедница ќе биде информирана за операциите пред да се започне со работите, а ќе биде информирана и за напредокот во текот на работата. По завршувањето на активностите на расчистување, ќе се спроведе процес на верификација, за да се потврди дека главните ризици од МЕС се елеминирани.

Приоритетно внимание во работата на расчистување на МЕС ќе биде посветено на следново: (1) области на спонтано враќање, каде лицата кои се враќаат живеат под директна закана од опасноста за присуство на МЕС; (2) селата каде што ресурсите на донаторите се наменети за активностите на реконструкција; (3) областите каде земјоделците се спречени да ги обавуваат своите вообичаени земјоделски активности како резултат на присуството на МЕС и (4) селата каде има застој во повторното враќање и присуство на полициските патроли од мешан етнички состав поради заканата од присуство на МЕС.

*Улога на партнерот во имплементацијата на проектот*

СДОН и партнерите од невладиниот сектор ќе бидат имплементатори на проектот. СДОН ќе биде одговорна за изборот на партнерите од невладиниот сектор, координација на проектните активности и за конечното одредување на приоритетните области за расчистување. Партнерите на проектот ќе изготвуваат дневни и месечни извештаи за напредокот на расчистувањето. Агенцијата ќе потпише директни договори со секој од специфичните партнери на проектот.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Намален број на несреќи поврзани со МЕС во расчистените области | Јули – Декември 2002 год. |
| Зголемена способност на домашните експерти за расчистување на МЕС | Јули – Декември 2002 год. |
| Безбедно враќање на локалното население | Јули – Декември 2002 год. |
| Зголемено земјоделско производство и стопанска размена | Јули – Декември 2002 год. |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Контра мерки |
|---|---|---|---|
| Несоодветен квалитет на активностите за | Мала | Голем | Избор на партнери од невладиниот сектор со потврдено |

| | | | |
|---|---|---|---|
| расчистување | | | искуство; континуиран мониторинг на квалитетот на работите |
| Лоши временски услови | Мала | Мал | Обезбеден навремен почеток и финализација на проектните активности |
| Немири или возобновување на конфликтот во областа опфатена со проектот | Мала | Голем | Континуиран мониторинг на општата ситуација и флексибилност во распоредот за имлементација |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | | Јул 02 | | Авг 02 | | Сеп 02 | | Окт 02 | | Ное 02 | | Дек 02 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одлука за финансирање | | | | | | | | | | | | | |
| Грантови | Подготовка | | | | | | | | | | | | |
| | Имплементација | | | | | | | | | | | | |

| Рамка на реализацијата: Деминирање | | | |
|---|---|---|---|
| **Општа цел** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Постигнување на зголемена стабилност во Република Македонија преку безбедното враќање на бегалците и раселените лица во нивните домови | Враќање на населението во конкретни области | Извештаи на UNHCR и ICRC | Стабилна општа ситуација во земјата |
| **Специфични цели** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Елиминација на главната закана од МЕС во кризните региони од конфликтот во 2001 година во Република Македонија и на тој начин, олеснување на безбедното враќање на останатото раселено население<br>Олеснување на повторниот почеток на активностите на реконструкција и економските активности. | Воспоставување на краткорочна програма за расчистување на МЕС.<br>Основање на обучено национално тело за планирање и извршување на активности за деминирање.<br>Рехабилитација на локалната инфраструктура и приватните домови. | Неделни извештаи за напредокот на програмата за расчистување на МЕС.<br>Извештаи од UNHCR. | Владина подршка преку обучен кадар за понатамошна обука и обезбедување на простор за работа. |
| **Резултати** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Идентификација на областите контаминирани со МЕС.<br>Обезбедување информации за локалното население за процедурите кои треба да се почитуваат за да се избегнат можните инциденти.<br>Расчистување на контаминираните области. | Намалување на бројот на инциденти поврзани со МЕС.<br>Слобода на движење низ расчистените области.<br>Непостоење на МЕС.<br>Број на отстранети МЕС. | База на податоци на IMSMA.<br>Извештаи на партнерите на проектот. | Добри временски услови.<br>Точни и корисни информации. |
| **Влезни елементи** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Меѓународни експертски тимови за расчистување на МЕС. | Потпишување договори со партнерите на проектот. | Потпишани договори. | Посветеност и подготвеност на партнерите на проектот. |

**Прилог кон проектот: 6.3.2.1**

Програма CARDS: 2002
Земја: Република Македонија
Проект: Техничка помош за развивање и имплементација на Национален акционен план за миграција и азил
Времетраење: 18 месеци
Буџет на проектот: € 2 милиони

*Историјат*

Општо: Иако Република Македонија е потписник на Конвенцијата за бегалци од 1951 година и некои други клучни меѓународни протоколи, начелата кои се содржани во овие инструменти не се рефлектираат во целост во националната легислатива на земјата. За време на кризата на Косово во 1999 година, Република Македонија прими повеќе од 360.000 бегалци во период од два месеци. Најголемиот дел од бегалците се вратија во своите домови по завршувањето на конфликтот. Бројот на оние кои останаа, воглавно роми од Косово, изнесува околу 3.500. Што се однесува до миграцијата, Република Македонија е предмет на зголемен прилив на луѓе кои ја користат земјата како коридор за понатамошно патување кон западна Европа. Официјално забележената бројка на мигранти кои нелегално влегле во Република Македонија во текот на 2001 година изнесува 12.100; веројатно реалната бројка е многу повисока. Како резултат, се поголема е потребата за подобрување на структурите на границите на Република Македонија, но исто така да се воспостават подобри системи за управување и третман на мигрантите и бегалците.

Специфично: Со помош на UNHCR беше изготвен нов нацрт Закон за азил. Нацрт законот е во согласност со меѓународните и ЕУ стандарди, но сеуште не е усвоен од страна на Парламентот. Се поголема е потребата своите процедури за справување со лицата кои бараат азил и бегалците, Република Македонија да ги усогласи со меѓународните стандарди. Слично на тоа, потребно е да се ревидира и легислативата за миграција. Постојниот Закон за движење и престој на странски лица се анализира и се очекуваат негови корекции со цел да ги задоволи европските стандарди. Концептот за Национален акционен план за азил и миграција е веќе прифатен од Владата. Планот ја зема предвид како законската рамка, така и практичните средства за постигнување на посеопфатен и подобро координиран систем на менаџмент на прашањата поврзани со азилот и миграцијата во Република Македонија.

Проблеми кои треба да се разгледаат: Под претпоставка дека Законот за азил ќе биде усвоен, останатите системски закони и подзаконски акти ќе треба да бидат ревидирани и хармонизирани со европското законодавство. Дополнително, треба да се извршат измени и на постоечкиот Закон за движење и престој на странски лица, со цел да се воведе визен режим и соодветни мерки за справување со илегалната миграција, согласно стандардите на ЕУ. Треба да се зголемат и капацитетите на министерствата / агенциите со цел тие да бидат во состојба да одговорат на сите барања кои ќе произлезат од новата легислатива согласно стандардите на ЕУ, во врска со прашањата на азил и миграција. Националниот акционен план ќе ги покрие сите овие области и ќе обезбеди рамка за идната помош и обука за прашањата на азил и миграција.

*Цели на проектот, Задача*

Општа цел: Да и се помогне на Република Македонија, својата легислатива, политиките и процедурите за прашањата на азил и миграција да ги доближи до меѓународните стандарди и стандардите на ЕУ.

Задача: Хармонизација на клучната легислатива со европското законодавство и зајакнување на способноста на Република Македонија да формулира и имплементира стратегија за политиката на азил и миграција, во согласност со ЕУ и меѓународните стандарди.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

Главниот партнер на проектот ќе биде Министерството за внатрешни работи (МВР). МВР е во потрага по техничка помош за ревидирање на постоечката легислатива и за развивање и спроведување на нов Национален акционен план за азил и миграција. Министерството за труд и социјална политика (МТСП) ќе биде партнер на проектот исто така. Според новиот Закон за азил, МТСП ќе има поголеми надлежности и одговорност во однос на барателите на азил и регистрираните бегалци. Нему му е потребна помош за исполнување на постоечките, како и за новите обврски. Други клучни заинтересирани институции ќе бидат Министерството за правда и пограничната полиција (помошта за тоа ќе биде предмет на посебна област од CARDS програмата).

Очекуваните корисници кои ќе извлечат полза, уште на самиот почеток, ќе бидат 3.000–4.000 лица со ″статус на привремена заштита″ во Република Македонија. Некои од нив го поседуваат ваквиот статус, со мали или никакви права, уште од март 1999 година. Владата го одлага разгледувањето на нивниот случај како лица кои бараат азил. Република Македонија е сега под притисок да ја измени оваа состојба. Слично на тоа, штом новите закони за миграција ќе бидат имплементирани во целост, може да се очекува големо подобрување во начинот на процесирање и пружање помош на странските лица кои влегуваат во Република Македонија, без разлика дали тоа го прават на легален или илегален начин.

Локација на проектот: Скопје

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Во моментов, не постои билатерална донаторска активност во оваа област. Главните актери беа UNHCR, кој помогна да се изготви новиот Закон за азил и Пактот за стабилност преку својата иницијатива за миграција и азил. UNHCR, исто така, спроведуваше програма за обука на службените лица од МВР кои работат на прашањето на азил, со цел да се подобри нивното работење во пракса. UNHCR планира дополнителна обука во оваа област во текот на следната година. Во рамките на иницијативата на Пактот за стабилност, владата на Република Македонија започна со подготвителните работи за Национален акционен план, но досега, направен е многу мал напредок. IOM (Меѓународната организација за миграции) соработува со Владата за подобрување на процедурите за справување со одредени групи на илегални мигранти, особено жените кои се жртви на нелегалната трговија со луѓе. IOM планира да í помогне на Република Македонија во ревидирањето на легислативата за миграција и нејзино подигнување на ниво на европските и меѓународните стандарди.

Постои многу блиска поврзаност меѓу целите на Иницијативата на Пактот за стабилност и CARDS програмата. Веќе се спроведени некои дискусии на работно ниво во врска со соработката во оваа област. Тимот на Пактот за стабилност планира да работи заедно со CARDS

програмата на развојот и имплементацијата на Национален акционен план. UNHCR, како една од клучните агенции во оваа област, ќе продолжи со својата важна улога, работејќи заедно со Пактот за стабилност.

Мисијата за проценка од страна на експертите на ПВР во Република Македонија во јуни, ќе биде корисна вежба за обезбедување на првична анализа на прашањата на миграција и азил. Оваа анализа ќе биде вградена во процесот на изработка на Националниот акционен план.

*Опис на главните активности*

Фаза 1

Еден мал консултантски тим од 2–3 правни експерти / експерти од праксата, ќе спроведе активности во две области. Како прво, тие ќе му помогнат на МВР, во консултација со останатите релевантни министерства / агенции, да го подготви и финализира Националниот акционен план. Планот ќе содржи анализа на потребите за прашањата на азил, миграција и визниот режим. На тој начин ќе се идентификуваат легислативните, институционални и административни недостатоци во овие области. Исто така, консултантите ќе соработуваат со релевантните министерства на идентификацијата на инфраструктурните потреби во однос на воспоставување транзитни центри за странците. Како второ, тие ќе му помогнат на МВР во ревидирањето на целосната примарна и секундарна легислатива поврзана со новиот Закон за азил. Во врска со оваа активност, тие ќе ја разгледаат сегашната состојба со Законот за движење и престој на странските лица кој треба да биде изменет и дополнет. Целокупната работа на легислативата ќе биде направена во соработка со клучните агенции, а особено со UNHCR и IOM.

Фаза 2

Врз основа на Националниот акционен план, тим од четири консултанти ќе развие и презентира програма за обука во текот на следната година, или најмногу во рок од 18 месеци. Програмата ќе опфати кадри од сите клучни министерства и агенции, вклучувајќи ги и МВР и МТСП; центрите за социјални работи; како и судството. Тие ќе му асистираат на МВР и во институционализацијата на подобро координиран, меѓувладин пристап кон менаџментот со прашањата на азил и миграција воопшто.

Консултантскиот тим ќе се состои од двајца експерти кои работат и во пракса во обласа на азилот и имиграцијата; еден правен експерт и експерт за обука. Тие ќе остварат блиска соработка со другите релевантни донатори, особено со UNHCR, IOM и тимот на Пактот за стабилност во земјата.

*Улога на партнерите во имплементацијата на проектот*

МВР и МТСП ќе учествуваат во подготовката на описот и условите на проектот. Исто така, тие ќе земат активно учество во развивањето на Национален акционен план во соработка со консултантскиот тим во Фазата 1. Во фазата 2, МВР И МТСП ќе бидат вклучени во обуката на нивните кадри во врска со новата легислатива, политики и процедури. Министерствата исто така ќе придонесат и за воведувањето на новиот пристап на менаџмент во сферата на миграцијата и азилот.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Усвојување на новиот Закон за азил<br>Присутни и подготвени консултанти од Фазата 1 | Септември/Октомври 2002 год. |
| Финализиран Национален акционен план | Јануари 2003 год. |
| Присутни и подготвени консултанти од Фазата 2 | Февруари/Март 2003 год. |
| Развиена програма за обука согласно Националниот акционен план, подготвена за имплементација | Мај/Јуни 2003 год. |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Контра мерки |
|---|---|---|---|
| Неусвојување на Законот за азил од страна на Владата | Умерена | Сериозен | Притисок од донаторите (ЕЗ, UNHCR); интензивирање на дијалогот со клучните владини учесници.<br>Спроведување на анализа и преглед, пред продолжување со Фазата 2 од проектот. |
| Незадоволителен капацитет за имплементација на новите закони и процедури во постоечките владини институции | Умерена | Умерен | Притисок од донаторите, поголеми инвестиции во компонентите на обука |

Белешка: Развојот на Националниот акционен план во Фазата 1 може да започне и пред усвојувањето на Законот за азил. Работата мора да оди напред што се однесува до идентификацијата и надминувањето на недостатоците во институционалните и административни структури на релевантните министерства и агенции. Пред да се започне со Фазата 2, потребно е да се направи општ преглед на состојбата.

*Имплементациона табела*

| Временски рок | 2002 | | | | 2003 | | | | 2004 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одлука за финансирање | | | ◆ | | | | | | | | | | |
| Експертски услуги (Фаза 1 и 2): | | | | | | | | | | | | | |
| Техничка помош | Тендер | ▬ | ▬ | | | | | | | | | | |
| | Импле-ментацими ја | | | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | | | | |

| Рамка на реализацијата: Техничка помош за развој и имплементација на Национален акционен план за миграција и азил | | | |
|---|---|---|---|
| **Општа цел** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Помош на Република Македонија во усогласувањето на легислативата, политиките и процедурите за прашањата на азил и миграција со меѓународните стандарди и стандардите на ЕУ. | Усвојување и полна имплементација од страна на Република Македонија на сите релевантни законски акти во согласност со меѓународните стандарди и стандардите на ЕУ. | Режим на азил и миграција во согласност со меѓународните стандарди и стандардите на ЕУ. | Политичка и социјална стабилност. |
| **Специфични цели** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Хармонизација на клучната легислатива со европското законодавство и меѓународните стандарди.<br>Зајакнување на капацитетот на Република Македонија да формулира и имплементира стратегија за азил и миграција во согласност со меѓународните стандарди и стандардите на ЕУ. | Ревидирани нацрт закони и подзаконски акти.<br>Национален акционен план за азил и миграција.<br>Број на вработени кои добиваат обука. | Податоци за бројот на странски лица кои влегуваат / излегуваат од Република Македонија на легален начин и број на лица кои добиле азил и помош согласно новата легислатива.<br>Податоци за потребното време за обработка на барањата за азил и виза согласно новите закони. | Волја на политичката власт и соодветните институции за усвојување и целосна имплементација на новата легислатива. |
| **Резултати** | **Мерливи индикатори** | **Начин на верификација** | **Претпоставки** |
| Ревидирана примарна и секундарна легислатива во согласност со меѓународните стандарди и стандардите на ЕУ.<br>Национален акционен план за азил и миграција изготвен во консултација со сите релевантни учесници.<br>Обучен кадар во сите клучни министерства и | Усвојување на законите од страна на Република Македонија.<br><br>Усогласување и имплементација на новите политики и процедури во министерствата и агенциите.<br>Број на вработени кои се способни да ги имплементираат | Официјални извештаи, публикација на законите.<br><br>Консултантски извештаи. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| агенции, способен да ја имплементира новата легислатива и политиките / процедурите наведени во Националниот акционен план. | новите процедури / политики. | | |
| Влезни елементи | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Меѓународни експерти (4–5 лица). | Потпишување договори со консултантите. | Консултанти кои работат на теренот, на имплементација на проектот во согласност со временските рокови.<br>Консултантски извештаи. | Официјалните лица од релевантните министерства / агенции имаат доволно време кое би го посветиле на работата со консултантите на Националниот акционен план, како и на посетување обука. |

**Прилог кон Проектот: 6.3.3.1**

Програма CARDS: 2002
Земја: Република Македонија
Проект: Техничка помош и обука во борбата против перењето пари
Времетраење: 12 месеци
Буџет на проектот: € 0.7 милиони

*Историјат*

Општо: Законот против перење пари, усвоен од страна на Собранието во август 2001 година, стапи на сила на 1 март 2002 година. Преговорите со Егмонт групата7 се веќе започнати и се очекува дека Директоратот против перење пари во рамките на Министерството за финансии ќе се здобие со полноправно членство и ќе биде признаен како Финансиска разузнувачка единица (ФРЕ) до средината на 2003 година.

Регионалната соработка ефикасно се спроведува преку SECI Центарот во Букурешт (Југоисточна европска иницијатива за соработка која опфаќа 11 земји од регионот, кои соработуваат од оперативен аспект со националните институции од царината и полицијата).

Сепак, не постојат сите потребни предуслови за ефикасно спроведување на новиот закон: во моментов, Директоратот брои само 4 вработени кои обработуваат стотици извештаи од банките од целата држава. Дополнително, на Директоратот му недостасува долгорочна техничка помош која би асистирала во подготовката / разгледувањето на подзаконските акти, како и во изготвувањето на механизми кои би ја зајакнале институционалната соработка. Експертската мисија на ПВР која е во посета на Република Македонија од 17 до 21 Јуни, би требало да послужи како корисна вежба при одредувањето на приоритетните потреби во оваа област.

Проблеми кои треба да се разгледаат: треба да се обезбедат потребните средства (ТП, обука, опрема) за спроведување на новиот закон против перењето пари и треба да се изготват потребните подзаконски акти, кои ќе бидат компатибилни со стандардите на ЕУ и мултилатералните иницијативи.

*Цели на проектот, задача*

Општа цел: Подршка на Република Македонија во борбата против организираниот криминал.

Задача: Зајакнување на капацитетите на Директоратот против перењето пари и финансиските институции, со цел спроведување на новиот закон против перењето пари.

*Очекувани корисници, партнери на проектот*

---

[7] Egmont grupata pretstavuva zaedni~ka organizacija na 58 nacionalni finansiski razuznuva~ki edinici (FRE). Nejzina funkcija e pomagawe na nivniot razvoj i razmena na informacii so cel da se nadminat pre~kite koi ja spre~uvaat prekugrani~nata razmena na informacii

Главниот партнер на проектот ќе биде Министерството за финансии, или поконкретно, Директоратот против перењето пари. Очекуваните директни корисници кои ќе извлечат полза од проектот се вработените во Директоратот, финансиските институции (банките, управата за јавни приходи итн.) и органите одговорни за спроведување на законот (царинската управа, полицијата итн.). Општо земено, може да се рече дека целокупното македонско стопанство би требало да извлече корист, како резултат на намалениот број на нелегални финансиски активности на организирани криминални групи и намалена пенетрација на така остварените финансиски приходи во националната економија.

Локација на проектот: Скопје и други градови.

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Овој проект ја комплементира полициската програма која беше започната во рамките на таканаречениот Механизам за рапидна реакција (2001) и проектите за интегрирана гранична контрола од 2000 и 2001 година.

Активностите во рамките на предложениот проект ќе треба да бидат добро координирани со оние на амбасадата на Соединетите американски држави / Министерството за финансии на САД (обука поврзана со анти–терористичките активности), активностите на Агенцијата за трансфер на финансиска технологија лоцирана во Луксембург (обука на финансиски институции финансирана од Луксембург во рамките на Пактот за стабилност) и активностите на SECI центарот во Букурешт.

*Опис на главните активности*

Проектот ќе пружи подршка на следниве активности:

Техничка помош. Со овој проект, за Директоратот против перење пари во Министерството за финансии ќе се обезбеди долгорочна експертиза за да се помогне спроведувањето на постоечката легислатива, изготвување и оценување на подзаконски акти, како и создавање / развивање механизми за соработка помеѓу сите институции вклучени во борбата против перењето пари.

Програма за обука (обука на обучувачи и обука). Главниот акцент во програмата ќе биде ставен на одреден број конкретни, добро идентификувани прашања, во врска со кои ќе се обезбеди обука за вработените во Директоратот и финансиските институции. На тој начин ќе се подобри и расположивиот капацитет за обука за финансиски криминал во Република Македонија.

Набавка на специјализирана автоматизирана опрема. Оперативните можности на Директоратот ќе бидат зајакнати преку набавка и инсталација на софтвер и електронска поврзаност со останатите клучни финансиски институции. Тоа ќе обезбеди ефективна и ефикасна обработка на евидентираните финансиски трансакции во Република Македонија.

*Улогата на партнерот во имплементацијата на проектот*

Директоратот против перење пари како и Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи блиску ќе соработуваат во подготовката на детален акционен план.

Може да се очекува проектот да биде имплементиран од страна на Советот на Европа (преку грантова спогодба) поради неговата активна вклученост во борбата против перењето

пари на регионално ниво. Во блиска соработка со горе–споменатите институционални партнери, Советот на Европа ќе изготви конкретни програми за помош на Република Македонија, врз основа на веќе постоечките регионални проекти.

Директоратот и единицата за информациона технологија при Министерството за финансии, ќе ја изготват техничката спецификација за опремата која е потребна за имплементација на одредбите од законот.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Воспоставена техничка помош | Септември 2002 |
| Извршена анализа на подзаконските акти / зајакната институционална соработка | Јули 2003 |
| Започната програма за обука | Септември 2002 |
| Обучен клучниот кадар во Директоратот и финансиските институции | Јули 2003 |
| Инсталирана опрема | Февруари 2003 |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Контра мерки |
|---|---|---|---|
| Непостоење на политичка волја за имплементација на новата легислатива | Средна | Сериозен | Зајакнување на регионалната соработка и мониторингот |
| Нефункционирање на механизмите за координација | Средна | Среден | Идентификување на клучните точки и обезбедување на соодветна обука |
| Расположивост / желба и волја кај кандидатите да бидат обучени | Мала | Сериозен | Предселекција на кандидатите за обука во блиска соработка со Министерството за финансии |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | 2002 | | | | 2003 | | | | 2004 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Квартал 1 | Квртал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал 1 | Квартал 2 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одлука за финансирање | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Техничка помош | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Техничка помош | Тендер | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Имплементација | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Обука | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Активности на обука | Тендер | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Имплементација | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Набавка на опрема | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Опрема | Тендер | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Испорака | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Инсталација | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| Рамка на реализацијата: Борба против перењето пари | | | |
|---|---|---|---|
| Општа цел | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Подршка на Република Македонија во борбата против организираниот финансиски криминал | Намалување на финансискиот криминал | Национални статистички показатели | Регионална стабилност, развој и соработка |
| Специфична цел | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Зајакнување на способноста на Владата и финансиските институции за спроведување на законот<br><br>Обука на соодветниот кадар во клучните институции за спроведување на законот | Способност на службените лица одговорни за спроведување на законот за идентификација и обработка на сомнителните готовински трансакции<br>Број на вработени кои се обучуваат | Број на идентификувани и обработени сомнителни трансакции<br><br>Имплементација на извештаите од партнерите | Постоење на соодветен кадар и опрема во Директоратот и финансиските институции<br>Подготвеност и желба на вработените да земат учество во обуката; способност на вработените да ја абсорбираат обуката |
| Резултати | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Обезбедени средства за спроведување на законот против перењето пари<br><br>Изготвени подзаконски акти за усвојување од страна на Парламентот<br>Обучен кадар во Директоратот против перење пари (Мин. за финансии) и во финансиските институции | Зголемен број на идентификувани и обработени сомнителни готовински финансиски трансакции<br>Анализа на нацрт закони<br><br>Број на вработени кои посетувале обука | Статистички показатели од Директоратот за борба против перењето пари (Мин. за финансии)<br><br>Текст на законите<br><br>Извештаи на партнерите за имплементација | Обезбедена соодветна обука за вработените кои се способни за спроведување на законите<br><br>Подготвеност на вработените да ја посетуваат обуката; способност на вработените да ја абсорбираат обуката |
| Влезни елементи | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Меѓународна експертиза<br><br>Програми за обука<br><br>Опрема | Потпишани договори за меѓународна експертиза<br>Подготвена програма за обука, идентификувани кандидатите за обука<br>Потпишани договори за набавка на опрема | Физичко присуство<br><br>Извештаи на партнерот за имплементација<br><br>Физичка проверка на испорачаната опрема и инсталацијата | Подготвеност и желба на вработените да земат учество во обуката; способност на вработените да ја абсорбираат обуката<br>Расположивост на опремата на пазарот |

**Прилог кон проектот: 6.3.3.2**

Програма CARDS: 2002
Земја: Република Македонија
Проект: Техничка помош за борба против дрогата
Времетраење: 12 месеци
Буџет на проектот: € 0.3 милиони

*Историјат*

Општо: Националните и регионалните конфликти во текот на последниве неколку години, политичката нестабилност како резултат, и слабата институционална основа, негативно влијаеа врз способноста на Република Македонија, на ефикасен начин да се справи со проблемот на дрогата. Иако Република Македонија не е ниту една од земјите главни производители, ниту пак главна транзитна точка за нелегалната дрога, проблемот на трговија со дрога и контролата на дрогата воопшто станува се поочигледен.

Специфично: Како држава која се квалификува за помош преку програмата CARDS, Република Македонија беше исклучена од PHARE проектите поврзани со дрогата, кои во секој случај, во голема мерка придонесоа за еден национален и регионален координиран пристап во однос на проблемот на контрола на дрогата во последниве неколку години. И покрај потребата од зајакнување на регионалните механизми за соработка (особено со Албанија и СР Југославија), од уште поитно значење е усвојувањето на соодветна легислатива и воспоставување на институционална рамка во Република Македонија, со кои ќе се овозможи ефикасна борба против проблемот со дрогата, во согласност со стандардите на ЕУ и конвенциите на ОН. Треба да се изготви и имплементира сеопфатна национална стратегија со цел намалување на понудата, нелегалната трговија и побарувачката за опојни дроги, како и поефикасна контрола на лесните дроги, врз основа на нацрт акциониот план за 2002–2006 година, за борба против злоупотребата на дрогата, изготвен од страна на Меѓувладината национална комисија за борба против опојните дроги, со која претседава премиерот.

Проблеми кои треба да се разгледаат: Треба да се воспостават ефикасни институционални рамки и механизми за соработка на ниво на Владата и со граѓанското општество, а легислативната рамка треба да се хармонизира со онаа на ЕУ/ОН.

*Цели на проектот, задача*

Општа цел: Подршка на Република Македонија во борбата против организираниот криминал.

Задача: Зајакнување на способноста на Владата да се справи со проблемот на дрогата преку усвојување и спроведување на закони и подзаконски акти, како и развој на извршна, оперативна институционална рамка.

*Очекувани корисници, Партнери на проектот*

На прво место, партнери на проектот ќе бидат Министерството за здравство и меѓувладината Комисија која е задолжена да изготви нацрт на законот за наркотични средства8. Меѓувладината национална комисија за борба против опојни droги, производство, трговија и злоупотреба на дрогата (со која претседава Премиерот), во рамките на проектот ќе добие одредени препораки за развивање национална стратегија и основање на извршно тело кое ќе биде задолжено за спроведување на законот.

Еден од очекуваните директни корисници кои ќе извлечат полза од програмата ќе биде Комисијата која го изработува нацртот на законот, како примател на техничката помош. Среднорочно гледано, државата како целина треба да извлече корист од спроведувањето на новата легислатива за лесни droги и наркотични средства и подобра контрола на проблемот со дрогата воопшто.

Локација на проектот: Скопје.

*Поврзаност со други ЕУ проекти и координација со други донатори*

Овој проект претставува дополнение на полициската програма која започна во рамките на Механизмот за рапидна реакција 2001 и проектите за Интегрирана гранична контрола.

Во предложениот проект ќе се обезбеди блиска координација на активностите со оние на UNDCP (особено оние кои вниманието го посветуваат на нелегалната трговија со дрога на регионално ниво), SECI центарот во Букурешт и PHARE проектите ориентирани кон соседните земји. Треба да се зајакнат и механизмите на соработка со Европол (Europol), Евроцарината (Eurocustoms) и EMCDDA9 во Лисабон.

*Опис на главните активности*

Проектот ќе пружи подршка на следниве активности:

Техничка помош: За Министерството за здравство и за Меѓувладината комисија која е задолжена за изготвување на законот за наркотични средства, проектот ќе обезбеди специјализирана експертиза која ќе:

Помогне при изготвувањето на законот за наркотични средства и психотропски субстанции;

Помогне во изготвувањето на подзаконските акти за лесните droги и за наркотичните средства.

За Меѓувладината национална комисија за борба против опојните droги, производство, трговија и злоупотреба на дрогата (со која претседава Премиерот), проектот ќе обезбеди техничка помош која ќе:

Изготви препораки за развој на сеопфатна национална стратегија за борба против дрогата;

Изготви препораки за развојот на извршна и оперативна институционална рамка;

Развие рамка за ефикасни механизми на соработка и размена на информации на повисоко ниво и со учесниците од граѓанското општество.

[8] Vo ovaa Komisija ~lenuvaat pretstavnici od Ministerstvoto za zdravstvo, pravda, vnatre{ni raboti, zemjodelie, obrazovanie, pretstavnici od carinata, klini~kiot centar i od farmacef tskata industrija.

[9] Evropski monitoring centar za droga i zavisnost od droga

Предложената техничка помош ќе биде од интензивна природа во првите неколку месеци од проектот, со цел да се овозможи нацрт законите да бидат поднесени на разгледување во Владата во последното тромесечие од 2002 година.

*Улогата на партнерите во имплементацијата на проектот*

Партнерите на проектот ќе земат активно учество во подготовката на акциониот план за 2002/2003 година.

Проектот може да биде имплементиран од страна на непрофитна организација, преку спогодба за грантови, способна да мобилизира, искористи и раководи со специјализирани експерти од различни држави членки и нивни специјализирани агенции или меѓународни тела (Bundeskriminalamt, UNDCP, Europol, Eurocustoms итн.).

Со цел да се одржи кохерентноста со PHARE проектите поврзани со дрогата од минатото и оние кои сеуште траат, како и да се сочува регионалната кохезија на предложениот проект со иницијативите на PHARE и UNDCP, партнерот за имплементација би можел да биде и PHARE партнер.

*Клучни елементи и рокови на проектот*

| Очекувани резултати | Временски рок |
|---|---|
| Воспоставена техничка помош | Јули 2002 |
| Извршена анализа на примарната легислатива | Ноември 2002 |
| Изготвени подзаконски акти | Јули 2003 |
| Изготвена рамка за механизми за ефикасна соработка и размена на информации на повисоко ниво и со учесниците од граѓанското општество | Јули 2003 |
| Изготвени нацрт препораки за развој на сеопфатна национална стратегија за борба против дрогата | Јули 2003 |
| Изготвени нацрт препораки за извршна и оперативна институционална рамка | Јули 2003 |

*Анализа на ризикот*

| Ризик | Веројатност | Ефект | Контра мерки |
|---|---|---|---|
| Одлагање на идентификацијата на ТА експертите | Мала | Среден | Идентификација на специјализирани организации и експерти во блиска соработка со министерствата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Недостаток на добра експертиза за изготвување и анализа на легислативата | Мала | Сериозен | Првична селекција на експерти во договор со националната комисија, врз основа на поранешното PHARE искуство |
| Недостаток на политичка волја за имплементација на препораките | Средна | Сериозен | Дијалог на владино ниво; притисок од UNDCP |

*Имплементациона табела*

| Временски распоред | | 2002 | | | | 2003 | | | | 2004 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал | Квартал 1 | Квартал | Квартал 3 | Квартал 4 | Квартал | Квартал 2 |
| Одлука за финансирање | | | ◆ | | | | | | | | |
| Техничка помош | | | | | | | | | | | |
| Техничка помош | Тендер | | ▬ | | | | | | | | |
| | Имплементација | | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | ▬ | | | | |

| РАМКА НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА: Борба против дрогата | | | |
|---|---|---|---|
| | | Вкупен буџет: околу € 0.3 милиони | |
| Општа цел | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Поддршка за Република Македонија во борбата против проблемот со дрогата. | Спроведена легислатива; воспоставена институционална рамка | Текстови на законите за лесни droги и наркотични средства; декрет за основање на ″Агенција за борба против дрогата″ | Политичка волја за спроведување на законите; регионална стабилност, развој и соработка. |
| Специфична цел | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Зајакнување на способноста на Владата да изготвува и спроведува легислатива за дрогата.<br><br>Развој на оперативна институционална рамка со извршна моќ. | Националната комисија изготвува нацрт закон за наркотични средства до крајот на 2002 година и подзаконски акти за лесните дроги до средината на 2003 година<br>Создадена ″Агенција за борба против дрогата″ | Текст на законот<br><br>Декрет за основање на ″Агенција за борба против дрогата″; Статут на АБПД | Вопоставена техничка помош потребна за поддршка на изготвувањето / разгледувањето на текстовите<br><br>Политичка волја за основање на АБПД |
| Резултат | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |
| Изготвен закон за наркотични средства и психотропски супстанции, поднесен пред Владата за усвојување.<br>Изготвени нацрт подзаконски акти.<br><br>Создадена ″Агенција за борба против дрогата″ | Разгледан нацрт закон и подготвен до крајот на 2002 година<br>Разгледани нацрт закони до средината на 2003 година<br>АБПД оперативна во вториот семестар на 2003 година | Текст на законот<br><br>Текст на законот<br><br>Отворени канцеларии на АБПД и вработени луѓе во вториот семестар на 2003 година | Вопоставена техничка помош потребна за поддршка на изготвувањето на текстовите<br>Вопоставена техничка помош потребна за поддршка на изготвувањето на текстовите<br>Политичка волја за основање на АБПД |
| Влезни елементи | Мерливи индикатори | Начин на верификација | Претпоставки |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Техничка помош / меѓународна експертиза. | Потпишани договори за ТП до средината на 2002 година | Договори со експерти; Физичко присуство на експерти | Достапност до експертите во временскиот период на изготвување / ревизија на легислативата. |